Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

---

# ШЕСТИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА
# ЕВРОПСКАТА СОЦИЈАЛНА ПОВЕЛБА

**поднесен од страна на**

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**(за референтниот период: 2008-2011)**

**( за членовите 11, 12 и 13 )**

---

Скопје, декември 2012 година

## С О Д Р Ж И Н А

***ПРЕДГОВОР*** ... ***4***

***ЧЛЕН 11 - Право на заштита на здравјето*** ... ***6***

*Член 11§1* ... 6

*Член 11§2* ... *29*

*Член 11§3* ... *45*

***ЧЛЕН 12 - Право на социјална сигурност*** ... ***82***

*Член 12§1* ... *82*

*Член 12§2* ... *107*

*Член 12§3* ... *111*

*Член 12§4* ... *115*

***ЧЛЕН 13 – Право на социјална и здравствена помош*** ... ***119***

*Член 13§1* ... *119*

*Член 13§2* ... *157*

*Член 13§3* ... *162*

*Член 13§4* ... *165*

ПРЕДГОВОР

Република Македонија го поднесува својот шести Извештај за имплементацијата на ратификуваните одредби од Европската Социјална Повелба (1961), во согласност со *членот 21* од Повелбата.

Извештајот е подготвен согласно новиот систем на известување, усвоен од страна на *Комитетот на министри* на Советот на Европа, кој се применува од 31 октомври 2007 година.

Овој Извештај ги опфаќа одредбите од Европската Социјална Повелба кои припаѓаат на *втората тематска група* (здравје, социјална сигурност и социјална заштита) и тоа членовите 11, 12 и 13 ратификувани од страна на Република Македонија, за референтниот период 2008-2011 година.

Во согласност со членот 23 од Европската Социјална Повелба, копии од подготвениот Извештај се доставени до релевантните национални организации на работодавачи и синдикати и тоа до:

- *Сојузот на Синдикатите на Македонија;*
- *Конфедерација на слободни синдикати на Македонија;*
- *Организација на работодавачи на Македонија.*

## ЧЛЕН 11 - Право на заштита на здравјето

**Член 11§1**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на здравјето, страните договорнички се обврзуваат, непосредно или во соработка со јавните или приватните организации, да преземат соодветни мерки кои имаат за цел меѓу другото да ги отстранат, колку што е можно, причините за слабото здравје.

Уставот на Република Македонија гарантира универзален пристап за здравствена заштита на сите граѓани во Република Македонија.
Законот за здравствена заштита, како и Законот за здравствено осигурување обезбедуваат еднаквост во пристапот до здравствените установи почитувајќи го правото на еднаквост на сите граѓани на Република Македонија.
Правото на здравствена заштита, согласно член 5 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на РМ" бр.65/12-пречистен текст) е подеднакво загарантирано за граѓаните на Република Македонија како и за странските државјани кои легално живеат и работат во Република Македонија. Имено, задолжително здравствено осигурани се странците кои на територијата на Република Македонија се во работен однос или служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва, ако со меѓународен договор поинаку не е определено како и странците кои се наоѓаат школување или стручно усовршување во Република Македонија ако со меѓународен договор поинаку не е определено.

Согласно Законот за здравственото осигурување пристапот до здравствената заштита е загарантиран за:

- привремено невработените лица додека примаат паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност;
- корисниците на пензија и надоместок на плата според прописите на пензиското и инвалидското осигурување;
- лицата корисници на постојана парична помош;
- лица со статус на признаен бегалец;
- лица под супсидијарна заштита;
- лица сместени во згрижувачко семејство;
- лица сместени во установа за социјална заштита (за институционална и вонинституционална заштита);
- корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице;
- лица кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користат социјална парична помош;

- лица-жртви на семејно насилство за кои се превзема мерка на заштита согласно законот за семејство; и
- лица опфатени со организирано самостојно живеење со поддршка.

Согласно **Законот за здравствена заштита**, здравствената заштита се засновува на единство на превентивните, дијагностичко-терапевтските и рехабилитационите мерки и врз начелата на достапност, рационалност и континуираност, како и врз современите и потврдените достигнувања на медицинските и други науки и на етиката на здравствените работници. Тој ги вклучува основите на системот за здравствено осигурување, правата и одговорностите на давателите на здравствените услуги, организациската структура и искористувањето на ресурсите на здравствената заштита.
Здравствената дејност се врши во здравствени установи, кои согласно законот, можат да се основаат како јавни (основани од Владата на Република Македонија), мешовити (основани од домашни физички и правни лица). Сите здравствени установи се основаат под еднакви услови и без ограничување можат да ја вршат дејноста за која се основани, односно здравствени установи можат да се основаат за вршење на здравствена дејност во сите три нивоа на здравствена заштита, доколку се обезбедени условите во однос на просторот, опремата и кадарот, што е регулирано со посебен подзаконски акт.
Според Законот во нашиот систем постојат следните видови здравствени установи: ординација, поликлиника, дијагностичка лабораторија, заботехничка лабораторија, центар за итна медицинска помош, центар за ментално здравје, клиничка болница, здравствена станица, здравствен дом, болница (општа и специјална), завод, институт, клиника, универзитетски клинички центар, центар за јавно здравје и аптека.

Областа на здравствената заштита во Република Македонија, покрај со основниот Закон за здравствена заштита, е регулирана и со голем број други закони и подзаконски акти (од областа на заштитата од заразни болести, безбедноста на крвта, јавното здравје, заштитата на правата на пациентите, трансплантацијата на органи и ткива, биомедицински потпомогнатото оплодување, менталното здравје, евиденции во здравството, лекови и др.).
Во областите со развиено Aquis, како на пример безбедност на крв, ткива и клетки, заразни болести, контрола на тутун, одредбите се транспонирани во националното законодавство. Во останатите области, националното законодавство ги следи европските препораки и политики.

Во согласност со Здравствената стратегија до 2020, а во интерес на подобрување и унапредување на јавното здравје, здравствената политика е усмерена кон приоритетите: подигање на квалитетот на здравствените услуги на сите нивоа, јакнење на примарната здравствена заштита и превентивата и воспоставување стабилен систем за финансирање на здравствената заштита за сите граѓани базиран на приниципите на взаемност, еднаквост и солидарност.

Развојот на специфичните области од јавното здравје е воден од поспецифични и сѐопфатни стратешки и оперативни документи

Со оглед на тоа што здравјето е фактор кој влијае на социјалната положба на населението и е услов за економски развој на државата, Владата го прифати пристапот “здравјето во сите политики“, и останува доследна на барањата од поголемо ангажирање на другите сектори во врска со јавно здравствените проблеми во специфичната област (животна средина, транспорт и врски, социјални работи, образование, спорт и млади и др.) при подготовката на секторските политики и законодавството. Воспоставени се и функционираат мултисекторски комитети кои работат на мултидисциплинерните прашања (семејно насилство, заштита на деца, ментално здравје, итни состојби и др.) Во законодавната постапка за усвојување на закон задолжително е формалното мислење на останатите релевантни сектори во меѓу ресорските и мултидисциплинарните прашања (животна средина, социјална заштита, здравствена заштита, јавно здравје и др.)

Усвоени стратегии и Акциони планови:

1. Национална стратегија за ХИВ/СИДА 2007-2011;
2. Национална стратегија за контрола на туберкулоза (2007-2012);
3. План за подготовка и одговор на здравствениот систем при вонредни/кризни состојби во Република Македониај (2009);
4. Стратегијата за незаразни болести (2009;)
5. Втор акциски план за храна и исхрана (2010);
6. Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје (2010);
7. Стратегија за безбедно мајчинство (2010);
8. Стратегија за адаптација на здравствениот сектор кон климатските промени и Акционен план (2010);
9. Национална стратегија за контрола на антимикробна резистенција (2011);
10. Стратешка рамка за Подобрување на здравствениот и социјалниот статус на Ромите во Република Македонија преку воведување на Ромски здравствени медијатори ( 2011.)

Извештаи и други анализи што се основа за подготовка на стратешки и други документи:

1. Стратешка проценка на политиката, квалитетот и пристапот до контрацепција и абортус во Република Македонија (2008);
2. Извештај на Република Македонија за напредокот во остварувањето на милениумските развојни цели, 2009;
3. Годишни извештаи на Институтот за јавно здравје (2008,2009, 2010, 2011);

4. Глобално истражување на употребата на тутунот кај младите во 2008 година (GYTS);
5. Анализа на болнички морбидитет во Република Македонија, 2008 и 2009;
6. Деца со пречки во развојот во РМ-Анализа (2010);
7. Европска дата база Health for All (HFA-DB) [online database]. Копенхаген, СЗО Регионална канцеларија за Европа;
8. Годишни извештаи за работењето на Фондот за здравствено осигурување.

Интерсекторски документи (имплементација на политиката на ЕУ "Здравјето во сите политики"

1. Национален акционен план за заштита на децата (2006-2015);
2. Национална стратегија за Ромите во Република Македонија (2005)-Декада на Ромите;
3. Национална стратегија за безбедност и здравје при работа со АП (2011);
4. Националната стратегија за изедначување на правата на лица со инвалидност (Ревидирана) 2010-2018 и Оперативен план за спроведување на активности;
5. Национален акциски план за нелегална трговија со луѓе и нелегална миграција во Република Македонија;
6. Националната Стратегија на РМ за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014 со Акционен план за здравство;
7. Стратегијата за превенција на семејно насилство и реализирани се активностите предвидени со овој Акционен План (во сегментот јавно здравје);
8. Стратегија за демографски развој на РМ ( 2008-2015);
9. Национална стратегија за млади (2005-2015);
10. Национален акционен план за родова еднаквост 2007-2012

Проекти во чии рамки се утврдени/се утврдуваат стратешките насоки за развој на здравството

Проектот за воспоставување на Системот за рано откривање и известување (АЛЕРТ) е завршен и системот е воведен во целата земјата и е оперативен.

Преку програмите на Глобален фонд за ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија континуирано се одвиваат Програмата за контрола на ХИВ/СИДА и Програмата за контрола на туберкулоза.

Стратегијата за развој на интегриран здравствен информатички систем (2006-2012), се имплементира преку реализација на Проекти за информатизација на здравството, воспоставување на Интегриран здравствен информатички систем (ИЗИС) и Имплементација на Систем за електронски здравствени картички (СЕЗК).

Согласно Законот за здравствена заштита секоја година се усвојуваат буџетски финансирани јавно здравствени програми :

1. Национална програма за јавно здравје преку која се обезбедуваат средства за спроведување на мерки за проценка на здравствено–еколошкиот ризик поврзан со квалитетот на водите за пиење, површинските води, квалитетот на воздухот, хемиските контаминенти во храната, бучавата во животната средина, проценка на здравствено-еколошкиот ризик од јонизирачкото зрачење (надворешно гама зрачење, зрачење на воздух, вода, почва, јонизирачко зрачење на храна), ризици од присуство на резидуи од пестициди, тешки метали, мерки за превенција, рано откривање и сузбивање на заразни болести, мерки за превенирање на ризик фактори за појава на незаразни болести, здравствени статистички податоци и едукација на населението, за безедноста и здравјето на работа за невработените и земјоделците;
2. Програма за систематски преглед на ученици и студенти преку која се обезбедуваат средства за активности за периодични бесплатни систематски прегледи на ученици и студенти заради навремено откривање на деформитети и други болести;
3. Програма за задолжителна имунизација на населението со која за сите деца на возраст од 0-18 години се обезбедуваат потребните вакцини согласно календарот за имунизација;
4. Програма за активна здравствена заштита на мајки и деца која содржи активности за превентивни прегледи кај бремени жени, доилки и доенчиња и подготовка на соодветни едукативни материјали. Со програмата се обезбедуваат бесплатни здравствени прегледи на бремените жени и малите деца;
5. Програма за организирање и унапредување на крводарителството со мерки насочени кон обезбедување на доволни количини на безбедна крв за целото население;
6. Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА која содржи акивности за рано откривање и третман на пациенти со ХИВ/СИДА;
7. Програма за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето со активности за едукација на населението за мерките за превенција од оваа болест, како и за навремено тестирање и откривање на лица заболени од бруцелоза од ризични групи;
8. Програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението со активности за рано отркивање на туберкулоза кај ризични групи и едукација на населението за превентивните мерки;
9. Програма за рана детекција на малигни заболувања со активности за пилот скрининг на рак на матка, рак на дојка и рак на дебелото црево;
10. Програма "Здравје за сите" со активности за превентивни здравствени прегледи на целото население (проверка на крвен притисок, висина, тежина,

шеќер и масноти во крв) и дистрибуција на брошури за здрав живот и здрава исхрана;

11. Програма за здравствена заштита на лица со душевни болести со која се обезбедуваат средства за лекување на лица со душевни болести;
12. Програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности преку која се спроведуваат активности за лекување на лица зависници од опојни droги и алкохол;
13. Програма за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија со која се обезбедуваат средства за лекување на болните од наведените болести;
14. Прорама за обезбедување на инсулин за инсулино-зависни пациенти со која се обезбедуваат средства за набавка на инсулин за пациентите во РМ;
15. Програма за лекување на ретки болести со која се обезбедуваат средства за лекување на пациенти со ретки болести во РМ;
16. Програма за партиципација при користењето на здравствената заштита на одделни заразни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата со која се ослободуваат од париципација при користење на здравствени услуги, лица заболени од одредени заразни и други тешки заболувања, родилки и новороденчиња;
17. Програма за целосно здравствено осигурување и здравствена заштита на граѓаните на РМ со која се обезбедуваат средства за здравствено осигурување на неосигурените лица во РМ.

Буџетот за спроведување на јавно здравствените програми расте и во 2011 година изнесува околу 1.273.000.000,00 денар ( ~20.7 мил. ЕУР)за разлика од 2008 година кога изнесувал околу 600 милиони денари (~9,7 мил ЕУР).

*Инвестиции во здравството*

Заради подобрување на квалитетот на здравствената заштита и условите за престој во здравствените институции, Министерството за здравство набави нова современа медицинска опрема вредна 68 милиони евра за Јавните здравствени установи (ЈЗУ). Во тек е имплементацијата на проектот за доградба и реконструкција на здравствените установи, а завршена е и изградбата на 17 нови амбуланти во руралните средини каде досега немало здравствена установа.

Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ) е надлежен за контрола на спроведувањето на обемното здравствено законодавство.

**Годишен извештај за спроведени надзори на ДСЗИ за 2008 година**

| Објекти кои подлежат на санитарно-хигиенски и здравствен надзор | Контроли | Донесени решенија | Поднесени барања за поведување. на прекршочна постапка |
|---|---|---|---|
| Образовни, социјални и детски установи | 1212 | 575 | 35 |
| Државни здравствени установи | 1298, Земени вкупно 347 брисеви | 582 | 165 |
| Приватни здравствени установи | 4529 , Земени вкупно 285 брисеви | 894 | 37 |
| Угостителски објекти (сместувачки капацитети и пропратни содржини) | 265 | 79 | 7 |
| Производство и промет на козметички производи, детски играчки, предмети за општа употреба | 539 | 255 | 3 |
| Објекти за давање хигиенска нега на населението (фризерници, берберници, козметички салони, фитнес салони и други слични објекти) | 447 | 163 | 6 |
| Рекреативни центри - базени, површински води | 100, Земени 192 мостри за испитување на безбедноста на водата | 51 | |
| Комунални објекти, депонии | 36 | 15 | 1 |
| Останати објекти | 449 | 153 | 46 |
| В к у п н о | 8875 | 2767 | 300 |
| Заштита од пушење | 710 | | |
| Контрола на вакцинација | 173 | | |
| Управување со медицински отпад | 679 | | |

Извор: Државен санитарен и здравствен инспекторат

**Годишен извештај за спроведени надзори на ДСЗИ за 2009 година**

| Објекти кои подлежат на санитарно-хигиенски и здравствен надзор | Контроли | Донесени решенија | Поднесени барања за поведување. на прекршочна постапка |
|---|---|---|---|
| Образовни, социјални и детски установи | 2144 | 1422 | 13 |
| Државни здравствени установи | 1450<br>Земени вкупно 347 брисеви | 650 | 34 |
| Приватни здравствени установи | 2418<br>Земени вкупно 285 брисеви | 836 | 12 |
| Угостителски објекти (сместувачки капацитети и пропратни содржини) | 255 | 161 | 2 |
| Производство и промет на козметички производи, детски играчки, предмети за општа употреба | 498 | 186 | / |
| Објекти за давање хигиенска нега на населението (фризерници, берберници, козметички салони, фитнес салони и други слични објекти) | 538 | 235 | 4 |
| Рекреативни центри - базени, површински води | 60,<br>Земени 192 мостри за испитување на безбедноста на водата | 25 | / |
| Комунални објекти, депонии | 25 | 10 | 1 |
| Останати објекти | 394 | 311 | 19 |
| В к у п н о | 7782 | 3836 | 85 |
| Заштита од пушење | 1184 | | |
| Контрола на вакцинација | 151 | 72 | 89 |
| Управување со медицински отпад | 472 | 241 | |

Извор: Државен санитарен и здравствен инспекторат

**Годишен извештај за спроведени надзори на ДСЗИ за 2010 и 2011 година**

| | 2010 | | | 2011 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Објекти кои подлежат на санитарно-хигиенски и здравствен надзор** | **Контроли** | **Донесени решенија** | **Поднесени барања за поведу-вање на прекршочна постапка** | **Контроли** | **Донесени решенија** | **Поднесени барања за поведу-вање на прекршочна постапка** |
| Образовни, социјални и детски установи | 1291 | 635 | 8 | 1893 | 1414 | 10 |
| Државни здравствени установи | 1936 Земени вкупно 1187 брисеви | 578 | 30 | 2326 Земени вкупно 932 брисеви | 494 | 209 |
| Приватни здравствени установи | 2347 Земени вкупно 238 брисеви | 461 | 10 | 1571 Земени вкупно 293 брисеви | 325 | 1 |
| Угостителски објекти (сместувачки капацитети и пропратни содржини) | 190 | 76 | / | 190 | 49 | 1 |
| Производство и промет на козметички производи, детски играчки, предмети за општа употреба | 460 Земени вкупно 142 мостри за анлаиза од промет и 32 од производство | 220 | / | 269 | 68 | / |
| Објекти за давање хигиенска нега на населението (фризерници, берберници, козметички салони, фитнес салони и други слични објекти) | 554 | 230 | / | 378 | 159 | 2 |
| Рекреативни центри - базени, површински води | 50, Земени 344 мостри за испитување на безбедноста на водата | 48 | / | 100 | 45 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Комунални објекти, депонии | 28 | 18 | 1 | 482 | 207 | / |
| Останати објекти | 246 | 108 | 14 | / | / | / |
| В к у п н о | 7102 | 2378 | 64 | 7290 | 2833 | 223 |
| Заштита од пушење | 1279 | | | 1232 | | |
| Контрола на вакцинација | 160 | 75 | 8 | 431 | / | / |
| Управување со медицински отпад | 191 | 191 | / | 1086 | / | / |

Извор: Државен санитарен и здравствен инспекторат

Во Република Македонија превентивната здравствена заштита е организирана преку мрежата на Институтот за јавно здравје, 10 центри за јавно здравје, Институтот за медицина на труд, превентивните тимови во рамките на 34 здравствени домови, Заводот за здравствена заштита на мајки и деца и заводите за ментално здравје во Скопје и Битола. Болничката дејност се спроведува во 29 универзитетски клиники, 1 Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија, 4 клинички болници, 14 општи болници, 13 специјални болници, 6 заводи-центри за рехабилитација и бања, 9 породилишта. Здравствената заштита ја спроведуваат и 12 институти при Медицинскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, Универзитетскиот стоматолошки центар со 7 клиники, Институтот за трансфузиона медицина, 124 лаборатории и 877 аптеки

Територијалната распределба на мрежата на јавно здравствените установи во Република Македонија е дадена подолу:



Вкупно има 9339 постели, или 4,6 постели на 1000 жители, од кои 276 во приватните болници или 3,5%. Во оптштите болници има вкупно 3933 постели или 2 постели на 1000 жители, пришто 54,2% се интернистички, а останатите припаѓаат на хируршката група на постели. 273 постели се распределени во 37 дневни болници кои функционираат во рамките на болниците во државата. Од вкупниот број на постели, 2/3 или 6561 се за краткотрајна хоспитализација на болни со акутни состојби. Останатите се за долготрајна хоспитализација, од кои 1163 постели се наменети за болни со душевни болести, состојби и нарушувања во обноските.
По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Европскиот комитет за социјални права, а во врска со условите за престој во психијатриските установи[1], информираме дека со цел подобрување на условите за здравствена заштита во психијатриските болници во Република Македонија, во првата фаза од Проектот за реконструкција и доградба на Јавните здравствени установи во Република Македонија е предвидена реконструкцијата на психијатриските болници. Средствата за реализација на проектот се обезбедени преку Банката за развој на Советот на Европа:

- за реконструкција на Психијатриска Болница "Скопје", Бардовци, (реконструкција на 2 павиљона) предвидени се околу 134 милиони денари (околу 2,2 милиони ЕУР). Активностите започнаа во декември 2010 и досега се завршени околу 35% од вкупните работи;
- за реконструкција во Психијатриска болница Негорци Гевгелија, (реконструкција и доградба на женски павиљон Ц, кујна и трпезарија) се обезбедени околу 13 милиони денари (~ 211 000 евра). Реконструкцијата и доградбата се завршени;
- Реконструкцијата на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар ќе се одвива во втората и третата фаза на проектот кои се очекува да започнат следната година.

Во текот на 2010 година со сопствени средства извршена е реконструкција на 2 одделенија во болницата во Демир Хисар (женско хронично и геријатриско) заради подобрување на условите за престој на пациентите, за што средства беа обезбедени од буџетот на болницата.

ДСЗИ врши редовна контрола на санитарно хигиенските услови во здравствените установи, а по потреба се вршат и вонредни контроли во здравствените установи. Во случај кога е утврдено отстапување од утврдените стандарди, се донесуваат решенија за одстранување на недостатоците и се врши контролен надзор. Во случај на опасност по здравјето на луѓето, инспекторите се овластени да го затворат објектот и да поднесат соодветни барања за казнување на установата.

Во здравствениот систем, покрај јавните, функционираат и околу 4000 приватни здравствени установи, од кои најголем дел се општи медицински и стоматолошки

[1] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 8

ординации, како и специјалистички ординации од сите гранки на медицината и стоматологијата), поликлиники од примарната и специјалистичко консултативната здравствена дејност, а постојат и околу 150 биохемиски и микробиолошки лаборатории. Сè поголем е трендот на основање на приватни здравствени установи од повисоките нивоа.

Здравствениот кадар е стручно подготвен и ги следи современите текови во медицинските и други науки, а исто така се следи и развојот на информатичката и друга технологија.

| Здравствени човечки ресурси во здравствената служба во РМ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** |
| **Број на доктори (ВКУПНО)** | **5364** | **5364** | **5541** | **5645** |
| - број на доктори на 1,000 жители | 2,62 | 2,62 | 2,70 | 2,74 |
| **Број на стоматолози (ВКУПНО)** | **1383** | **1425** | **1599** | **1622** |
| - број на стоматолози на 1,000 жители | 0,68 | 0,69 | 0,78 | 0,79 |
| **Број на фармацевти (ВКУПНО)** | **649** | **680** | **692** | **782** |
| - број на фармацевти на 1,000 жители | 0,32 | 0,33 | 0,34 | 0,38 |
| **Број на медицински сестри (ВКУПНО)** | **7034** | **7249** | **7463** | **7485** |
| - број на медицински сестри на 1,000 жители | 3,44 | 3,53 | 3,63 | 3,64 |
| **Број на акушерки (ВКУПНО)** | **1250** | **1219** | **1218** | **1199** |
| - број на акушерки на 1,000 жители | 0,61 | 0,59 | 0,59 | 0,58 |

Извор: Институт за јавно здравје

**Животен век и основни причини за смрт**

| **Индикатори** | **2007-2010** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Очекувано траење на живот (ВКУПНО)** | **74,17** | **74,58** | | |
| Очекувано траење на живот (МАШКИ) | 72,12 | 72,50 | | |
| Очекувано траење на живот (ЖЕНСКИ) | 76,29 | 76,73 | | |
| | | | | |
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** |
| **Стапка на смртност на доенчиња** / 1,000 живородени | 9,7 | 11,7 | 7,6 | 7,6 |
| **Перинатална стапка на смртност** / 1,000 живородени | 14,6 | 16,4 | 12,6 | 12,3 |

Извор: Институт за јавно здравје на Република Македонија

Главни хронични заболувања во земјата и воедно водечки причини за смртност во Република Македонија остануваат кардиоваскуларните болести, малигните неоплазми и респираторните заболувања.

| Болнички морбидитет во Република Македонија според групи на болести за период 2008-2011 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Заболувања | | Морбидитет на 10000 жители | | | |
| | | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| I. | Инфективни и паразитарни болести (A00-B99) | 50,15 | 46,28 | 41,5 | 41,6 |
| II. | Неоплазми (C00-D48) | 141,71 | 154,13 | 162,1 | 164,4 |
| III. | Болести на крвотворни органи и пореметување на имунитетот (D50-D89) | 13,51 | 14,32 | 16,3 | 18,8 |
| IV. | Ендокрини, нутритивни и болести на метаболизмот (E00-E88) | 24,06 | 22,48 | 16,3 | 18,8 |
| V. | Душевни растројства и растројства на обноските (F00-F99) | 36,94 | 34,41 | 35,4 | 34,2 |
| VI. | Болести на нервниот систем (G00-G98) | 22,13 | 22,26 | 23,1 | 23,9 |
| VII. | Болести на окото и аднексите (H00-H59) | 26,57 | 28,95 | 26,3 | 23,0 |
| VIII | Болести на увото и мастоидниот израсток (H60-H95) | 10,71 | 12,96 | 8,7 | 8,9 |
| IX. | Болести на циркулаторниот систем (I00-I99) | 158,53 | 155,32 | 172,2 | 185,2 |
| X. | Болести на респираторниот систем (J00-J98) | 182,00 | 183,56 | 186,4 | 203,4 |
| XI. | Болести на дигестивниот систем (K00-K92) | 111,17 | 115,74 | 121,4 | 111,7 |
| XII. | Болести на кожа и поткожно ткиво (L00-L99) | 15,45 | 15,99 | 19,8 | 19,6 |
| XIII. | Болести на мускулноскелетниот систем и сврзното ткиво (M00-M99) | 47,07 | 49,31 | 50,8 | 54,2 |
| XIV | Болести на генитоурираниот систем (N00-N98) | 91,63 | 85,45 | 92,1 | 95,2 |
| XV. | Бременост, породување и пуерпериум (O00-O99) | 143,40 | 143,70 | 288,2 | 255,2 |
| XVI | Состојби во перинатален период (P00-P96) | 433,80 | 529,00 | 506,4 | 426,2 |
| XVII. | Конгенитални малформации, деформации и хромозомски енормалности (Q00-Q99) | 9,78 | 10,10 | 10,00 | 9,6 |
| XVIII. | Сипмтоми, знаци и ненормални клинички и лабораторски наоди некласифицирани на други места (R00-R99) | 25,16 | 22,05 | 26,4 | 26,1 |
| XIX. | Повреди, труења и други последици од надворешни причини (S00-T98) | 39,70 | 36,18 | 66,5 | 62,9 |
| XX. | Надворешни причини за морбидитет и морталитет (V01-Y98) | 29,32 | 30,00 | | |
| XXI. | Фактори што влијаат на здраствена состојба и контакт со здравствена служба (Z00-Z99) | 35,39 | 45,08 | 38,5 | 40,9 |

Извор: Републички завод за здравствена заштита

Врз основа на податоците содржани во документот „Здравето и здравствената заштита на населението во РМ 2011“, подготвен од Институтот за јавно здравје на Република Македонија (ИЈЗ) се истакнува дека најчести ризик фактори за појава на кардиоваскуларни заболувања се високиот крвен притисок, тутунот, алкохолот, зголемениот холестерол во крвта, прекумерната телесна тежина, намален внес на овошје и зеленчук, физичка неактивност. Експозиција на ризик факторите и стилот на живот се ризик фактори за појава на кардиоваскуларни заболувања, а истите се општи ризик фактори и за појава на малигните неоплазми.

**Превземени мерки**

Во рамките на превентивните активности кај матичните лекари воведени се превентивни цели и активности со цел откривање на кардиоваскуларни заболувања, астма, рак на простата, рак на дојка во почетна фаза кај пациенти со ризик.

Во рамките на превентивните програми на Министерството за здравство финансирани од Буџетот на Република Македонија постои програма за скрининг на малигни заболувања со три компоненти: скрининг на дојка, колоректален скрининг и скрининг на карцином на грло на матка (ПАП тест) и дополнително матичните гинеколзи согласно дефинираните превентивни цели/активности спроведуваат превенитвен скрининг за 25% од своите пациенти.

Согласно „Националната програма за јавно здравје“, која се изработува секоја година, во делот од активностите промоција на здравје, 10-те Центри за јавно здравје и Институтот за јавно здравје на РМ спроведуваат едукации, трибини, промоции на здравјето за населението на теми:

- превенција на акутни и хронични незаразни болести;
- исхрана и здравје-здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана;
- здравствениот бенефит од спроведување на редовна физичка активност.

По завршувањето на активностите утврдени со Акциониот план за храна и исхрана на Република Македонија со важност од 2004 до 2008 година, донесен е Вториот Акционен План за храна и исхрана во Република Македонија (2009-2014) кој има за цел да ги истакне главните предизвици на јавното здравје од обласна на исхрана, безбедност на храна и сигурното снабдување со храна, соочувајќи се со незаразните заболувања поврзани со исхраната, особено со обезитас, дефицит на микронутриенси и болести поврзани со храната. Активностите од акцискиот план кои се однесуваат на проценка на нутритивниот статус кај предучилишни и училишни деца заради рано откривање на ризик фактори за кардиоваскуларни заболувања поврзани со навиките за исхрана кај децата се имплементриаат преку Националната програма за јавно здравје.

Интегралните политики и програми за исхрана, безбедноста на храната и сигурното снабдување со храна ќе дадат максимални резултати на јавното здравје преку истовремено истакнување на опасностите поврзани со консумација на храна

(несоодветен внес на храна, дијареа предизвикана со храна или вода) и проценка на ризиците и бенефитите од консумација на постојните и новите прехранбени производи (нутриенси и контаминенти).
Акциониот план има за цел да ги хармонизира активностите и да промовира синергизам во употребата на ресурсите на национално ниво.
Институтот за јавно здравје на РМ (ИЈЗРМ) се стреми кон достигнување на следните цели, промовирани во Вториот Акционен План  за храна и исхрана во Република Македонија, и тоа:

- да се намали преваленцата на незаразните заболувања поврзани со исхраната;
- да го намали трендот на обезитас кај децата и адолесцентите;
- да ја намали преваленцата на болести заради дефицит на микронутриенси;
- да ја намали инциденцата на болести поврзани со храна.

**Смртност на доенчиња и мајки**
Стапките на морталитет кај доенчињата и малите деца постојано се намалуваат, а структурата на умрените доенчиња според причина за смрт се карактеризира со модел кој се забележува во развиените земји од европскиот регион. Како во РМ, така и во земјите на ОЕЦД, конгениталните малформации и перинаталните причини се водечки причини за смрт на доенчињата.[2]

| **Основни индикатори за здравјето на мајките и децата во Република Македонија** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Индикатор** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **Прогрес 2008-2011** |
| Број на живородени деца | 22945 | 23684 | 24296 | 22770 | |
| Матернална смртност (на 100.000 живородени) | - | 4,2 | 8,2 | 4.1 | |
| Перинатална смртност (на 1000 родени) | 14,6 | 16,4 | 12,6 | 12.3 | |
| Доенечка смртност (на 1000 живородени) | 9,7 | 11,7 | 7,6 | 7.5 | |
| Смртност на деца под 5 години (на 1000 живородени) | 10,9 | 13,3 | 8,3 | 8.6 | |
| Стапка на живородени со ТТ под 2500 грама | 7,2 | 8 | 7,8 | 7.0 | |

Извор: Информација за здравјето на мајките и децата во Република Македонија во 2011 година, Завод за здравствена заштита на мајки и деца, Скопје, октомври 2012

[2] Организација за економска соработка и развој (ОЕСР) (2007), *Преглед на здравството 2007: Индикатори на ОЕСР*

Во Република Македонија стапката на доеначката смртност има тенденција на опаѓање и во 2011 година изнесуваше 7,5 на 1000 живородени. Во 2011 година повторно најчести причини за доенечка смртност (од 0-12 месеци) беа перинаталните причини (55,2%) и конгениталните аномалии (15,1%).
По региони, во 2011 година највисока стапка на доеначка смртност има Скопскиот регион (9,2‰) а најниска во Југоисточниот регион (1.7‰). Стапката на смртност на доенчиња кај мајките со непотполно или завршено само основно образование е над 10‰, додека кај мајките со високо образование стапката изнесува 2.4‰. Возрасниот модел на доеначката смртност е во корелација и со причините поради кои умираат доенчињата во Република Македонија. Во 2011 година повторно најчести причини за доенечка смртност (од 0-12 месеци) се перинаталните причини (55,2%) и конгениталните аномалии (15,1%). Од вкупно 172 умрени доенчиња, 166 или 96.5% биле лекувани пред смрт. Во структурата на умрени доенчиња според причини за смрт доминираат перинаталните причини и конгениталните заболувања. Во 2011 година зголемено е учеството на умрени доенчиња од пневмонии и инфекции како и недефинирани состојби, иако скоро сите биле лекувани пред смрт.

Заради надминување на сосотојбата, Министерството за здравство во соработка со УНИЦЕФ подготви проект "Воспоставување на интегриран систем за подобрување на заштита на здравјето на мајката и детето во Република Македонија" која се фокусира на постигнување на сѐопфатен пристап во сите фази на заштита на здравјето на мајки и деца. Финансирањето на проектот е одобрено од Холандската Влада преку ОРИО програмата.

Здравје на бремени жени и деца

Водечки документи со кои се уредува оваа област се Законот за здравствена заштита и Стратегијата за безбедно мајчинство која се имплементира преку активности утврдени во Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца насочени кон намалување на морталитетот и морбидитетот кај бремените жени и доенчињата.

Здравствениот сектор во РМ има долга традиција во промоција на здравјето на децата и жените во репродуктивен период. Република Македонија, во овој сегмент покажува значителен прогрес вклучувајќи го слободниот пристап до примарна здравствена заштита и пристап до сервисите кои обезбедуваат пренатална здравствена заштита, заштита на новороденчињата и жените во репродуктивен период. Превенција на заразните заболувања се обезбедува со висок опфат со имунизација и постојано осовременување на имунизациските програми преку постепено вклучување на нови вакцини користејќи ги најсовремените медицински технологии во овој домен. Се практикуваат теренски активности за откривање и вакцинирање на невакцинирани деца, така што за време на Европската недела на имунизација во април 2011 година, која беше одбележана со едукативна кампања, беа спроведени теренски активности при што беа откриени и вакцинирани околу 150 деца најголем дел од ромска националност. Од друга страна дијареалните и респираторните заболувања кај доенчињата и малите деца постојано се намалуваат

и успешно се лекуваат во рамките за здравствениот сектор користејќи современи медицински протоколи.

Превентивни активности и здравствени услуги во насока на унапредување на здравјето на децата од 0-6 години, насочени кон мониторирање на растот и развојот и заштита од заразни заболувања се спроведуваат континуирано преку работата на превентивните тимови и поддршка на семејствата со мали деца за промоција на здравјето преку патронажната служба, и реализација на превентивните цели/активности кај избран матичен лекар со цел следење на правилен раст и развој преку: превентивни прегледи на деца до 30 дена, откривање на анемија до 12 месеци , обезитас и рамно стопало до 6 години.

Здравствената заштита и лекувањето на болните деца се спроведува преку:

- работата на матичните лекар;,
- активностите од годишната програма за систематски прегледи со која секоја година се спроведуваат превентивни систематски прегледи на доенчиња од страна на превентивните тимови и тоа 3 прегледи по доенче во 3, 6 и 9 месец, како и превентивни систематски прегледи кај деца во 2 и 4 година;
- посетите од страна на Патронажната служба. Патронажните посети се вршат кај доенчиња - во новороденечкиот период, на возраст од 4, 7 и во 12 месец, како и дополнителни 2 патронажни посети на семејства со висок социјален и здравствен ризик и на семејства во ромски заедници, патронажни посети на леунки и новородени (по 2 патронажни посети), а кај породени во домашни услови и леунки од социјално ранливи групи на семејства и ромски семејства и повеќе посети, предвидени со превентивната програма на Министерството за здравство;
- Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца се обезбедуваат средства за вршење на рана детекција на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца и тоа: тиреоиден скрининг кај сите новородени деца во Република Македонија, детектирање на метаболни болести како селективен скрининг по индикација кај деца кои амбулантски и хоспитално се третираат на Клиника за детски болести, скрининг за рано откривање на оштетување на видот кај новороденчињата кои се под здравствен ризик и неонатален скрининг за слух кај новороденчиња;
- спроведување на пренателен скрининг за малформации на кардиоваскуларниот систем, согласно Упатство за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на раната детекција на конгенитални срцеви болести кај новородено дете;
- вршење на скрининг за хематолошки состојби, скрининг за хемоглобинопатии, скрининг за фетални аномалии, скрининг за Даунов синдром, скрининг за инфекции и скрининг за клинички сосотојби, согласно

Упатството за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на антенаталните контроли во бременоста во определени гестациски периоди;

- Програмата за задолжителна имунизација на населението во РМ се обезбедува одржување на висок опфат со редовна имунизација.

Здравствената заштита и лекувањето на болните деца се спроведува преку работата на матичните лекари, кои во 2011 година извршиле вкупно 1.090.881 прегледи кај болни деца и достигнале просек по 1.5 прегледи по дете. Од вкупниот број на болни деца (682.567) кои за првпат се јавиле во ординација, 252.607 или 37% се на возраст под 1 година.

Во текот на 2008 реализирано е:

- регистрирани се вкупно 60959 прегледи на бремени жени, од кои 22029 први посети и достигнат просек од 2,8 посети по бремена. Опфатот на бремени жени со антенатална заштита во Р.Македонија изнесува 96%, од кои 41,7 % се опфатени во првиот триместар од бременоста;
- поливалентната паронажна служба има регистрирано вкупно 23028 патронажни посети на бремени жени со просек од 1.7 посети по бремена;
- стапката на живородени деца со стручна помош е над 99%;
- во постпарталната здравствена заштита, Програмата во 2008 година предвидуваше 2 патронажни посети во текот на леунството. Во 2008 година извршени се вкупно 57322 патронажни посети на леунки и достигнат е просек од 2,9 посети по опфатена жена. Според регистрираните први патронажни посети на леунки, со оваа мерка се опфатени 85% од леунките.
- регистрирани се вкупно 115,188 превентивни прегледи на доенчиња;
- примоимунизациите и ревакцинациите кај децата од предучилишна возраст се извршени со опфат кој е блиску до планираното за овој извештаен период (над 95%);
- регистрирани се вкупно 101.124 патронажни посети кај доенчиња од кои 50.787 се извршени во текот на новороденачкиот период и достигнат просек од 4.4 посети по опфатено доенче;
- во текот на првиот месец од животот на новороденото, ценето преку бројот на првите посети на новородено (16,283), патронажната дејност опфатила само 71.7% од новородените и достигнала просек од 3.1 посети по новородено;
- постигнат висок опфат со примоимунизација (над 95%).

Во текот на 2009 година реализирано е

- патронажни посети кај доенчиња - во новороденечкиот период, на возраст од 4, 7 и во 12 месец,како и дополнителни 2 патронажни посети на семејства со висок социјален и здравствен ризик и на семејства во ромски заедници;

- патронажни посети на леунки и новородени (по 2 патронажни посети), а кај породени во домашни услови и леунки од социјално ранливи групи на семејства и ромски семејства и повеќе посети;
- редовни превентивни прегледи на новороденчиња (на 3,6 и 9 месеци);
- висок опфат со примоимунизација (над 95%).

Во тек на 2010 година реализирано е:

- изготвена првата Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје (СРЗ), каде безбедното мајчинство е едно од стратешките подрачја;
- отворени се и 18 младински центри за СРЗ во рамките на 10-те Институти за јавно здравје и нивните подрачни единици со што се прошири постоечката мрежа на ваквите центри;
- креирана и усвоена првата Стратегија за Безбедно мајчинство со акционен план;
- ажурирани се постоечките протоколи за неонатална заштита;
- испечатени здравствено-промотивни брошури за контрацепција и превенција на сексуално преносливи инфекции намененти за адолесцентната и училишната младина кои се дистрибуира преку младинските центри за СРЗ;
- направени обуки на патронажни сестри за советување за превенција од сексуално преносливи инфекции и за семејно планирање;
- изготвена е Рамка за воведување на Сèопфатно сексуално образование во основните и средните училишта од страна на мултисекторска и мултипрофесионална работна група;
- патронажни посети кај доенчиња - во новороденечкиот период, на возраст од 4, 7 и во 12 месец,како и дополнителни 2 патронажни посети на семејства со висок социјален и здравствен ризик и на семејства во ромски заедници;
- патронажни посети на леунки и новородени (по 2 патронажни посети), а кај породени во домашни услови и леунки од социјално ранливи групи на семејства и ромски семејства и повеќе посети, предвидени со превентивната програма на Министерството за здравство;
- редовни превентивни прегледи на новороденчиња (на 3,6 и 9 месеци);
- висок опфат со примоимунизација (над 95%) со сите вакцини кај доенчињата.

Во текот на 2011 година реализирано е:

- ажурирање на неонаталните протоколи;
- изготвено Упатство за работа при патронажна посета кај доенчиња и мали деца;

- одржани обуки за здравствени работници од превентивна и примарна здравствена заштита за советување за доење и грижа за новороденчето во неонаталниот период;
- одржани работилници наменети за родители од рурални средини и ромски заедници за унапредување на здравјето и развојот на децата, вакцинации и безбедно мајчинство, вакцинации и адолесцентно здравје;
- одржани регионални работилници за здравствени работници - превентивните тимови за унапредувањето на здравјето на децата и мајките како и за рано препознавање на деца родени со ризик;
- одржани регионални работилници за патронажната служба за доење и комплементарна исхрана и за нега на новороденчето во неонаталниот период;
- советување за доење, исхрана, правилен раст и развој во рамките на советувалиштата за деца;
- лекување на доенчето во болнички услови до една година;
- тиреодиен скрининг на сите новороденчиња;
- во болничката заштита во текот на 2011 година се лекувале вкупно 27.323 деца од кои повеќе од половина (54%) биле хоспитализирани во Клиниката за детски болести, Институтот за белодробни заболувања и Клиничката болница во Тетово;
- промоција на светска недела на доење во соработка со невладин сектор (НВО Лулка);
- изготвување на промотивни материјали за родители (брошура за доење и комплементарна исхрана), медиумски настапи на јавно-здравствени работници на тема имунизација, доење;
- превентивни систематски прегледи на доенчиња од страна на превентивните тимови согласно превентивната програма на Министерство за здравство „Програмата за систематски прегледи на деца и адолесценти“ и тоа 3 прегледи по доенче во 3, 6 и 9 месец, како и превентивни систематски прегледи кај деца во 2 и 4 година;
- во 2011 година, превентивните тимови извршиле вкупно 103.836 превентивни прегледи на доенчиња или во просек 4.3 прегледи по доенче. Со превентивни прегледи се опфаќаат сите доенчиња, од кои во првите 2 месеца со посети се опфатени 72%. Патронажната служба со патронажни посети опфатила 84% од новородените со просек од 2.4 посети по новородено;
- патронажни посети кај доенчиња - во новороденечкиот период, на возраст од 4, 7 и во 12 месец,како и дополнителни 2 патронажни посети на семејства со висок социјален и здравствен ризик и на семејства во ромски заедници;

- патронажни посети на леунки и новородени (по 2 патронажни посети), а кај породени во домашни услови и леунки од социјално ранливи групи на семејства и ромски семејства и повеќе посети, предвидени со превентивната програма на Министерството за здравство „Програма за активна здравствена заштита на мајки и деца“, како и спроведување на тиреоиден скрининг кај сите новородени деца во Република Македонија со цел рана детекција на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца;
- одржување на висок опфат со редовна имунизација.

**Смртност на мајки**

Во Државниот завод за статистика не се врши рутинска анализа на причините за матернална смртност по поедничени случаи , туку се шифрираат групно (МКБ Р.00-Р. 99 како група на причини поврзани со бременост, породување и пуерпериум.

**Политика за борба против смртност на новороденчиња и смртност на мајки**

Унапредување на здравјето на мајките претставува интегриран пристап кој ги содржи во себе мерките на планирање на семејството, пренаталната заштита и здравствената заштита во текот на породувањето и леунството. Матерналната смртност е еден од главните индикатори на здравствената состојба на жените во репродуктивен период, но во исто време претставува и индикатор на квалитетот и организацијата на здравствената дејност. Мерењето на стапката на матерналната смртност е комплексен процес и во Република Македонија овој индикатор има осцилаторен тек.

| **Стапка на матернална смртност** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Матернална смртност (на 100.000 живородени) | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| | - | 4,2 | 8,2 | 4.1 |

Извор: Информација за здравјето на мајките и децата во Република Македонија во 2011, Завод за здравствена заштита на мајки и деца, Скопје, октомври 2012

Во 2010 година се донесе **Стратегија за безбедно мајчинство** со која се планирани активности за безбедна бременост, породување и постнатална грижа со кои се очекува намалување на смртноста на мајките и новороденчињата. Со годишната Програма за здравствена заштита на мајки и деца која се носи секоја година, се планирани активности за подобрување на здравствената состојба на мајките и новороденчињата. Активностите набројани погоре во текстот и превземени од страна на државата се активности согласно Стратегијата за безбедно мајчинство и Програмата за здравстевна заштита на мајки и деца и истите се спроведуваат во континуитет со години station наназад.

Некои од активностите како донесување на протоколи за антенатална, перинатална и постнатална здравствена заштита, опремување на породилиштата со современа опрема за следење на бременоста, породување и грижа за ризичните новородени во неонаталниот период (инкубатори), реновирање на голем број на породилишта; упатување на гинеколози на обука за употреба на новата опрема на Клиниката за гинекологија и акушерство;воведување на мајчина книшка се активности планирани во Стратегијата за безбедно мајчинство и спроведени по усвојување на истата.

Породувањата со стручна помош се одржуваат на високо ниво. Породувањето во здравствена установа е усвоен стандард во здравствената заштита и во 2011 година тој процент изнесуваше 99%. При антенаталните прегледи регистрирани се вкупно 4199 патолошки состојби од кои 39% во првиот триместер од бременоста.

Со цел унапредување на здравјето на мајките превземени се следните мерки:

- направена е проценка на породилиштата во Република Македонија во соработка со УНИЦЕФ;
- изготвена и усвоена Стратегија за безбедно мајчинство со акционен план (2010);
- изготвена и усвоена Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје (2010);
- опремување на породилиштата со современа опрема за следење на бременоста, породување и грижа за ризичните новородени во неонаталниот период (инкубатори), реновирање на голем број на породилишта (период 2010-2012);
- упатување на гинеколози на обука за употреба на новата опрема на Клиниката за гинекологија и акушерство;
- секоја жена има право на бесплатно породување, вклучително и оперативно (со царски рез), (партиципацијата ја плаќа Министерството за здравство) според Програмата за партиципација која се носи секоја година;
- ажурирани се постоечките протоколи за антенатална заштита со што тие станаа задолжителни за следење на сите нивоа на здравствена заштита, како и други протоколи кои се однесуваат на следење на бремени жени со некаков вид на ризик (2010);
- континуирани обуки на гинеколозите од примарна здравствена заштита за следење на протоколите (2011);
- обезбедени бесплатни прегледи кај матичен гинеколог во текот на бременоста, вклучително и ЕХО преглед (со исклучок на партиципација за лабораториски прегледи на крв и урина), (континуирано 2008-2012);
- обезбедување на серолошки тест за скрининг на генетски аномалии (трипл и квадри тест) на Гинеколошко-акушерската клника (ГАК) (жената плаќа само партиципација, останатата сума е на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија);

- патронажни посети на бремената жени чиј број е дефиниран во Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца во Република Македонија, која Министерството за здравство ја носи секоја година, според која потребни се во просек две патронажни посети по бремена.

Примарната здравствена заштита на бремените жени ја спроведуваат матичните гинеколози со вкупно 137 лекари или 1 лекар на 3840 жени во репродуктивен период.

Во 2011 година извршени се вкупно 21.181 патронажна посета кај бремени жени или во просек по 1.7 посета по бремена (од планираните 2 посети по бремена жена според Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца). Опфатот на бремените жени со патронажни посети во 2011 година изнесуваше 54%. Патронажната служба, поради својот теренски карактер со своите услуги ги опфаќа и бремените во руралните општини. Во 2011 година со патронажни посети опфатени се 90% од родилките, извршени се вкупно и 55.381 патронажни посети кај леунки или во просек 2.7 посети по леунка. Исто тка, спроведени се:

- обуки на патронажните сестри за грижа за жената во антенаталниот период (според Програма за мајки и деца) (2011);
- изготвување на едукативни материјали за жените и прирачници за здравствени работници (2010 и 2011);
- повторно воведување на мајчина книшка за следење на бременоста која ја пополнува матичниот гинеколог во пакет со Брошура за бремени жени, преку која бремените жени добиваат пишани информации за видот, обемот и динамиката на здравствените услуги во текот на бременоста, за практикување на здрави животни стилови и за справување со најчестите проблеми во текот на бременоста, за важноста на доењето, и постнаталната грижа (2011).

**Управување за листите за чекање во здравството**

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Европскиот комитет за социјални права, а во врска со управувањето со листите за чекање и времето за чекање во здравството[3], информираме дека за временскиот период за кој се поднесува овој Извештај, прашањето за Листите на чекање само законски е уредено во Законот за здравственото осигурување, но не е донесен подзаконски акт. Во праксата de fakto имало листа на чекање (не може во еден ист момент сите пациенти да користат иста здравствена услуга.), но нема податоци за времето на чекање за одредени медицински постапки. Кон крајот на 2011 година започна пилот проект за електронско водење на листа на закажани прегледи и интервенции преку веб апликација www.mojtermin.mk, која ја адиминистрира Министерството за здравство. Се планира да се донесе Правилник со кој ќе се уреди водењето на електронската листа на закажани прегледи и интервенции и проектот да се имплементира во сите здравствени установи за користењето на специјалистичко консултативните и болничките здравствени услуги, утврдени во договорот на здравствената установа со Фондот за здравствено осигурување.

[3] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 7

**Член 11§2**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на здравјето, страните договорнички се обврзуваат, непосредно или во соработка со јавните или приватните организации, да преземат соодветни мерки кои имаат за цел меѓу другото да обезбедат советодавни и образовни капацитети за унапредување на здравјето и за развој на чуството за лична одговорност во врска со здравствената состојба.

**Информации од јавен карактер и подигање на свеста**

Ефектите од моделот на интензивен, интегриран пристап за промоција на бихевиорално однесување за здравје на луѓето и животната средина преку инволвирање на здравствените, владини и невладини организации, профитни и непрофитни, локалната самоуправа, медиумите и индивидуалците се илустрираат со бројни активности како што се националните стратегии, акциони планови и програми кои континуирано се применуваат од 2000 година и се имплементираат преку јавно здравствените програми кои се донесуваат секоја година.

Особено е значајно тоа што во примарната здравствена заштита се воведени редовни превентивни цели кои треба да ги реализираат матичните лекари, како и континуираното вршење систематски прегледи, и пружањето бесплатни прегледи на здравјето со цел откривање и контрола на индивидуалните ризик фактори.

Во Република Македонија во периодот 2008-2011 година со цел едукација на населението за промоција на здравјето и превенција на болестите секоја година се организираат над 13.000 предавања за вакцинации, за правилна исхрана, за одржување на хигиена, за превенција на болести на зависност-алкохолизам, наркоманија, пушење, превенција на кардиоваскуларни заболувања, малигни неоплазми, дијабет, остеопороза, Хронична обструктивна белодробна болест (ХОББ) и други хронични незаразни болести. Исто така, се одржуваат и околу 1000 работилници за планирање на семејство, за одржување на хигиено-дистетски режим, односно основен санитарен минимум, за раното откривање на ракот и други содржини во врска со промоција на здравјето и превенција на болестите, околу 2000 Курсеви во врска со пружање на прва помош, со грижата за правилната исхрана и правилниот раст и развој на децата и др.

Во здравствениот сектор секоја година се организираат промотивни акции и кампањи, со посебен акцент на одбележување на соодветни светски денови, недели и сл. (Светски ден на дијабет, Ден на борба против пушење-31 Мај, Ден на борба против наркоманијата, Ден на младите, Интернационален ден на децата, отпочнување на Декадата на безбедност на патиштата, и др.) Во оваа смисла, на 7 Април се организираа превентивни бесплатни прегледи на граѓаните на кои се вршеа

биохемиски испитувања на нивото на шеќерот во крвта, холестеролот, крвниот притисок, антропометриски испитувања- големината на колкот, висината и телесната тежина, се дели пропаганден материјал за здрав живот, се даваат совети за потреба од редовни превентивни прегледи и правилен однос кон здравјето.

Се одржуваат и трибини, работилници, конференции и други стручни собири наменети за здравствените работници, но и наменети за општата популација со цел да се одржи континуитетот во медицинската едукација, како и континуитетот во процесот на здравствена едукација на населението во врска со здравиот стил на живот, превенција на хронични незаразни болести како и контрола и превенција на заразни болести.

Со цел поефикасна здравствена едукација во текот на 2008-2011 година објавени се голем број написи во стручни и научни списанија и дневниот печат и изработени и дистрибуирани се голем број на здравствено пропагандни материјали - плакати, брошури, агитки, упатства и сл. Така на пример испечатена е брошура "Да се бориме заедно против ракот на грлото на матката" на македонски и албански јазик, подготвено е Упатство за превенција на незаразни болести за лекари во примарната и превентивната здравствена заштита, како и агитки за превенција на кариес "Заштити се од кариес – Информирај се!" и картичка со повик за превентивен стоматолошки преглед. Владиниот сектор соработува со НВО во организација и спроведување на бројни трибини и конференции со презентации и друг вид активности посветени на Ромите, здравјето на децата и мајките, сексуалното и репродуктивно здравје, безбедност на патиштата и слично.

Во текот на извештајниот период Министерството за здравство спроведе и неколку кампањи:

- кампања за промоција на Советувалишта за млади за сексуално и репродуктивно здравје под мотото "СЛОБОДНО ПРАШАЈ – ИМАШ КАДЕ" (2010);
- кампања за подигнување на свеста за бенефитите од ХПВ вакцинација и зголемување на опфатот кај девојчињата (2011 година, во рамки на кампањата е изготвен и емитуван ТВ СПОТ за ХПВ вакцинација емитуван на 15 локални телевизии и на Наша ТВ во Скопје);
- кампања „Дијабетолошко комбе", во соработка со Сојуз на дијабетичари (2011). На дневна основа јавноста беше информирана за можноста да направат превентивен преглед во својот град. За таа цел беа изготвени и соодветни брошури, флаери и друг пропаганден материјал.

<u>Советувања и услуги за тестирања</u>

Услуги за советувања и тестирања на населението се спроведуваат преку активностите од јавно здравствените програми кои согласно Законот за здравствена заштита се донесуваат секоја година и се финансирани од буџетот на Република Македонија.

Во рамки на програмата *„Здравје за сите"* која се спроведува во градови низ целата држава, а во последните две години на 68 пунктови во рурални средини, секоја година се обезбедуваат бесплатни превентивни прегледи за населението кои опфаќаат проверка на крвниот притисок, на нивото на шеќер и на масноти во крвта и се обезбедуваат бесплатни советувања за здравјето, начинот на исхрана и за здравите животни стилови.

Преку програмата за систематски прегледи на учениците и студентите се обезбедуваат бесплатни здравствени прегледи за систематски прегледи на ученици во I одделение (6-7 години), во III одделение (8-9 години), V одделение (10-11 години), VIII одделение (12-13 години), I клас средно образование (14-15 години) и во IV клас средно образование (17-18 години), како и во првата година од студиите. На овој начин се врши скрининг на здравјето на училишни деца и младина и со него се опфатени околу 130 000 деца на годишно ниво.
При систематскиот преглед се врши и редовна имунизација според Календарот за имунизација на Република Македонија. Покрај систематскиот преглед, превентивниот тим врши едукација на избрани теми според утврдените приоритети.
При систематскиот преглед се спроведува:

<u>1. Општ лекарски преглед:</u>

- мерење на телесната тежина и висина и одредување на Индекс на телесна маса (ИТМ);
- преглед на кожата;
- согледување на постоење на деформитети на локомоторниот систем;
- општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен);
- дигестивен, нервен, урогенитален систем);
- мерење на пулсот и крвниот притисок;
- испитување на вид, слух и говор;
- земање на податоци во врска со пубертетот кај двата пола и menarha (кај ученички и студентки);
- земање податоци во врска со сексуалната активност на адолесцентите и употребата на контрацепција и заштита од сексуално преносливи инфекции;
- земање на податоци за употреба и злоупотреба на супстанци (пушење, алкохол, таблети, дроги);
- земање податоци за рано откривање на знаци на депресија и други пореметувања на менталното здравје;
- земање на податоци за постоење на насилно однесување (булинг);
- давање препорака за понатамошни специјалистички прегледи доколку е потребно;
- прибирање на податоци од наставниците и психолозите за успехот и однесувањето на ученикот и давање на потребни совети;
- контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и преземање мерки за комплетирање на вакциналниот статус.

2. Лабораториски преглед: хемоглобин во крв и албумен и билирубин во урина.

3. Стоматолошки преглед: контрола и евиденција на состојбата на забалото (млечни, трајни заби, кариес, екстракција и пломба индекс); откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците.

Во интерес на раното отркивање на хроничните незаразни заболувања, согласно Договорите кои Фондот за здравствено осигурување (ФЗО) ги склучува со матичните лекари, покрај услугите за лекување, ФЗО им плаќа и услуги за спроведување на превентивни мерки и активности како што се: превенција на анемија, проценка на сотојба на исхранетост (прекумерна дебелина), превенција и контрола на астма, на кардиоваскуларни заболувања, превенција на ракот на дојката, на грлото на матката и на простатата. Во рамки на овие активности матичните лекари обезбедуваат и советувања за пациентите.

Програмата за рано откривање на малигни заболувања исто така обезбедува бесплатни улуги- тестирања за рано откривање на рак на дојка и рак на матка( види одговор под Сексуално и репродуктивно здравје).

Преку програмата за ХИВ/СИДА финансирана од ГФ како и преку Годишната програма за ХИВ/СИДА финансирана од Буџетот на РМ се обезбедуваат бесплатни услуги во советувалиштето за ХИВ/СИДА на Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и бесплатна АРВ терапија, како и бесплатно тестирање и советување за ХИВ/СИДА во ИЈЗ за сите заинтересирани.

Со Програмата за превентивни мерки за превенција од ТБ финансирана од буџетот на РМ се обезбедуваат средства за спроведување на активности за активно пронаоѓање на случаи со туберкулоза со селективна радиографија, средства за обезбедување на лекови, како и средства за здравствена едукација на населението.

РАЗВОЈ НА ЧУВСТВО НА ЛИЧНА ОДГОВОРНОСТ

Промоција на физичка активност и превенција на дебелина

**Законот за јавно здравје** е водечки документ од аспект на заштита на јавното здравје во врска со храната и нутрицијата.
Вториот акциски план за храна и исхрана (2009-2014) е усвоен и се имплементира преку активностите утврдени во Националната годишна програма за јавно здравје. Преку програмата, континуирано, на годишно ниво, Институот за јавно здравје на Република Македонија (ИЈЗРМ) врши мониторинг на состојбата со нутритивниот статус кај определени популациски групи од интерес по јавното здравје, со детекција на здравствени ризици, преку определување на потхранетост и зголемена телесна тежина и дебелина и тоа кај деца од предучилишна возраст, деца од училишна возраст - прво одделение, деца од училишна возраст, петто одделение

Во 2011 година, ИЈЗ со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ во РМ го спроведе „Националното истражување за исхраната во Македонија“ со фокус на деца до 5 годишна возраст и жени во репродуктивен период. Во истото беа анализирани навиките во исхраната, стапките на доење кај малите деца, растот и развојот на децата, стапките на анемија како резултат на недоволно присуство на микронутриенси во исхраната, како и навиките во исхраната и детекција на зголемена телесна тежина и дебелина кај жените во репродуктивен период. Врз основа на добиените резултати, ИЈЗРМ подготви прирачник за правилна исхрана на доенчиња и мали деца од 0 до 3 годишна возраст.

Јавно здравствените институции се активни во областа на имплементацијата на законодавството, како и во промотивните, образовните и научните активности во областа, па така во 2010 година во рамки на едукацијата на населението за промоција на здравјето и превенција на болестите одржани се околу 2500 предавања за здрава исхрана. Исто така, одржани се трибини, работилници, конференции и други стручни собири наменети за здравствените работници, но и за населението, поврзани со здравиот стил на живот, превенцијата на физичката неактивности и улогата на спортот во развојот на децата и др.
Слични активности се спроведуваат и во рамки на одбележување на Светските денови на срцето и на храната, Светскиот ден на дијабетот и сл. кога ИЈЗ континуирано спроведува јавна промоција на здрава исхрана и здрав стил на живот, со претходно изготвен промотивен материјал, во предучилишни установи, училишта, како и промоции во печатените и електронски медиуми.

Сексуално и репродуктивно здравје

Здравственото законодавство во областа е добро развиено. Законот за абортус обезбедува правна основа на заштита на правата на жените при прекинот на бременоста и стандарди за квалитет во областа. Стратегијата за сексуално и репродуктивно здравје со Акциски план за 2011-2013 година се усвоени и се имплементираат како резултат на заеднички активности на Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје и агенциите на ОН (УНФПА) во земјата. Во Министерството за здравство е формиран Комитет за безбедно мајчинство заради подобрување на перинаталната грижа.

Во 2009 година здравствените стручни институции спроведоа:

- здравствено-воспитни предавања во средните и основните училишта. Заводот за здравствена заштита на мајки и деца изврши вкупно 153 предавања во средните училишта на подрачјето на град Скопје со кои беа опфатени околу 5000 средношколци;
- индивидуални советувања за превенција на ризично сексуално однесување преку активностите на поливалнетната патронажна служба;
- изготвување и дистрибуција на здравствено-воспитни материјали наменети за адолесцентната популација;

- совети за контрацепција кај најмалку 10% од жените во репродуктивен период Во 2009 година во примарната здравствена заштита на жените регистрирани се вкупно 9162 совети за планирање на семејството;
- Заводот за здравствена заштита на мајки и деца во 2009 година во соработка со невладиниот сектор (здружение на граѓани ХЕРА) спроведе серија на работилници наменети за вулнерабилни групи на жени (жени од рурални подрачја и жени Ромки) од областа на семејното планирање и сексуално преносливи инфекции;

Во периодот 2009-2011 се спроведе Проектот подобрување на националниот одговор во однос на сексуално и репродуктивно здравје и права. Во рамки на проектот беа спроведени голем број на активности :

- подготвени се голем број на едукативни и промотивни материјали за сексуално преносливите инфекции (СПИ) и Сексуалното и репродуктивно здравје (СРЗ), прирачници за советување за вработените во Советувалиштата за СРЗ;
- спроведени се обуки на 100 патронажни сестри за советување за СРЗ со цел да се подобри пристапот до услуги за СРЗ на социјално загрозени групи и млади лица во рурални средини. Тие во текот на 2011 година обезбедиле советувања за СЗР за 3976 лица;
- кон крајот на 2011 година Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје, Канцеларијата на УНФПА и Црвениот Крст на Република Македонија спроведоа промотивна акција со цел подигање на свеста кај младите за грижа за своето здравје и заштита од сексуално преносливи инфекции. Акцијата се спроведе преку директна комуникација и советување и делење на промотивни материјали и дистрибуција на 200.000 презервативи од страна на активистите на Црвен Крст и на мрежата за врсничка едукација Y-PEER.

Сегментот на заштита на сексуалното и репродуктивното здравје е опфатен во програмата за ХИВ/СИДА реализиран со грант од Глобален Фонд каде се реализирани сѐопфатни активности во однос на здравственото воспитување и просветување, особено на популацијата млади луѓе, како и здравствени работници. Овие активности опфатија и спроведување на серолошки и бихевиорални истражувања кај групи од посебен интерес (лица кои инјектираат droги, сексуални работници, мажи кои имаат секс со мажи, осуденици, пациенти со сексуално преносливи инфекции и ромска популација), а резултатите ќе послужат за планирање на активностите во новата Стратегија за ХИВ/СИДА.

Во текот на тригодишното спроведување на Програмата спроведени се:

- обуки со кои над 1,000 наставници се едуцирани за ХИВ/СИДА/СПИ и методите на едуцирање на учениците,
- 26 професионалци се обучени за работа со ромско население на тема превенција од ХИВ/СИДА/СПИ (13 социјални и 13 здравствени работници),

- 2,738 професионалци се обучени како теренски советувачи и здравствени работници кои што ќе работат во ДДСТ центрите ДДСТ (доброволно и доверливо советување и тестирање),
- во 80% (376 од вкупно 472 училишта) од сите основни и средни училишта во земјава воведен е курикулумот за превенција од ХИВ/СИДА/СПИ и репродуктивното здравје,
- спроведена е основна обука за превенција од ХИВ/СИДА/СПИ кај 20,411 војници,
- 8.8% (28,969 од вкупно 327,367 млади во Република Македонија) се опфатени со едукација за превенција на ХИВ/СИДА/СПИ,
- основани се 11 центри за намалување на штети од злоупотреба дрога (размена на игли и шприцеви) низ целата земја,
- воспоставени се вкупно 10 Служби за превенција и третман од злоупотреба на дрога,
- 4,418 интравенски корисници на дроги (ИКД) се вклучени во програмите за намалување на штетите (размена на игли и шприцеви) низ Македонија,
- 1,882 ИКД се вклучени во програмите за намалување на штети и превенција на злоупотреба на дрога со метадонска терапија,
- 240 КСР (комерцијални сексуални работнички) вклучени во превентивни активности преку теренска работа и преку нудење на услуги во Дроп-ин центарот (советување, медицински, правни и социјални услуги, хигиенска помош),
- 4,938 клиенти на КСР опфатени со активностите за превенција на ХИВ/СИДА (поделен пропаганден материјал, кондоми и лубриканти),
- 3,986 млади девојки опфатени со превентивни активности кои се однесуваат на превенција и спречување во воведување во комерцијална сексуална работа,
- 1,127 МСМ (мажи кои имаат секс со мажи) опфатени со целните ХИВ/СИДА интервенции (врсничка едукација, советување, културни и социјални настани, жешка линија),
- вкупно 2,951 Роми опфатени со активноста за превенција од ХИВ/СИДА/СПИ (врсничка едукација, дистрибуција на пропаганден материјал, промоција на кондоми),
- 2,129 затвореници опфатени со активности за превенција од ХИВ/СИДА (врснички едукации, проекција на филм направен за потребите на целната популација, дистрибуција на кондоми и пропаганден материјал),
- поделени 1,011,336 кондоми помеѓу ранливите групи (млади, КСР и нивните клиенти, ИКД, МСМ (мажи кои имаат секс со мажи), Роми, затвореници), спроведени прегледи тестирања за СПИ кај 1,213 жени Ромки во репродуктивен период, отворени 13 центри за ДДСТ (доброволно и доверливо советување и тестирање) низ земјава, 6,141 луѓе ги користеле улугите на ДДСТ и обезбедена е АРВ терапија за 17 пациенти.

Исто така, преку годишната Национална програма за јавно здравје, во рамките на активностите кои ги спроведува епидемиолошкиот сектор, секоја година се спроведуваат здравствено-едукативни предавања, семинари, настапи во медиумите поврзани со сите заразни болести, соодветно на моменталната епидемиолошка

состојба и нивната застапеност во одреден временски период, односно согласно нивната актуелност

Со поддршка на интернационални донори (ИППФ и УНИЦЕФ) отворени се центри за промоција на репродуктивно и сексуално здравје на младите (SФС) како и спроведување на едукација на здравствени социјални и просветни работници за унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје во рамките на нивната секојдневна работа.
Основани се Центри за советување за СПИ на клиниката за кожно-венерични заболувања и Клиниката за гинекологија и акушерство.

Од 2010 година континуирано се спроведува и годишната програмата за рано откривање на малигни заболувања- преку која се отпочнати активности за спроведување на пилот скрининг за рак на матка, рак на дојка. Во рамки на програмата се обезбедува бесплатен ПАП тест за жените во репродуктивниот период и од 2010 над 35 000 жени биле опфатени со тестирање, а на околу 40000 жени била направена мамографија. Во 2011 година започнат е организиран скрининг во 4 града во Република Македонија. Во рамки на организираниот скрининг во 2011 година, 20000 жени биле поканети на превентивен гинеколошки преглед со ПАП тест, при што на преглед се јавиле над 6000 жени, а кај 9,4 % ПАП тестот покажал абнормалности и истите се препратени на натамошни испитувања.

Пеку годишната програма за имунизација на населението во Република Македонија континуирано се спроведува вакцинација со ХПВ вакцината, а спроведената кампања за бенефит од ХПВ вакцината придонесе за зголемување на опфатот - од 35% во училишната година 2009/2010 на 56 % во училишната 2010/2011 година.
Стратегијата за безбедно мајчинство се имплементира преку активности утврдени во Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца насочени кон намалување на морталитетот и морбидитетот кај бремените жени и доенчињата.

Здравје и животна средина

**Здравствената стратегија до 2020 година** поставува цели поврзани со обезбедување на здрава животна средина заради унапредување на јавното здравје. **Националната програма за јавно здравје** утврдува мерки за проценка на здравствените ризици на животната средина. Преку програмата се обезбедуваат средства за спроведување на мерки за проценка на здравствено–еколошкиот ризик поврзан со квалитетот на водите за пиење, површинските води, квалитетот на воздухот, хемиските контаминенти во храната, бучавата во животната средина, проценка на здравствено-еколошкиот ризик од јонизирачкото зрачење (надворешно гама зрачење, зрачење на воздух, вода, почва, јонизирачко зрачење на храна), ризици од присуство на резидуи од пестициди, тешки метали.

Институтот за јавно здравје на Република Македонија и Центрите за јавно здравје во согласност со Националната годишна програма за јавно здравје во РМ, вршат

промотивни кампањи со цел минимизирањето на ризиците од животната средина. Во изминатиот период превземени се бројни активности за подигање на свеста на јавноста преку одбележување на еколошки денови (Ден на водите, Ден на Планетата Земја), промоции, презентации, работилници, консултативни средби и гостувања на ТВ емисии, печатење на промотивни материјали (флаери, постери и др.)

Примери:
- Во согласност со Пан-Европската Програма за транспорт, животна средина и здравје (The PEP) спроведувана од страна на Светска здравствена организација (СЗО) и УНЕЦЕ (Економската Комисија на Европа за Обединетите Нации), Министерството за здравство во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски превземаат активности за промоција на физичката активност - велосипедизмот и пешачењето. Во 2010 година Министерството за здравство (од7-8 јуни во Скопје), во соработка со другите две министерства и со СЗО и УНЕЦЕ организираше Работилница "Политики за одржлив и здрав урбан транспорт - да работиме заедно за постигнување на целта".

- Во рамките на Проектот „Заштита на здравјето од климатските промени" (2009-2011 подржано од Светската здравствена организација и финанисрано од Германската Влада), Министерство за здравство ги зајакна капацитетите на здравствените системи за заштита на здравјето од климатските промени, преку:

- обука на повеќе од 600 здравствени работници, професионалци во областа на животната средина, новинари и други профили за влијанието на климатските промени врз здравјето;
- проценка на влијанијата врз здравјето од климатските промени во Република Македонија;
- студија за испитување на влијанието на топлотните брановите врз морбидитетот во летните месеци во Република Македонија во периодот 1994-2009 година;
- студија за утврдување на врската меѓу појавата на инфекции со салмонели и дистрибуцијата на просечната неделна температура за периодот 1996-2009 година;
- студија за присуството на векторот Aedes albopictus во Република Македонија - објавена во 2011 година;
- студија за влијанието на климатските промени врз поленската микро-флора поврзани со респираторните алергии кај возрасната популација во Град Скопје - објавена во 2011 година;
- студија за штетите по здравјето и економијата од климатските промени и за трошоците за адаптација на топлотните бранови;
- публикација „Ефектите врз здравјето од климатските промени во Република Македонија" – изготвена и објавена на македонски, англиски и албански јазик;

- изготвена е Стратегија за адаптација на здравствениот сектор кон климатските промени во Република Македонија. Стратегијата беше усвоена од Владата во февруари 2011 година, а објавена во јуни 2011 година;
- изготвен е Акционен план за заштита на здравјето на населението во Република Македонија од топлотни бранови, усвоен од Владата во февруари 2011 и објавен во 2011 година;
- воспоставен е систем за рано предупредување за топлина кој има за цел навремено објавување на топлотни бранови, вклучувајќи дизајн на софтверот и донација на опрема за негово функционирање, изработен и достапен на веб страната www.toplotnibranovi.mk;
- изготвени и отпечатени се информативни летоци за заштита од топлотни бранови наменети за општата популација, менаџерите во здравствени и социјални установи, матичните лекари и работниците;
- спроведена обука на повеќе од 300 здравствени работници, професионалци во областа на животната средина, новинари и други профили за влијанието на климатските промени врз здравјето, со акцент на топлотните бранови;
- инвестиции во енергетска ефикасност и трансфер на технологија во две пилот здравствени установи: општата болница во Гостивар и клиничката болница во Штип;
- извршени проценки за енергетската ефикасност и безбедноста на болниците во Гостивар и Штип и изготвени извештаи за проценките;
- соларни термални системи и термостатски вентили монтирани во двете пилот болници;
- реализирана студија за економските и ефектите врз животната средина од интервенциите во пилот болниците, вклучувајќи и проекција за намалувањето на емисијата на CO2 на општинско ниво, како и долгорочна прогноза на економската корист;
- организирана студиска посета на тема енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија на LVR клиниката во Бон, во која учество зедоа 5 професионалци од Република Македонија;
- изготвена публикација „Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија • Прирачник за менаџерите во здравствениот сектор" и објавена во декември 2011 година на македонски, англиски и албански јазик;
- организирана обука за здравствените менаџери како и за медицинскиот и немедицинскиот персонал за важноста на енергетската ефикасност во здравствениот сектор;
- се реализираат активности за подигнување на свеста на здравствените менаџери и на медицинскиот и немедицинскиот персонал за важноста на енергетската ефикасност во здравствениот сектор. Навремено информирање за ризиците од заразни болести поврзани со климата на општинско и национално ниво;

- упатство за поврзаноста меѓу климатските промени и инфективните заболувања - Прирачник за здравствените работници, со цел да се подигне свеста на здравствените работници како и на населението во врска со ризиците од појавата на инфективни заболувања. Упатството е изготвено и објавено на македонски, албански и англиски јазик во јуни 2011 година;
- организирана обука на повеќе од 300 специјалисти по епидемиологија, специјалисти за инфективни заболувања, специјалисти по хигиена и други здравствени работници на тема „Климатските промени и инфективните заболувања“;
- проведени се голем број на експертски мисии и обуки, семинари и конференции. Организирани се активности за градење на капацитети на медиумите за прашања поврзани со климатските промени и здравјето (работилници, посети на терен, продукција на видео материјали и сл.). Создадена е група од петнаесет млади новинари кои изразија подготвеност да соработуваат во мрежата на млади новинари кои ќе третираат прашања за здравјето и животната средина, со акцент на климатските промени;
- изградено е партнерство меѓу агенциите и министерствата и подобрена е координацијата. Од есенцијална важност се споделувањето информации и обуките, изградбата на капацитетите и подигнувањето на јавната свест.

**Резултати од реализација на стратегии**

Стратегија за ментално здравје

Активностите за имплементација на Стратегијата за ментално здравје вклучуваат организирање на систем за ментално здравје во заедницата, односно реорганизација и деинституционализација на специјалните психијатриски болници и создавање мрежа на служби за ментално здравје во заедницата на целата територија на Република Македонија. Тенденцијата на министерството за здравство е постепено намалување на постелниот капацитети во трите психијатриски болници преку организација на мрежата на Центри за ментално здравје во заедницата и континуитет во грижата за пациентите кои се отпуштени од психијатриските болници.
Евидентни се медицинските бенефити од деинституционалниот начин на практикување на менталното здравје, пред сѐ за пациентите, а и за целата заедница воопшто. Во периодот од 2005 година до денес се отворени 8 центри за ментално здравје, а во план е отварање на уште 2 нови центри.

Постигнати се значајни резултати во третманот на луѓето кои имаат проблеми со менталното здравје, како и напредок во нивната ресоцијализација што може да се смета за успех на целата заедница. Во овие центри околу 500 корисници на услуги со хронични психички болести се вклучени во програмите за ресоцијализација и реинтеграција во општеството.

Значајна е и примената на индивидуалниот план за третман на пациентот. Планот се креира заедно со пациентот со јасно зададени цели и дефинирани временски рамки за нивно исполнување и е предмет на редовни проверки. Плановите се имплементираат како во центрите за ментално здравје во заедницата, така и во психијатриските болници. Овој начин на работа е одобрен од Психијатриската асоцијација на Македонија, и е прифатен како начин на работа, перманентно супервизиран од стручните служби на институциите. Во оваа насока досега се одржани едукации од интернационални и домашни експерти во полето на ментално здравје во заедницата, во кои се вклучени целокупниот персонал во психијатриските институции.

Национална стратегија за превенција на орални заболувања кај децата до 14 години во Република Македонија за периодот 2008-2018

Со имплементирањето на мерките од Стретегијата постигнат е напредок во унапредувањето на оралното здравје кај децата мерено преку КИП индексот (кариес индекс просек), кој во 2007 година изнесувал 3.11, додека во 2010 година изнесувал 0.85. За децата со специјални потреби, кај кои не можат да се спроведуваат овие мерки, обезбедни се средства за обезбедување на соодветни стоматолошки материјали.
Согласно стратегијата, од 2009 година започна да се имплементира Програмата за флуорирано млеко кај децата од 3-5 годишна возраст во јавните предучилишни установи, како една од мерките за ендогена глуор профилакса.

Стратегија за контрола на туберкулозата во Република Македонија (2008-2012)

Со имплементација на Стратегијата, преку Програмата за туберкулоза финансирана од Глобален фонд, и Годишната национална програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението финансирана од Буџетот на РМ, регистриран е тренд на намалување на апсолутниот број на новопримени пациенти: 2009 год. – 485 лица, 2010 год. – 420 лица, 2011 год. – 362 год. лица. Процентот на успешно излекувани бележи континуиран раст од 89,9 % (2010) до 90,2% (2011). Исто така опаѓа и морталитетот кој за 2011 година изнесува 1,8 на 100 000 жители.

Стратегија за сексуално и репродуктивно здравје

Согласно предвидените мерки во Стратегијата, во склоп на Центрите за јавно здравје се отворија и финкционираат 18 советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје кои обезбедуваат совети за сексуалното и репродуктивното здравје и бесплатни контрацептивни средства.
Во 2006 година се регистрирани 6126 абортуси или (27,3 на 100 живородени), а во 2011 година 5324 абортуси или (23,4 на 100 живородени). Свеста кај младите е сè поголема по однос на потребата од безбедни сексуални односи, превенција на несакана бременост, превенција од сексуално преносливи болести, употреба на контрацептивни средства и планирање на семејството.
По однос на сексуално преносливите болести (СПБ), поради поголемата свест за

потребата од редовни гинеколошки и уролошки прегледи по однос на СПБ, како и редовното пријавување од страна на лекарите, нема некое значајно отстапување. Сепак во 2001 година пријавени се 12 случаи на гонореја, во 2011 година 8 случаи. Во 2006 година пријавени се 4 случаи на сифилис , а во 2011 година 1 случај. Во 2011 година регистрирани се 9 случаи на ХИВ/СИДА во државата како резултат на активностите со Програмата за превенција од СИДА и активностите на Проектот со Грантот од Глобал фонд. Активностите за доброволно советување и тестирање допринесуваат за активно откривање на ХИВ позитивни лица, но напредокот е во навремената и достапна антиретровирусна терапија со која смртноста на заболените од СИДА е намален за 2,5 пати во периодот 2005-2011 (36,7% смртност), споредбено со периодот 1987-2004 година.(83%смртност).

**Училишни програми**

Едукацијата учениците по однос на прашањата за превенција од пушење, алкохол, дрога, репродуктивно и сексуално здравје, безбедност на патиштата и здравата исхрана е мошне внимателно третирано прашање во Република Македонија.

Така, децата уште во прво одделение, во рамки на предметот “Запознавање на околината”, се поттикнуваат да стекнат здравствено-хигиенски навики, да се грижат за сопственото здравје и животна околина, како и да ја стекнат елементарната сообраќајна култура. Исто така, во рамки на предметот “Физичко и здравствено образование” децата се оспособуваат да применуваат здравствено-хигиенски навики за чување и унапредување на сопственото здравје и хигиена.

Во рамки на предметот “Животни вештини”, учениците од прво до трето одделение се запознаваат со значењето и важноста на здравата исхрана, водењето грижа за личната хигиена, превенцијата од болести и заболувања, како и развивањетео на свест за сексуалното здравје. Во исто време, учениците се поттикнуваат и учат да го унапредат сопственото здравје преку стекнување на здрави навики опфатени со програмските содржини наведени претходно. Предметот “Животни вештини” ги опфаќа и следните програмски содржини: безбедно однесување во средината, градење на позитивен однос кон околината (грижа за хигиената и одржување), градење на позитивен однос кон растенијата и животните, подобрување, одржување и разубавување на околината и заштита на планетата Земја.

Во рамки на предметот “Животни вештини”, учениците од четврто до шесто одделение покрај тоа што ги прошируваат знаењата стекнати во претходните години, тие од четврто до шесто одделение се запознаваат и со значењето и важноста на сексуалното здравје, вознемирувањето и злоупотребата, како и за потребата од превенција на пушење цигари и конзумирање алкохол. Истите теми се предвидени и за учениците од седмо до деветто одделение, кои се надградени и прилагодени соодветно на возраста на учениците, со таа разлика што за оваа возраст на ученици се внесува уште една програмска содржина – превенција од злоупотреба на психотропни супстанци.

Учениците во прва година средно училиште, во рамки на задолжителниот предмет "Биологија", ги прошируваат своите знаења стекнати во претходните години на нивното школување, а кои специфично се однесуваат на зависностите, ризиците и негативните влијанија од злоупотреба на droги, алкохол и цигари, како и начините за превенција и заштита од истите.
Учениците во трета година средно во гимназиско образование, во рамки на задолжителниот предмет "Биологија" ги прошируваат своите знаења стекнати во основно образование, а по однос на репродуктивното и сексуално здравје.

### КАМПАЊА „ЗДРАВА ХРАНА ЗА ДЕТСТВО БЕЗ МАНА"
„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем"

Министерството за образование и наука како дел од Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем" која ја имплементира Здружението на граѓани ОХО, врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка со Агенцијата за развој на Швајцарија, во учебната 2011/2012 ја започна кампањата „Здрава храна за детство без мана". Кампањата се реализира под покровителство на г-ѓа. Маја Иванова, сопруга на Претседателот на Ре публика Македонија.
Оваа кампања е посветена на здравата храна и има за цел да ја подигне свеста за консумирање на здрава храна кај децата и учениците. Кампањата е едукативна, информативна и пред сè забавна и ги пренесува позитивните страни на здравата храна, начините на подготвување и процесот на стекнување на позитивни навики за конзумирање на здрава храна пред сè во градинките и училиштата.
Во учебната 2011/2012 година кампањата, на големо задоволство, беше одлично прифатена од градинките и училиштата и привлече големо внимание и активно вклучување на родителите, локалната средина, локалниот бизнис сектор и локалните медиуми, за што сведочат добиените преку 400 рецепти на учениците и децата, 300 еколошки пораки и 120 менија за здрава храна во градинките и училиштата. Во кампањата учествуваа преку 4000 ученици, 1400 деца од градинките, 240 наставници и 120 воспитувачи, а беа организрани 34 јавни настани во општини во државата.
Министерството за образование и наука, покровителот, Агенција за развој и соработка на Швајцарија, ОХО и сите соработници продолжија со активностите од Камањата и во оваа учебна година со тенденции и поголеми цели за успешна реализација и промени кои ќе донесат резултати на подолг рок.
За потребите на кампањата, ОХО подготви постери кои се дистрибуираат до сите вклучени градинки и училишта, изработен е видео спот и песна „Здрава храна за детство без мана", најдобрите пораки и рецепти од градинките и училиштата се прикажуваат во детската емисија 5+ и се обезбедува логистичка поддршка преку канцеларијата на Програмата во Министерството за образование и наука.

По однос на барањето на Европскиот комитет за социјални права за информации за бројот на вработени лица кои даваат медицински услуги во училиштата[4], информираме дека бројот на превентивни тимови кои вршат систематски прегледи и имунизација во училиштата е 110 лекари и 230 медицински сестри. Тие се сместени во рамки на Здравствените домови во Службите за превентивна здравствена заштита на деца од 0-18 години и се дел од здравствениот систем.

**Систем меѓу ФЗОМ и докторите**

Во поглед на барањето на Комитетот за социјални права за опис на системот воспоставен помеѓу докторите и Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ)[5], известуваме дека согласно Законот за здравственото осигурување ФЗОМ) е купувач на здравствени услуги во интерес на осигурените лица. Во зависност од потребите за здравствените услуги и утврдените средства за таа намена во буџетот на Фондот, Фондот купува здравствени услуги за што склучува и раскинува договори со здравствените установи.

Од своја страна, здравствените установи се должни да ги планираат средствата потребни за обезбедување на одреден обем на здравствени услуги.

Здравствените установи се должни средствата потребни за обезбедување на определениот обем на здравствени услуги да ги користат рационално, економично, ефикасно и наменски согласно со утврдените годишни планови на приходи и расходи.

Здравствените установи се должни на Фондот да му доставуваат финансиски и други податоци на начин и во рокови утврдени со општ акт на Фондот.

Фондот, во рамките на планираните средства, за секоја година утврдува план и програма за здравствените услуги кои се финансираат од средствата на задолжителното здравствено осигурување. Фондот со општ акт, утврдува критериуми за склучување на договори со здравствените установи, според:

- бројот на осигурените лица во примарната здравствена заштита;
- цени на завршени здравствени услуги во специјалистичко - консултативна здравствена заштита;
- цени на здравствени услуги групирани во ДСГ (дијагностичко сродни групи) во болничка здравствена заштита за акутна нега на хоспитализирани болни;
- договорени цени за здравствени услуги кои не се вршат во јавните здравствени установи од болничката здравствена заштита;
- утврдени цени на здравствени услуги во болничката здравствена заштита за дневна болница, хронично лежечки болни и медицинска рехабилитација и физикална терапија за лежечки болни;
- програмите за одделни видови здравствена заштита, односно услуги;

[4] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 11

[5] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 10

- утврдените средства во Буџетот на Фондот по намени; и
- други критериуми.

Начинот на плаќање на здравствените установи во оддалечените рурални места со само еден лекар во примарната здравствена заштита (општа медицина, училишна медицина, педијатрија и трудова медицина), покрај горе посочените критериуми, се врши и врз основа на критериуми по основ на оддалеченост до најблиското населено место во кое се обезбедува специјалистичко-консултативната здравствена заштита, оддалеченост од населеното место во кое се наоѓа најблиската здравствена установа од примарната здравствена заштита, број на жители и тешко пристапен терен.

Од јануари 2011 година е воведено трезорското работење на ФЗОМ со кое се очекува да се обезбеди контрола на трошоците на јавните здравствени установи според дефинирани годишни буџети, активности и планови. Воведувањето на унифициран, поврзан, стабилен и транспарентен систем на контрола на плаќањата во јавните здравствени установи се наметнува како неопходна потреба заради ефикасно, ефективно, економично и наменско користење на финансиските средства остварени по основ на задолжително здравствено осигурување.

**Член 11§3**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на заштита на здравјето, страните договорнички се обврзуваат, непосредно или во соработка со јавните или приватните организации, да преземат соодветни мерки кои имаат за цел меѓу другото да се спречат колку што е можно, епидемии, ендемии и други болести.

## I НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### Вода

Центрите за јавно здравје во согласност со Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија секоја година вршат континуиран мониторинг и евалуација на санитарно-хигиенската состојба на водоснабдувањето на населението, на објектите за водоснабдување и на безбедноста (квалитетот и здравствената исправност) на водите за пиење, како и водите од здравствен аспект за капење и рекреација на териториите кои административно ги покриваат.

Исполнувањето на програмските задачи се одвива преку:
- вршење санитарно-хигиенски увиди над објектите за водоснабдување, заштитните зони на водозафатите над извориштата и нивната околина;
- земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа и евалуација на безбедноста на водата за пиење;
- следење, спроведување и предлагање мерки за обезбеденост на снабдувањето на населението со безбедна вода за пиење.

Статистичкиот приказ на активностите на Центрите за јавно зравје во однос на здравствената исправност на водата за пиење е дадена во следните табели:

Извршени увиди и земени примероци води за пиење кај градските населби во РМ за периодот 2008- 2011 година

## Целокупната активност на Заводите за здравствена заштита во однос на здравствената исправност на водата за пиење во 2008 година

| Водоснабдителни објекти | Објекти и локалитети | | | Број на извршени лабораториски анализи по мостра: | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Физичко-хемиски анализи | | | Бактериолошки анализи | | |
| | | | | Вкупно | неисправни | | Вкупно | неисправни | |
| | Жители | Увиди | Мостри | | број | % | | број | % |
| Градски водоводи | 1247790 | 202 | 10392 | 9832 | 400 | 4,07 | 10392 | 94 | 0,9 |
| Села приклучени на градски водовод (број на села: 222) | 297865 | 112 | 1419 | 1272 | 18 | 1,41 | 1419 | 28 | 1,97 |
| Села со сопствен водовод (број на села: 905) | 478189 | 820 | 5545 | 5543 | 822 | 14,8 | 5543 | 1415 | 25,2 |
| Села – други видови објекти (број на села: 350) | 158433 | 257 | 1735 | 1735 | 319 | 18,4 | 1731 | 715 | 41,3 |
| Викенд населби, хотелско-угостителски и туристички објекти од сопствено извориште (број на објекти: 88) | / | 72 | 389 | 389 | 45 | 11,57 | 388 | 27 | 6,95 |
| Работни организации кои се значителни потрошувачи на вода од сопствено извориште (број на објекти: 129) | / | 84 | 1066 | 1063 | 150 | 14,11 | 1066 | 131 | 12,29 |
| Води со посебни својства (број на објекти: 30) | / | 28 | 252 | 116 | 32 | 27,58 | 252 | 28 | 11,11 |
| Останати објекти (крајпатни, споменични во ридско-планински или рекреативни подрачја и сл.) број на објекти: 150 | / | 139 | 563 | 563 | 125 | 22,2 | 548 | 154 | 28,1 |
| ***В К У П Н О:*** | **2182277** | **1714** | **21361** | **20513** | **1911** | **9,31%** | **21339** | **2592** | **12,15%** |

**Целокупната активност на Центрите за јавно здравје во однос на здравствената исправност на водата за пиење во 2009 година**

| Водоснабдителни објекти | Објекти и локалитети | | | Број на извршени лабораториски анализи по мостра: | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Физичко-хемиски анализи | | | Бактериолошки анализи | | |
| | | | | вкупно | неисправни | | вкупно | неисправни | |
| | жители | увиди | мостри | | број | % | | број | % |
| Градски водоводи | 1256494 | 223 | 7528 | 7509 | 402 | 5,35 | 7522 | 89 | 1,18 |
| Села приклучени на градски водовод (број на села: 227) | 300348 | 137 | 1112 | 1111 | 80 | 7,2 | 1112 | 102 | 9,17 |
| Села со сопствен водовод (број на села: 906) | 482952 | 825 | 4887 | 4884 | 931 | 19,06 | 4887 | 1447 | 29,6 |
| Села-други видови објекти (број на села: 337) | 139522 | 213 | 1522 | 1522 | 265 | 17,41 | 1520 | 648 | 42,63 |
| Викенд населби, хотелско-угостителски и туристички објекти од сопствено извориште (број на објекти: 87) | / | 52 | 358 | 358 | 31 | 8,65 | 359 | 38 | 10,58 |
| Работни организации кои се значителни потрошувачи на вода од сопствено извориште (број на објекти: 125) | / | 95 | 1165 | 1163 | 114 | 9,8 | 1141 | 151 | 13,23 |
| Води со посебни својства (број на објекти: 35) | / | 35 | 187 | 120 | 49 | 40,83 | 187 | 34 | 18,18 |
| Останати објекти (крајпатни, споменични во ридско-планински или рекреативни подрачја и сл.) број на објекти: 146 | / | 102 | 375 | 369 | 69 | 18,69 | 375 | 125 | 33,33 |
| ***В К У П Н О:*** | **2179316** | **3364** | **17134** | **17036** | **1941** | **11,39%** | **17103** | **2634** | **15,04%** |

**Целокупната активност на Центрите за јавно здравје во однос на здравствената исправност на водата за пиење во 2010 година**

| Водоснабдителни објекти | Објекти и локалитети | | | *Број на извршени лабораториски анализи по мостра:* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *Физичко-хемиски анализи* | | | *Бактериолошки анализи* | | |
| | | | | вкупно | *неисправни* | | вкупно | *неисправни* | |
| | жители | увиди | мостри | | *број* | *%* | | *број* | *%* |
| Градски водоводи | 1259453 | 123 | 7657 | 7542 | 402 | 5,33 | 7657 | 114 | 1,49 |
| Села-приклучени на градски водовод (број на села: 240) | 307405 | 112 | 1148 | 1148 | 190 | 16,55 | 1144 | 143 | 12,5 |
| Села со сопствен водовод (број на села: 864) | 507722 | 712 | 4940 | 4845 | 1203 | 24,82 | 4938 | 1463 | 29,6 |
| Села-други видови објекти (број на села: 316) | 132305 | 301 | 1393 | 1381 | 336 | 24,33 | 1357 | 537 | 39,57 |
| Викенд населби, хотелско-угостителски и туристички објекти од сопствено извориште (број на објекти: 85) | / | 57 | 331 | 323 | 36 | 11,15 | 332 | 51 | 15,36 |
| Работни организации кои се значителни потрошувачи на вода од сопствено извориште (број на објекти: 126) | / | 76 | 975 | 963 | 102 | 10,59 | 972 | 142 | 14,6 |
| Води со посебни својства (број на објекти: 33) | / | 49 | 206 | 112 | 35 | 31,25 | 206 | 40 | 19,41 |
| Останати објекти (крајпатни, споменични во ридско-планински или рекреативни подрачја и сл.) број на објекти: 141 | / | 128 | 485 | 485 | 68 | 14,02 | 485 | 169 | 34,84 |
| ***В К У П Н О*** | **2206885** | **1558** | **17135** | **16799** | **2372** | **14,12%** | **17091** | **2659** | **15,56%** |

**Целокупната активност на Центрите за јавно здравје во однос на здравствената исправност на водата за пиење во 2011 година**

| Водоснабдителни објекти | Објекти и локалитети | | | *Број на извршени лабораториски анализи по мостра:* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | *Физичко-хемиски анализи* | | | *Бактериолошки анализи* | | |
| | | | | вкупно | *неисправни* | | вкупно | *неисправни* | |
| | жители | увиди | мостри | | *број* | *%* | | *број* | *%* |
| Градски водоводи | 1 261 134 | 145 | 7558 | 7407 | 253 | 3,41 | 7552 | 58 | 0,77 |
| Села-приклучени на градски водовод (број на села: 238) | 302 394 | 125 | 1276 | 1276 | 138 | 10,81 | 1276 | 108 | 8,46 |
| Села со сопствен водовод (број на села: 872) | 501 690 | 735 | 5151 | 5144 | 1188 | 23,09 | 5149 | 1113 | 21,61 |
| Села-други видови објекти (број на села: 293) | 125 067 | 239 | 1621 | 1616 | 266 | 16,46 | 1618 | 595 | 36,77 |
| Викенд населби, хотелско-угостителски и туристички објекти од сопствено извориште (број на објекти: 62) | / | 73 | 351 | 350 | 34 | 9,71 | 351 | 37 | 10,54 |
| Работни организации кои се значителни потрошувачи на вода од сопствено извориште (број на објекти: 107) | / | 63 | 992 | 978 | 76 | 7,8 | 990 | 139 | 14,04 |
| Води со посебни својства (број на објекти: 32) | / | 31 | 207 | 134 | 39 | 29,1 | 204 | 21 | 10,29 |
| Останати објекти (крајпатни, споменични во ридско-планински или рекреативни подрачја и сл.) број на објекти: 115 | / | 124 | 391 | 391 | 46 | 11,76 | 390 | 121 | 31,02 |
| ***В К У П Н О*** | **2 190 285** | **1535** | **17 547** | **17296** | **2040** | **11,79%** | **17530** | **2192** | **12,5%** |

Анализата на податоците од водоснабдувањето на градските населби покажува дека санитарно-хигиенската состојба на објектите за водоснабдување и здравствената исправност на анализираните примероци вода генерално задоволува, односно е во граница на очекуваното, во споредба со претходните години. Со оваа анализа се опфатени 32 градски населби со 1.261.134 жители. Секоја година се земаат и испитуваат околу 7500 примероци за бактериолошка и физичко-хемиска анализа во лабораториите на Центрите за јавно здравје во обем на т.н. основна анализа. Најчеста причина за неисправни наоди во физичко-хемиската анализа се должи на отсуство на резидуален хлор или зголемена содржина на железо, но не и од примероците вода од водоводната мрежа.
За сите неисправни примероци вода за пиење редовно е известувана Агенцијата за храна и ветеринарство.

**Воздух**

Врз основа на Законот за здравствена заштита („Службен весник на РМ" бр. 38/91, 46/93, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08 и 67/09) и Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" бр.67/04) ЈЗУ Центрите за јавно здравје имаат обврска да организираат и вршат следење на квалитетот на воздухот во населените места.

Со Законот се уредуваат мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадувањето на амбиентниот воздух врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на гранични вредности за квалитет на амбиентниот воздух и прагови на алармирање, гранични вредности за емисии, формирање на единствен систем за следење и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух и следење на изворите на емисии, сѐопфатен систем за управување со квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии, информативен систем како и други мерки за заштита од одредени активности на правните и физичките лица кои имаат директно или индиректно влијание врз квалитетот на воздухот.

Согласно Законот за квалитет на амбиентен воздух (пречистен текст со измени од 2010 година) дефинирано е дека Министерството за животна средина и просторно планирање подготвува **Национален план за заштита на амбиентниот воздух** кој треба да го усвои Владата на Република Македонија. Планот произлегува од барањата на Конвенцијата за прекуграничен пренос на загадувањето на воздухот (имплементирана преку нејзините осум протоколи).
Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот на Република Македонија е во согласност со барањата на ЕУ регулативите. Редовното континуирано работење на овој систем овозможува идентификација на квалитетот на амбиентниот воздух на територија на Република Македонија, со цел информирање на јавноста, научни и стручни институции, известување согласно барањата на меѓународните договори и институции и подготвување на планови и програми за подобрување на квалитетот на воздухот.

Врз основа на член 27 став 2, 3 и 4 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2004, 92/2007) усвоени се следните подзаконски акти:

- Правилник за детална содржина и начинот на подготвување на програмата за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиетниот воздух ("Службен весник на Република Македонија" бр. 108/2009);
- Правилник за детална содржина и начинот на подготвување на акциониот план за заштита на амбиентниот воздух ("Службен весник на Република Македонија" бр. 108/2009);
- Правилник за детална содржина и начинот на подготвување на националниот план за заштита на амбиентниот воздух ("Службен весник на Република Македонија" бр. 108/2009).

Националниот план за заштита на амбиентниот воздух, треба покрај другото, да обезбеди и:

- одржување на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните каде што не се надминуваат граничните вредности на квалитет;
- подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во зоните каде што се надминуваат граничните вредности за квалитет;
- преземање на мерки за намалување на емисиите од определени стационарни извори на загадување;
- усвојување на неопходни мерки за минимизирање и целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух.

Во Законот за квалитет на амбиентниот воздух се дава основа за формирање и работа на државна мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, која ќе ги обедини трите постоечки мрежи, како и локални мрежи за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух во поедини единици на локална самоуправа, ако се утврди потреба од посебно дополнително следење на квалитетот на воздухот на локално ниво. Активностите за формирање и работа на државната мрежа се предвидени во Акциониот план за европското партнерство.

Со Националната годишна програма за јавно здравје во Република Македонија се утврдува обемот на мерки, задачи и активности што ги реализираат 10-те регионални Центри за јавно здравје со нивните подрачни единици и Институтот за јавно здравје на РМ и тоа со испитување на следните видови загадувачки материи:

- во Центарот за јавно здравје - Скопје се испитува чад, $SO_2$, аероседимент, јаглерод моноксид и олово;
- во Центарот за јавно здравје - Велес се испитува чад, $SO_2$, аероседимент, олово, кадмиум и цинк;

- во Центрите за јавно здравје Битола, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово и Штип се испитува аероседимент; во Куманово олово, кадмиум и цинк;
- во Битола е поставена автоматска мерна станица која ги следи концентрациите на $CO_2$; CO; NOx; $O_3$ и $PM_{10}$;
- во Институтот за јавно здравје на РМ на 4 мерни места од Скопје се следи олово, кадмиум, железо, манган, бакар, цинк, кобалт, никел, хром и стронциум во аероседимент.

Во 2009 година беше донесена Листа на зони и агломерации за квалитет на амбиентен воздух („Службен весник на Република Македонија", бр.23/2009). Со оваа листа се имплементираат барањата од рамковната директива за квалитет на воздух 96/62/ЕЗ и сродните директиви. Со воспоставувањето на зони и агломерации се дава основа за подготовка на програми за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и акциони планови за заштита на амбиентниот воздух на ниво на единиците на локалната самоуправа.

Во текот на 2010 година беа досени и следните закони за ратификација на првите пет протоколи на Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот:

- Закон за ратификација на Протоколот за понатамошно намалување на емисиите од сулфур од 1994 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот („Службен весник на РМ" бр. /10);
- Закон за ратификација на Протоколот за намалување на емисиите на сулфур или нивните прекугранични пренесувања за најмалку 30% од 1985 година, кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот („Службен весник на РМ" бр.24 /10);
- Закон за ратификација на Протоколот за долгорочно финансирање на Програмата за соработка за мониторинг и оценување на далекусежното пренесување на загадувачите на воздухот во Европа (ЕМЕП) кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот („Службен весник на РМ" бр. 24/10);
- Закон за ратификација на Протоколот за контрола на емисиите од испарливи органски соединенија (VOC) или нивните прекугранични пренесувања од 1991 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот („Службен весник на РМ" бр.24 /10);
- Закон за ратификација на Протоколот за контрола на емисиите од азотни оксиди или нивните прекугранични пренесувања од 1988 година кон Конвенцијата на UNECE од 1979 година за далекусежно прекугранично загадување на воздухот („Службен весник на РМ" бр. 24/10).

**Бучава**

Спроведената студијата за проценка на ризикот од комуналната бучава кај училишната популација покажа дека децата кои учат и живеат во мешовита станбено-деловна зона, во централното подрачје на Град Скопје, се изложени на зголемено ниво на бучава, повисоко од 55 dB(A), а децата кои живеат и учат во приградска населба, која е исклучиво станбена зона, се изложени на бучава пониска од 55 dB(A). Неуротските пореметувања поврзани со стрес кај училишните деца се истражувани преку утврдување на анксиозност, внимание, хиперактивност, социјална адаптабилност и опозиционерство. Бихејвиоралните промени (промени во однесувањето) кај учениците кои живеат и учат во средина со зголемено ниво на бучава во градот Скопје се веќе изразени на возраст од 10-11 години, и се манифестираат како намалена социјална адаптабилност и зголемено опозиционерството.

Резултатите од научноистражувачката студија за проценка на ефектите кај возрасната популација од изложеност на бучавата во градот Скопје, како најголем урбан центар укажуваат дека:

- во мешовити станбено-деловни зони во централното подрачје и пошироко, со интензивен сообраќај, дневното и ноќното ниво на бучава ги надминува граничните вредности за 9-15 dB(A), односно дека дневното и ноќното ниво на бучава е зголемено за 9 dB(A), во однос на граничната вредност;
- утврдено е дека постои висок степен на вознемиреност кај 13% од урбаната популација, и кај 33% е застапен умерен степен на вознемиреност предизвикана со бучава. Доминантни извори кои предизвикуваат вознемиреност се бучавата од градежните активности, бучавата од сообраќајот, бучавата од угостителството и луѓе собрани на едно место;
- висок степен на нарушување на спиењето предизвикан со комуналната бучава постои кај 8% од урбаната популација, а умерен степен на нарушување на спиењето е утврден кај 18%, односно вкупно кај 26% е евидентирано нарушување на спиењето. Најчести причини се: сообраќајната бучава, бучавата од соседството, бучавата од социјалните активности на луѓето;
- вулнерабилни групи при изложеност на комуналната бучава се хронично болните лица од хипертензија, депресија, мигрена, артрози, ревматски болести, хронични респираторни болести.

Согласно Законот за заштита од бучавата во животната средина дефинирани се граничните вредности за нивото на бучавата со Правилникот од 2008 година за гранични вредности кои се усогласени со препораките на Светската Здравствена Организација и со Европското законодавство за управување со бучавата. Исто така, секундарното законодавство кое овозможува имплементација на законот е заокружено со донесувањето на подзаконските акти за индикатори за бучава, стратешки карти за бучава и Уредбата за мониторинг на животната средина, со која е опфатен и мониторингот на бучавата.

**Заштита од радиоактивност во животната средина**

Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност ("Сл. весник на РМ" бр.154/10) од 2010 година, Правилникот за максимално дозволени количини на радионуклеиди во храна, вода, воздух, земјиште, производи и суровини од животинско и растително потекло и предмети за општа употреба ("Сл. весник на РМ бр.163/09"), Правилникот за максимални граници на радионуклиди во градежни материјали ("Сл. весник на РМ" бр. 98/10), Правилникот за безбедност на водата ("Сл. весник на РМ" бр. 46/08) како и Директивите на ЕУРАТОМ и Националната годишна програма за јавно здравје, во Институтот за јавно здравје се врши систематско следење на контаминацијата со радиоактивни материи на:

- воздухот во Скопје и Гевгелија;
- атмосферските талози во Скопје, Гевгелија и Охрид;
- почвата од Скопје и Штип;
- водите од реката Вардар кај Гевгелија, од Охридско Езеро кај с.Радожда и од реката Лепенец на вливот во Вардар;
- градинарските производи од разни производни подрачја;
- добиточната храна од некои подрачја;
- водите од водоводите во Скопје, Охрид и Битола;
- млекото - производ на млекарницата во Битола;
- лебот и брашното;
- градежни материјали;
- лековити билки; како и
- увозот, извозот и домашниот промет со разни видови производи.

Степенот на контаминацијата со радиоактивни материи е проверуван преку следење на параметрите:

- вкупна бета и вкупна алфа радиоактивност (воздух, атмосферски талози, води за пиење и географски води);
- присуство на гама емитери во сите примероци од програмата и во вонредните примероци;
- присуство на вештачкиот радионуклид Sr-90 во сите примероци од програмата.

После примерите на топење на метален отпад со напуштени радиоактивни извори во повеќе Европски држави вклучително и Македонија, а со цел спречување на контаминација на територијата на Р. Македонија како и пролиферацијата со нуклеарни материјали, во рамките на Законската надлежност за мониторинг. Инситутот за јавно здравје во 2000 година формира дозиметриски екипи за:

- обезбедување на 24-часовен сервис, контрола и детекција на камиони и вагони со стар отпаден метал од увоз на граничните премини и терминали утврдени со Царинската управа на Р. Македонија;
- одржување на линкот меѓу мобилните дозиметриски тимови со Дирекцијата за радијациона сигурност, Царинската управа и Граничната полиција преку нивна 24-часовна достапност , согласно Националната стратегија и Програма за Интегрирано Гранично Управување во РМ.

ЈЗУ Институтот за јавно здравје, согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност е надлежна институција за следење на нивото на радиоактивната контаминација на животната средина во Република Македонија од сите закани со радиоактивни материи. Институтот во континуитет од 1967 година, го спроведува националниот мониторинг.

**Климатските промени и здравјето во република Македонија**

Препознавајќи дека глобалните климатски промени, претставуваат сè поголема растечка закана врз безбедноста на здравјето, во 2008 година, Регионалната канцеларија на Светската здравствена организација за Европа го започна двегодишниот Проект финансиран од страна на германскато федерално Министерството за животна средина, заштита на природата и нуклеарна безбедност: "Заштита на здравјето од климатските промени – Иницијатива на седум земји".
Министерството за здравство, на 17.06.2009 година ја назначи Комисијата за климатски промени и здравје, како одговорно тело за надзор на активностите и за донесување одлуки, поврзани со Проектот. За да се одговори на потенцијалните закани по здравјето од климатските промени, и да се спречат, со Проектот во Република Македонија се спроведе процена на влијанието врз здравјето, ранливоста и адаптацијата кон климатските промени, како основа за развој на национална здравствена адаптациона стратегија.

Целите на проектот во Република Македонија беа следниве:

- да се проценат влијанијата врз здравјето од климатските промени и да се изготви кохерентен пакет со препораки за меѓусекторско креирање политики;
- да се развијат капацитети за проценка на ризиците од климатските промени и за дејствување кај професионалците од областа на животната средина и од здравството;
- да се изготват и спроведат Акциони планови за заштита на здравјето на населението од топлотни бранови;
- да се опремат две медицински установи со опрема за искористување на сончевата енергија (две општи болници во региони со највисок соларен индекс) за да се спроведат пилот проекти за енергетска ефикасност и самоодржливост во области ранливи на летните горештини и на прекини во

снабдувањето со енергија, со што би се овозможиле услови за намалување на емисиитее на CO2;

- изготвување навремени информации за ризиците од заразни болести поврзани со климата на општинско и национално ниво.

Резултатите постигнати во периодот од 2009-2011 како дел од овој проект реализиран во соработка меѓу Светската здравствена организација, Министерството за здравство и други партнери како што се Министерството за животна средина и просторно планирање, Националниот институт за јавно здравје, Центрите за јавно здравје, Службата за итна медицинска помош од Скопје, Управата за хидрометеоролошки работи, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Црвениот крст на Град Скопје, невладината организација МАЦЕФ и други се следниве:

Зајакнување на националниот капацитет за проценка на влијанијата врз здравјето од климатските промени опфати:

- обука на повеќе од 600 здравствени работници, професионалци во областа на животната средина, новинари и други профили за влијанието на климатските промени врз здравјето;
- Проценка на влијанијата врз здравјето од климатските промени во Република Македонија;
- Студија за испитување на влијанието на топлотните брановите врз морбидитетот во летните месеци во Република Македонија во периодот 1994-2009 година;
- Студија за утврдување на врската меѓу појавата на инфекции со салмонели и дистрибуцијата на просечната неделна температура за периодот 1996-2009 година;
- Студија за присуството на векторот Aedes albopictus во Република Македонија - објавена во 2011 година;
- Студија за влијанието на климатските промени врз поленската микро-флора поврзани со респираторните алергии кај возрасната популација во Град Скопје - објавена во 2011 година;
- Студија за штетите по здравјето и економијата од климатските промени и за трошоците за адаптација на топлотните бранови;
- Публикацијата „Ефектите врз здравјето од климатските промени во Република Македонија" – изготвена и објавена на македонски, англиски и албански јазик;
- Стратегија за адаптација на здравствениот сектор кон климатските промени во Република Македонија, која беше изготвена и усвоена од Владата во февруари 2011 година;

- Акционен план за заштита на здравјето на населението во Република Македонија од топлотни бранови, усвоен во февруари 2011;
- систем за рано предупредување за топлина кој има за цел навремено објавување на топлотни бранови, вклучувајќи дизајн на софтверот и донација на опрема за негово функционирање, е изработен и достапен на веб страната www.toplotnibranovi.mk;
- изготвени и отпечатени се информативни летоци за заштита од топлотни бранови наменети за општата популација, менаџерите во здравствени и социјални установи, матичните лекари и работниците;
- извршени проценки за енергетската ефикасност и безбедноста на болниците во Гостивар и Штип и изготвени извештаи за проценките;
- соларни термални системи и термостатски вентили монтирани во двете пилот болници;
- реализирана студија за економските и ефектите врз животната средина од интервенциите во пилот болниците, вклучувајќи и проекција за намалувањето на емисијата на CO2 на општинско ниво, како и долгорочна прогноза на економската корист;
- организирана студиска посета на тема енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија на LVR клиниката во Бон, во која учество зедоа 5 професионалци од Република Македонија;
- Публикацијата „Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија - Прирачник за менаџерите во здравствениот сектор“ беше изготвена и објавена во декември 2011 година на македонски, англиски и албански јазик;
- организирана обука за здравствените менаџери како и за медицинскиот и немедицинскиот персонал за важноста на енергетската ефикасност во здравствениот сектор;
- се реализираат активности за подигнување на свеста на здравствените менаџери и на медицинскиот и немедицинскиот персонал за важноста на енергетската ефикасност во здравствениот сектор. Навремено информирање за ризиците од заразни болести поврзани со климата на општинско и национално ниво
- Упатство за поврзаноста меѓу климатските промени и инфективните заболувања - Прирачник за здравствените работници, со цел да се подигне свеста на здравствените работници како и на населението во врска со ризиците од појавата на инфективни заболувања; Упатството е изготвено и објавено на македонски, албански и англиски јазик во јуни 2011 година;
- организирана обука на повеќе од 300 специјалисти по епидемиологија, специјалисти за инфективни заболувања, специјалисти по хигиена и други здравствени работници на тема „Климатските промени и инфективните заболувања“;
- спроведени се голем број експертски мисии и обуки, семинари и конференции.

Исто така, организирани се активности за градење на капацитети на медиумите за прашања поврзани со климатските промени и здравјето (работилници, посети на терен, продукција на видео материјали и сл.). Создадена е група од петнаесет млади новинари кои изразија подготвеност да соработуваат во мрежата на млади новинари кои ќе третираат прашања за здравјето и животната средина, со акцент на климатските промени. Изградено е партнерство меѓу агенциите и министерствата и подобрена е координацијата. Од есенцијална важност се споделувањето информации и обуките, изградбата на капацитетите и подигнувањето на јавната свест.

**Азбест**

Начинот и постапувањето со отпад со азбест и со производи кои содржат азбест, се уредени со Правилникот за начин на постапување со отпад од азбест и со производи кои содржат азбест („Службен весник на РМ" бр. 89/2006).

Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) е надлежно за транспонирање на ЕУ Директивата 87/217/ЕЕС од 19 март 1987 – Спречување и намалување на загадувањето од азбест во животната средина. Согласно табелите за усогласеност и имплементација од Прогрес мониторингот, кој во МЖСПП се прави седма година по ред, горенаведената Директива е имплементирана 35 %. Затоа, во план е формирање на мултисекторска работна група (координативно тело) со цел ажурирање на овие табели со новите сознанија, како внатре од МЖСПП, така и од другите институции, со што процентот на имплементација значително ќе порасне. Во зависност од тоа, за целосна имплементација на директивата, ќе треба да се одлучи дали ќе се вршат измени и дополнувања во постојната легислатива, или пак ќе се донесе нова Регулатива за превенција и намалување на загадувањата од азбест во животната средина согласно директивата.

Работната група ќе биде составена од претставници на надлежните министерства (Министерство за заштита на животната средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство), коморите и синдикатите (на пр. комора на инженери и архитекти, Сојузот на градежни работници, итн.), невладини организации, експерти од академските институции и индустријата итн. Работната група треба да биде предводена од Националниот координатор за азбест избран меѓу членовите на Работната група.

Контролата на азбест, покрај директивата 87/217/ЕЕС, е предмет на неколку други директиви насочени кон заштита на здравјето и безбедноста на луѓе, кои индиректно помагаат во заштитата на животната средина.

Така, Директивата 31987L0217 за азбест, иако припаѓа на областа хемикалии, се имплементира и во областите:

- квалитет на воздух (мерки за спречување и намалување на емисии на азбест во воздухот);

- управување со отпад (технички совети и насоки, односно опции за справување со азбест);
- контрола на индустриско загадување;
- води; и
- безбедност и здравје при работа.

Реализираниот проект (2010/2011 година) финансиран од Европската унија **Градење капацитет за забрана и напуштање на азбестот во земјите од Западен Балкан (KAPAZ)** е даден на WEB страната: http://www.gaussinstitute.org/kapaz5/ и истиот содржи:

- Студија за постојната состојба со азбест во земјите од Западен Балкан,
- основни информации за азбестот (брошура 1);
- работа врз азбесни материјали (брошура 2);
- отстранување на азбестен отпад (брошура 3);
- управување со азбесни материјали (брошура 4);
- Практичен водич за најдобра пракса да се спречи или минимизира ризикот при работа со материјали кои содржат (или можат да содржат) азбест: за работодавачи, работници и трудови инспектори; и
- Акционен план за забрана и исфрлање од употреба на азбест во Република Македонија.

Поврзано со азбестот, од другите институции донесени се следните акти:

Бирото за лекови:

- Листа за изменување и дополнување на листата на забрани и ограничувања за употреба на хемикалии);
- Правилник за податоците кои се водат за секоја хемикалија во регистарот на хемикалии;
- Листа на ограничувања и забрани;
- Листа на супстанции кои се класифицирани во одредени класи на опасност;
- Посебни правила за обележување на производите кои содржат азбест.

Министерство за труд и социјална политика:

- Конвенција за азбест (Бр. 162од 1986 година);
- Препорака за азбест (Бр. 172 од 1986 година);
- Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на вработените од ризиците поврзани со изложување на азбест при работа.

ИСРМ:

- МКС EN ISO 16000-7:2009 - Воздух во затворена просторија - Дел 7: Стратегија за земање на примероци за одредување на концентрации на азбесни влакна во воздух (ISO 16000-7:2007);
- МКС ISO 10397:2008 - Стационарни извори на емисии - Одредување на емисии на азбест од постројки - Мерна метода со броење на влакна (идентичен со ISO 10397:1993).

Во 2010 година е спроведена Студија за оценка на влијанието врз животната средина при транспортот и депонирање на градежен отпад кој содржи азбестни компоненти во Град Скопје.

Во 2007 година се донесе Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на РМ" бр. 92/07) заснован на Рамковната директива 89/391/ЕЕС за воведување на мерки и активности насочени кон подобрување на безбедноста и здравјето на работниците при работа. Со овој закон се утврдуваат мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и правата и обврските на вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранувањето на ризичните фактори за несреќа, информирање, консултирање, обука на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирањето и преземањето на мерки на безбедност и здравје при работа.
Како основен принцип, согласно Законот, е принципот на превенција на повредите при работа, професионалните болести и болестите во врска со работата.

Директивата 83/477/ЕЕЗ на Советот од 19 септември 1983 г. за заштита на работниците од ризиците поврзани со изложување на азбест на работното место (втора поединечна директива во рамките на значењето на член 8 од Директивата бр. 80/1107/ЕЕЗ), Директиваsа на Советот 91/382/ЕЕС од 25.06.1991 год. со која се изменува Директивата 83/477/ЕЕС, и Директивата 2003/18/ЕЦ на Европскиот парламент и на Советот од 27.03.2003 година со која се изменува Директивата 83/477/ЕЕС, се транспонирани во Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје на вработените од ризиците поврзани со изложување на азбест при работа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2009). Одредбите на овој правилник се применуваат за активностите каде што вработените се изложени или може да бидат изложени на азбестна прашина или материјали што содржат азбест во текот на нивната работа.

## II КОНТРОЛА И БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Општи цели на политиката за безбедност на храната во Република Македонија се да обезбеди високо ниво на заштита на здравјето на луѓето и интересите на потрошувачите во однос на храната, преку имплементација на стандардите и барањата за безбедност на храната на Европската унија.
Определбата на Република Македонија за пристапување во ЕУ и должностите за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ја утврдуваат потребата за усогласување на националното законодавство од областа на безбедноста на храната со соодветното ЕУ Acquis, како и негова целосна имплементација во секторот храна.
Во насока на обезбедување на интегриран и сеопфатен приод во контрола на храната како и со цел надополнување и поврзување на одредени сегменти и подрачја, Република Македонија се одлучи на редефинирање на системот за безбедност на храната и изгради единствен интегриран систем за безбедност на храната.
Комплексноста на институционалната поставеност на системот за контрола на безбедноста на храна во Република Македонија до 2010 година, која беше распределена меѓу две министерства, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управа за ветеринарство и Министерството за здравство-Дирекција за храна, резултираше со слаба соработка и кооридинација на релевантните институциите, воедно неможност да се воспостави единствен систем на безбедност на храна, кој би го опфатил комплетниот ланец на безбедноста на храна.
Институционалната поставеност претрпи измени со цел да се обезбеди соодветна поделба на надлежностите, координација на активностите и покривање на целиот ланец на безбедност на храна, а сѐ во насока на ефикасна имплементација на политиката за безбедност на храната. Тоа вклучува адаптирање на методите на контрола, подготовка и имлементација на законодавството, имплементација на ЕУ пристапот кон официјалните контроли и редефинирање на улогата на лабораториите. Исто така, извршени се нови институционални преуредувања, со цел да се обезбеди соодветна координација во рамките на системот за контрола, да се подобри ефикасноста, контролата врз трошењето на буџетските средства и транспарентноста.

Формирањето на независен орган на Владата на Република Македонија се покажа како најприфатлив организацизациски модел на систем за контрола на храната во Република Македонија согласно практиките на Европската Унија. Оттука, со донесувањето на Законот за безбедност на храната ("Службен весник на РМ" 157/10 од 08.12.2010) воспоставена е **Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија**, во која се инкорпорираат постојните: Управа за ветеринарство, како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за храна како орган во состав на Министерството за здравство. Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија започна со работа на 1- ви Јануари 2011 година.

Шематскиот приказ на системот за контрола на храната во Република Македонија е даден во ***Прилог I*** од овој Извештај, а организационата структура на Агенцијата за храна и ветеринарство е дадена подолу.

**Организациска структура на Агенцијата за храна и ветеринарство**




Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) е надлежен орган за координација на законодавството и контролните системи за прашањата од областа на безбедност на храната и храната за животни меѓу надлежните институции во Република Македонија, како и комуникација со институциите на Европската унија од областа на безбедност на храната, храна за животни, ветеринарна и фитосанитарна политика.
Агенцијата е контакт точка за EFSA, RASFF и Кодекс Алиментариус.
Во рамки на Агенцијата воспоставени се соодветни механизми за подобрување на административните капацитети (зголемен број на вработени, обуки, проверка на

стручноста итн.). Од формирањето до денес, значително се зајакнати инситуционалните и административните капацитети:

- најголемиот дел од пакетот на EU acquis кој се однесува на Поглавјето 12, е транспонирано во законодавството во надлежност на АХВ;
- значително се зајакнати капацитети со вработувања и подобрување на перформансите на спроведување на официјалните контроли како на централно така и на регионално ниво за успешна имплементација на законодавството;
- воспоставен е систем на обуки, управување со човечки ресурси, како и систем на внатрешна контрола.

Зајакнувањето на капацитетите Агенцијата за храна и ветеринарство од аспект на организација, управување и координација овозможува понатамошно унапредување и надградба на системите во нејзина надлежност. Во тој контекст, воспоставен е систем за контрола на квалитет, планирани се подготовки за акредитација на инспекциските служби на Агенцијата за храна и ветеринарство во рамки на Проектот IPA 2009 согласно Европскиот стандард – EN 45004 или друг стандард соодветен за работењето на службите.

Со Проектот ИПА 2010 се предвидува поврзување на податоците кои се однесуваат на сите институции надлежни за безбедност на храна во еден систем, како и twinning проект кој ќе помогне во јакнење на капацитетите на Агенцијата за храна и ветеринарство во поглед на имплементација на Европското законодавство кое е транспонирано во националното.

Во однос на законодавството битно е да се напомене дека Владата на РМ во првата половина на 2010 година ја усвои Одлуката за методологија на транспозиција на Европското законодавство. Со истата е воведен и формализиран Системот на фуснота со индиректно реферирање на Европското законодавство кое се транспонира во националното секундарно законодавство. На овој начин е воспоставена постапка која овозможува целосно транспонирање на законодавството на ЕУ, како и постигнување конзистентност и еднообразност, односно давање јасни насоки за процесот на транспозиција на Европското законодавство. Детален и систематски приказ на усвоеното законодавство усогласено со релевантното EU acquis во надлежност на АХВ опфатено со Поглавјето 12, безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, е даден во ***Прилог II.***

**Единственот систем за безбедност на храната е составен од централни тела, инспекциски служби и лаборатории.**

**<u>Централно ниво</u>**

Обезбедување на компатибилност со контролните системи на Европската унија е една од определбите и воедно обврска на Република Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ.

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за системот за контрола на храната во Република Македонија во неколку области и тоа:

- контролен систем за здравствена заштита на животните;

- контролен систем за храна од животинско потекло;
- контролен систем за увоз на храна од животинско потекло;
- контролен систем за храна за животни и исхрана на животните;
- контролен систем за ТСЕ и нус производи од животинско потекло;
- контролен систем за ветеринарно-медицински препарати и резидуи;
- контролен систем за генерална безбедност на храната;
- контролен систем за увоз на храна од растително потекло;
- контролен систем за пестициди; и
- контролен систем за благосостојба на животните.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) е надлежен орган за развој и имплементација на земјоделската политика и безбедноста на храна од растително потекло само во поглед на примарното растително производство.

Секој од горенаведените системи во изминатите 5 години бележи значителен напредок. Конкретно, во однос на системот за контрола на болести кај животните постигнати се следните резултати:

- во однос на законодавството веќе се усвоени сите предвидени мерки за сузбивање и искоренување на болести што задолжително се пријавуваат;
- изготвени се планови за итни мерки (contingency plans) за сите болести утврдени во законодавството на ЕУ;
- надзорот на болестите е зајакнат;
- подигната е свеста кај јавноста и во професионалните кругови во однос на значењето на болестите, превентива и нивно пријавување;
- ефикасно спроведување на програмите за контрола и сузбивање на болестите поради зголемување на буџетските средства за реализација на активностите од програмите;
- успешност на вакциналните кампањи и зголемен имунитет на стадата во однос на бруцелоза кај малите преживари (овци и кози);
- лабораториските капацитети се зајакнати со отворање на нова лабораторија за дијагностика на беснило, како и воведување на нови дијагностички методи за испитување на беснило и класична свинска чума;
- во изминатите 2 години, успешно се спроведува вакцинална кампања против беснило кај дивите животни.

Исто така, во споредба со претходните години со промената на политиката на сузбивање на бруцелозата кај овците и козите, со воведување на задолжителна вакцинација, епидемиолошката состојба за бруцелоза кај говедата забележува значително подобрување, а со тоа и намалување на бројот на заболени луѓе.

## Подрачни единици

### Инспекциски служби

Инспекциските служби надлежни за контрола на безбедноста на храната вршат контрола на целокупниот ланец на храна (надзор на објектите за производство, преработка, складирање, дистрибуција, прометот (внатрешен и меѓународен) со храна, надзор на вработените и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната и објектите за храна, земаат мостри, ги испраќаат мострите на лабораториски испитувања и постапуваат по наодите од лабораториските анализи. Инспекциските служби се рапределени во одделенија во рамки на соодветните сектори на следниов начин:

- официјалните ветеринари за здравствена заштита и благосостојба на животните, официјалните ветеринари за ветеринарно јавно здравство и инспекторите за храна се сместени во подрачните едининци на АХВ во Република Македонија; и
- официјалните ветеринари и државните инспектори на граничен премин се сместени на граничните премини назначени од Владата на Република Македонија.

Согласно Законот за безбедност на храната, Агенцијата за храна и ветеринарство има обврска да подготви Извештај за работата на секторите односно инспекциските служби и за тоа да ја информира Владата на РМ. Извештајот е од јавен карактер и истиот може да се најде на web страната на АХВ, www.fva.gov.mk. Резултатите од официјалните контроли на инспекциските служби на Агенцијата за храна и ветеринарство за периодот од јануари 2011 до декември 2011 се прикажани во ***Прилог III*** кон овој Извештај**.**

## Лаборатории

Испитувањата на безбедноста и квалитетот на храната се вршат во референтни или овластени лаборатории. Исто така лабораториите се одговорни за стручно мислење во поглед на исправноста/погодноста на храната за човечка употреба. Врз основа на лабораториските наоди инспекциските служби постапуваат соодветно, односно одобруваат ставање во внатрешен промет, увоз или извоз на храната. Во спротивно, доколку лабораториските наоди покажале дека храната не е погодна за човечка употреба, во тој случај се става забрана за ставање во внатрешен промет, увоз или извоз на храната, односно се спречува пристап на небезбедната храна до крајните потрошувачи.

Националните референтни лаборатории во поглед на испитувања на примероци од храна се одговорни за лабораториска анализа и проценка на ризикот.

Согласно Законот за ветеринарно здравство, лабораториите кои му припаѓаат на Факултетот за ветеринарна медицина (ФВМ) е назначена како национална лабораторија за спроведување лабораториски анализи од службени контроли на Агенцијата за храна и ветеринарство.

ФВМ беше акредитиран на 25.06.2008 од страна на Институтот за Акредитација на Република Македонија за исполнување на барањата на стандардот *МКС ISO/IEC*

*17025:2006.* (сертификат бр. LT-006). Предметот на уредување на акредитацијата е како што следи: биологија, микробиологија, биохемија (2.02-службен документ издаден од страна на Институтот за акредитација, интернет страна: www.iarm.gov.mk) Досега постојат 90 акредитирани методи (7 од областа на испитување на болести кај животните, а останатите од другите горе-споменати области). Истите се достапни на интернет страна на Институтот за акредитација, www.iarm.gov.mk. Тестирањата се вршат во целосно реконструирани и добро опремени лаборатории: Институт за храна и Ветеринарен Институт. Имплеметацијата на стандардот *МКС ISO/IEC 17025:2006* и акредитацијата на ФВМ претставува гаранција за клиентите дека резултатите од тестирањата се веродостојни и во согласност со најновите национални и меѓународни стандарди и регулативи, како и доказ за обезбедување високо доверливи услуги на клиентите.

Институтот за јавно здравје на РМ учествува во националниот систем за контрола на безбедноста на храната преку лабораториско тестирање на безбедноста, во соработка со инспекциските служби и со операторите со храна. Во Институтот одредени лабораториски методи се акредитирани според стандардот 17025 и се во континуиран процес на одржување на акредитацијата и проширување на обемот на акредитација.

Особено е значајна активноста за тестирање на безбедноста на производите од домашно потекло пред да се пуштат во промет или да се извезуваат. За да се гарантира безбедноста на храната во целиот синџир (од нива до трпеза) и со тоа потрошувачот да биде сигурен дека конзумира безбедна храна неопходно е да се обезбеди континуиран мониторинг на храната. За таа цел, Владата на Република Македонија на годишно ниво (на почетокот од секоја година) донесува Програма за мониторинг на безбедноста на храната во Република Македонија (последната, за 2012 г. која е воедно на сила е објавена во "Службен Весник на РМ" 23/2012 на 15.02.2012. Програмата има за цел одредување на присуството и концентрациите на контаминентите во храната како и евалуација на нивното влијание врз здравјето на човекот,

За реализација на програмата се грижи Агенцијата за храна и ветеринарство преку избор на лаборатории и истата е составена од четири дела: Мониторинг на микробиолошката исправност на одредени видови прехранбени производи; Мониторинг со детектирање на квантитативното присуство на резидуи од пестициди во однос на максималното дозволеното количество (МДК) во зеленчук, овошје и нивни преработки; Мониторинг со детектирање на присуството на тешки метали во одредени видови прехранбени производи и Мониторинг со детектирање на присуството на микотоксини во одредени видови прехранбени производи.

Во однос на прехранбените производи од страна на Институтот за јавно здравје испитувани се следните групи параметри:

- квалитет (состав, хигиенски квалитет, органолептички особини), декларација;
- адитиви (конзерванси, прехранбени бои, вештачки сладила);

- пестициди (органохлорни, органофосфорни);
- тешки метали (олово, кадмиум, арсен, жива, манган, бакар железо)
- микотоксини (афлатоксини Б1, Б2,Г1 Г2,);
- антибиотици;
- микробиолошка исправност;
- радионуклеиди.

Во текот 2008 год. во овластените стручни институции се испитани вкупно 19558 мостри прехранбени производи, и тоа 12478 мостри на прехранбени производи од увоз, а 7080 мостри од домашно производство и промет од кои 4873 од големи и средни производни организации, 1504 од мали производни организации и 703 мостри од прометот на прехранбените производи.

| **Обем на испитувани групи параметри во 2008 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Параметар | Вкупно | Увоз | | Промет и домашно Производство | |
| | | Вкупно | Неисправни | Вкупно | Неисправни |
| Квалитет | 14822 | 9869 | 35 (0.3%) | 4957 | 142 (2.8%) |
| Адитиви | 3292 | 2356 | 8 (0.3%) | 936 | 5 (0.5%) |
| Пестициди | 8064 | 6437 | 0 | 1630 | 3( 0.2%) |
| Тешки метали | 10651 | 8734 | 10 (0,1%) | 1911 | 55 (2.9%) |
| Микотоксини | 2296 | 2011 | 0 | 285 | 2 (0.7%) |
| Микробиолошка исправност | 19065 | 10216 | 127 (1.2%) | 9852 | 629(6.4%) |
| Антибиотици | 3429 | 2335 | 1(0.04%) | 1094 | 2(0.2%) |
| Радионуклеиди | 651 | 313 | 0 | 338 | 1(0.3%) |

Извор: Институт за јавно здравје на РМ

Анализата на здравствената безбедност на прехранбените производи покажува повисок процент неисправни производи од промет и домашно производство во однос на квалитет (2.8%) наспроти прехранбените производи од увоз (0.3%) Исто така, микробиолошката неисправност е значително повисока кај анализираните производите од домашно производство (6.4%) во споредба со микробиолошката неисправност кај анализираните мостри од увоз чиј процент е значително понизок (1.2%). Сите испитани 6437 мостри прехранбени производи на присуство на резидуи на пестициди од увоз одговарале на законските прописи за безбедност на храна, само кај 3 производи од домашно производство анализирани во РЗЗЗ детектирани се резидуи на пестициди над максимално дозволената концентрација. Кај анализата на тешки метали се детектирани неисправни примероци во процент (0.1%) кај

производите од увоз, а кај производите од домашно производство и промет процентот е 2.9%. Кај анализираните примероци за микотоксини неисправни биле два производи од домашно производство и промет во 0.7%.

Во текот 2009 год. во овластените стручни институции се испитани вкупно 17988 мостри прехранбени производи и тоа 8642 мостри на прехранбени производи од увоз, а 9346 мостри од домашно производство и промет од кои 3967 од големи и средни производни организации, 3326 од мали производни организации и 2053 мостри од прометот на прехранбените производи.

| **Обем на испитувани групи параметри во 2009 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Параметар | Вкупно | Увоз | | Промет и домашно Производство | |
| | | Вкупно | Неисправни | Вкупно | Неисправни |
| Квалитет | 10644 | 6693 | 34<br>0.5% | 3951 | 83<br>2.1% |
| Адитиви | 1709 | 977 | 5<br>0.5% | 732 | 2<br>0.2% |
| Пестициди | 3982 | 3422 | 0 | 560 | 0 |
| Тешки метали | 6365 | 5851 | 11<br>0.2% | 514 | 3<br>0.5% |
| Микотоксини | 2454 | 2222 | 0 | 232 | 0 |
| Микробиолошка исправност | 14397 | 6573 | 43<br>0.6% | 7824 | 234<br>3% |
| Антибиотици | 61 | 55 | 0 | 6 | 0 |
| Радионуклеиди | 494 | 308 | 0 | 186 | 0 |

Извор: Институт за јавно здравје на РМ

Анализата на здравствената безбедност на прехранбените производи покажува повисок процент неисправни производи од промет и домашно производство во однос на квалитет (2.1%) наспроти прехранбените производи од увоз (0.5%). Исто така, микробиолошката неисправност е значително повисока кај анализираните производите од домашно производство (3%) во споредба со микробиолошката неисправност кај анализираните мостри од увоз чиј процент е значително понизок (0,6%). Сите испитани 3982 мостри прехранбени производи на присуство на резидуи на пестициди од увоз одговарале на законските прописи за безбедност на храна. Исто така, кај анализираните примероци за микотоксини не се детектирани концетрации над МДК. Анализите за тешки метали покажале дека 0,5% од мострите од домашно производство и промет содржат резидуи на тешки метали над МДК, додека кај прехранбените производи од увоз процентот е понизок 0,2%.

Во текот 2010 год. во овластените стручни институции се испитани вкупно 18875 мостри прехранбени производи, и тоа 10259 мостри на прехранбени производи од увоз, а 8616 мостри од домашно производство и промет од кои 6468 од големи и средни производни организации, 1199 од мали производни организации и 949 мостри од прометот на прехранбените производи.

| **Преглед на испитани мостри храна во 2010 година** | | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупен број испитани | Неисправни | |
| | | број | % |
| Вкупно РМ | 18 875 | 332 | 1,75 |
| Од увоз | 10259 | 74 | 0,7 |
| Домашно производство и промет | 8616 | 258 | 3 |
| Големи и средни производни организации | 6468 | 164 | 2,5 |
| Промет | 949 | 52 | 5,4 |
| Мали производни организации | 1199 | 42 | 3,5 |

Извор: Институт за јавно здравје на РМ

Прегледот по институции покажува дека во Институтот за јавно здравје на РМ се анализирани 5981 разни видови мостри прехранбени производи, во Институтот за храна 5863, а од страна на Центрите за јавно здравје (ЦЈЗ) вкупно 7035, при што најмногу во ЦЈЗ Куманово 2063 мостри, а потоа во ЦЈЗ Скопје 1647, ЦЈЗ Битола 1078, ЦЈЗ Прилеп 1073, а најмалку во ЦЈЗ Струмица 149.

Од вкупниот број хемиски испитани мостри, неисправност е констатирана кај 1,7% и тоа кај мострите од увоз 0,7%, а кај производите од домашно производство и промет 3%. Највисок процент на неисправност е констатирана кај производите земени од промет 5,4%, потоа од мали производни организации 3,5%, а кај производите земени од големи и средни производствени организации процентот е 2,5.

| Обем на испитувани групи параметри во 2011 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | увоз | Промет и домашно производст во | Вкупно | Неисправни |
| | | Вкупно | Неисправни | 3459 | 97<br>2,8% |
| Квалитет | 9456 | 5997 | 34<br>0,5% | 733 | 26<br>3,5% |
| Адитиви | 3560 | 2827 | 7<br>0,2% | 372 | 0 |
| Пестициди | 3479 | 3107 | 0 | 699 | 8<br>1,1% |
| Тешки метали | 5391 | 4692 | 2<br>0,04% | 98 | 0 |
| Микотоксини | 2242 | 2144 | 0 | 7183 | 154<br>2,1% |
| Микробиолошка исправност | 12798 | 5615 | 22<br>0,4% | 4 | 0 |
| Антибиотици | 14 | 10 | 0 | 388 | 0 |
| Радионуклеиди | 438 | 50 | 0 | | |

Извор: Институт за јавно здравје на РМ

Анализата на здравствената безбедност на прехранбените производи во 2011 година покажува повисок процент неисправни производи од промет и домашно производство во однос на квалитет (2,8%) наспроти прехранбените производи од увоз (0.5%). Исто така, микробиолошката неисправност е повисока кај анализираните производите од домашно производство (2,1%) во споредба со микробиолошката неисправност кај анализираните мостри од увоз чиј процент е понизок (0,4%). Сите испитани 3479 мостри прехранбени производи на присуство на резидуи на пестициди одговарале на законските прописи за безбедност на храна. Кај анализираните примероци од домашно производство за микотоксини не се детектирани концетрации над МДК. Анализите за тешки метали покажале дека 1,1% од мострите од домашно производство и промет содржат резидуи на тешки метали над МДК, додека кај прехранбените производи од увоз процентот е понизок 0,04%.

**Проценка на ризикот од хемиска контаминација на зеленчук**

Согласно програмските задачи во текот на 2011 година земени се 100 мостри зеленчук од пазарите. Мострите се тестирани за присуство на органохлорни и органофосфорни престициди со примена на акредитирани методи и нивни резидуи не се детектирани над прагот на детекција 0,001мг/кг.

Истите мостри се тестирани за присуство на резидуи на тешки метали со примена на акредитирана метода (EN 14084: 2003, EN 14083: 2003, LMGFMW 01.421) со атомска

апсорпциона спектрометрија. При тоа е констатирано дека просечната содржина на олово изнесува 0,250мг/кг, за кадмиум 0,103мг/кг, за арсен е утврдено дека просечната вредност изнесува 0,063мг/кг и за жива 0,007мг/кг. Од изнесеното се заклучува дека најизразено е загадувањето со олово, потоа со кадмиум, со арсен и најмалку со жива.

| **Содржина на тешки метали во зеленчук земен од пазари, изразена во мг/кг** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Pb | Cd | As | Hg |
| Просечна вредност | 0,250 | 0,103 | 0,063 | 0,007 |
| максимална вредност | 1,412 | 0,700 | 0,310 | 0,076 |

Извор: Институт за јавно здравје на РМ

Просечната вредност на олово во коренест зеленчук изнесува 0,265мг/кг и таа е над граничната вредност за овој вид зеленчук 0,1мг/кг, истото се однесува и за плодестиот зеленчук каде просечната вредност за олово изнесува 0,260мг/кг. Додека за листестиот зеленчук просечната вредност на олово изнесува 0,298 мг/кг, а граничната вредност е 0,3мг/кг, што значи сѐуште не е надмината граничната вредност. Од изнесените резултати се заклучува дека контаминацијата со олово претставува опасност за зголемен внес на олово преку храната и тоа преку зеленчукот.

Анализата на податоците за кадмиум укажува дека просечната вредност изнесува 0,101мг/кг во коренест зеленчук и 0,110мг/кг во плодест зелнчук што е двојно повисока вредност во однос на граничната вредност 0,05мг/кг. За лисест зеленчук граничната вредност изнесува 0,2 мг/кг, а утврдената вредност изнесува 0,108мг/кг што значи не ја надминува граничната вредност.

Контаминацијата на зеленчукот со арсен и жива е значително пониска во однос на контаминацијата со олово и кадмиум. Споредбата на добиените вредности со граничните вредности за жива 0,02мг/кг и за арсен 0,3мг/кг покажува дека просечните вредности не ги надминуваат граничните вредности, иако има поединечни вредности кои се над МДК.

**Дневен внес на контаминенти преку анализа на целодневен оброк**

Со цел да се изврши проценка на здравствениот ризик од хемиска контаминација на храната извршени се анализи на дневниот диететски внес на тешки метали и резидуи на пестициди кај ученици на возраст од 15-19 години. Земени се вкупно 14 целодневни оброци од ученичкиот дом МУЦ Панче Караѓозов, анализирани за резидуи на пестициди, олово, кадмиум, арсен и жива. Кај дневните оброци прво е одредена нивната вкупна тежина потоа се анализирани со атомска апсорпциона спектрометрија за тешки метали и со гасна хроматографија за резидуи на пестициди. Притоа, не се детектирани резидуи на пестициди, а средните вредности за дневен внес на детектираното олово изнесува 0,128мг/ден; за кадмиум 0,032 мг/ден; за арсен

0,022 мг/ден и за жива 0,011 мг/ден. Пресметаниот неделен внес на овие контаминенти е неколку пати понизок од толерантниот неделен внес.

| **Дневен диететски внес на тешки метали, 2011** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | олово | кадмиум | арсен | жива |
| | *мг/ден* | *мг/ден* | *мг/ден* | *мг/ден* |
| Средна вредност | 0,128 | 0,032 | 0,022 | 0,011 |
| Максимална вредност | 0,350 | 0,150 | 0,100 | 0,079 |
| Пресметан неделен внес | 0,896 | 0,224 | 0,154 | 0,077 |

Извор: Институт за јавно здравје на РМ

Бројот на лабораториски тестирани мостри за микробиолошка безбедност на храната од домашно производство е значајно повисок, но и процентот на неисправни мостри е повисок. Тоа значи дека е зголемена одговорноста и свеста кај домашните оператори со храна во однос на следење на микробиолошката безбедност на сопствените производи. Во текот на 2011 година е утврдено дека најголем број/процент на неисправни мостри се заради содржината на адитиви 3,5%, потоа заради кавлитетот 2,1% и на трето место е микробиолошката контаминација која е застапена со 2,1%. Ова укажува на унапредување на хигиенските навики и технолошките процедури за контрола на микробиолошките агенси. Но до друга страна значи недоволна контрола на употребата на адитиви во призводството на храна.

Увозните прехранбени производи треба да бидат контролирани особено одредени групи прехранбени производи, како што се готварската сол за јодираност, безалкохолните пијалоци, минералните води, производи од зеленчук.

Хемиската контаминација со резидуи на пестициди не претставува проблем во однос на оние видови пестициди кои се испитуваат во овластените лаборатории. Неопходно е да се воведе тестирање над други пестициди во опсегот за тестирање на лабораториите.

Проценката на хемиската контаминација на зеленчукот со тешки метали покажува дека средната вредност на олово ја надминува граничната вредност и претставува здравствен ризик кој бара да се превземат некои превентивни активности за намалување на изложеноста на населението. Проценката на дневниот внес на контаминенти преку анализа на целодневни оброци укажува дека дневниот внес е под толерантниот неделен внес на олово и кадмиум. Но исто така укажува на потребата за продолжување на оваа активност.

Центрите за јавно здравје, исто така, имаат лабораториски капацитети за тестирање на одредени параметри за безбедноста на храната и се вклучени во контролата на безбедноста. Институтот за јавно здравје и Центрите за јавно здравје се вклучени во следењето на здравствената состојба на вработените лица кои доаѓаат во допир со храната и во едукацијата на операторите со храна во однос на општите правила за

хигиена на храната и заштита на животната средина. За таа цел Институтот има изработено Прирачник за хигиена на храна и заштита на животната средина.

## III МЕРКИ ЗА БОРБА ПРОТИВ ПУШЕЊЕ, АЛКОХОЛИЗАМ И ЗАВИСНОСТ ОД ДРОГИ

**Заштита од пушење**

Пушењето цигари останува еден од најважните фактори на ризик за нарушување на здравјето на голем број од населението, со оглед на фактот што болестите на кардиоваскуларниот систем и малигните неоплазми остануваат водечки причини за смртност во Република Македонија.

Во извештајниот период направени се неколку истражувања кои се однесуваат на пушењето. Во 2008 година спроведено е Глобалното истражување за употреба на тутун кај младите во РМ кое покажа дека преваленцата на пушачи на возраст од 13-15 години е зголемена од 7,7% на 9,8%. Приближно 5% од нив биле секојдневни пушачи. Стапката на сегашни пушачи била највисока во Скопје (13.6%) и најниска во руралните подрачја (6.8%). 16.3% од учениците започнале да пушат под 10-годишна возраст, споредено со 20% во 2002 година. Повеќе од 2/3 од учениците биле изложени на чад од цигари во нивните домови и 66% на јавни места. 86.4% од учениците во сите региони сметале дека пушењето треба да се забрани на сите јавни места.

Во 2011 година објавена е студија "Јавно-здравствени детерминанти кои влијаат на сексуалното и репродуктивното здравје на жените во општина Штип" во која испитано е дека во најголем процент во текот на бременоста пушеле испитаничките на возраст од 25 до 49 година или од 46,8% до 58,4%, а во текот на бременоста со пушење престанале од 12,6% до 19%. Најголем процент во текот на бременоста пушеле испитаничките со основно и ниско образование 47,6% и 69,2%. Во текот на бременоста најмогу пушеле анкетираните вработени како волонтери, технолошки вишок, корисднички на социјална помош (50%, 50% и 72%), за разлика од невработените, домаќинките и вработените, кои за време на бременоста пушеле (42,8%, 54,2% и 57%). Кај бремените жени од Ромската популација испитувањата се вршеле во две локални единици. Во текот на бременоста пушеле 64,4%, односно 40%.

Законот за заштита од пушењето утврдува забрана за пушење на јавни места и забрана за продажба на цигари на малолетници. Тој исто така, го регулира рекламирањето и спонзорирањето. Законот за тутун поставува стандарди за квалитет, за нивоата на катран и никотин, здравствените предупредувања и сликовните предупредувања. Законодавството е во согласност со ЕУ мерките во областа.

Резултатите од инспекциските контроли за примена на Законот за заштита од пушењето на Државниот санитарен и здравствен инспекторат спроведени во јавни и приватни здравствени установи; социјални установи (старски домови; домови за доенчиња и мали деца; домови за сместување на деца без родители и сл.); објекти во

кои се врши воспитно-згрижувачка дејност (градинки) и објекти и превозни средства во меѓународен сообраќај, покажуваат дека поединечните пропусти во однос на почитувањето на законот од 2010 година се надминати (по извршени 1431 надзори во 2011 година не е утврдено непочитување на законот), а на истото укажуваат и резултатите од контролите спроведени од страна на Државниот пазарен инспекторат (по извршени 4600 надзори во 2011 година поднесени се 150 барања за прекршочна постапка, во однос на поднесени 340 барања за поведување прекршочна постапка во 2010 година).

Во 2011 година се донесоа измени на Законот за заштита од пушење ('Службен весник на РМ" број 100/11) во насока на воведување на порестриктивни мерки за непочитување на Законот и давање на можност на инспекторот да го затвори објектот во кој се пуши за период од 7 дена (трговец поединец), односно 15 дена (правно лице).
Во рамки на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза започна да функционира Советувалиште за одвикнување од пушење кое работи со пациентите кои се лекуваат на Инстутот.

**Трендови на злоупотреба на алкохол**
Согласно податоците од Статистичкиот годишник на Република Македонија за 2011 година за потрошувачката на алкохолни пијалаци во 2010 година за домаќинствата, која просечно годишно во литри: за вино изнесува 8,6литри, за пиво 46,7литри и жестоки пијалаци 3,1литри, се бележи тренд на пораст на индексите на цените на алкохолните пијалаци и тоа од 84.0 во 2006г., 84,8-2007, 93,0-2008г. до 100.3 во 2010година.
Во Информацијата за состојбите со болестите на зависност во Република Македонија 2004-2009 година, изготвена во Институтот за јавно здравје од Скопје во 2010, се наведува дека во РМ бројот на лекувани болни од алкохолизам се зголемува од 1096 во 2004 на 1215 регистрирани случаи во 2009 година. Стапката на морбидитет на 10.000 жители покажува пораст од 5.4 во 2004г. на 5.9 во 2009г.




Извор: Институт за јавно здравје на РМ




Извор: Институт за јавно здравје на РМ

Бројот на умрените од болести поврзани со алкохолизмот се зголемува од 22 во 2004 на 30 во 2008 година.




Извор: Институт за јавно здравје на РМ

## Алкохолизмот и младите

Истражувањето во врска со однесувањето на младите од 2010година покажа дека постои тренд на намалување на консумацијата на алкохолот во Република Македонија од страна на училишните деца и младина, споредено со студијата од 1998 година .Исто така, во споредба со другите земји, Македонија спаѓа меѓу земјите каде младите во голем процент не консумираат алкохол.

Ограничувањата водат до помало консумирање на алкохол и помала штета поврзана со него. Согласно Законските одредби со кои е регулирана забрана на продажба на алкохол на лица под 18 годишна возраст, како и забрана на продажба на алкохолни пијалоци по 19 часот освен во месеците од први мај до 30 септември кога забраната е од 21 часот, допринесува до намалена можност за консумација на алкохол посебно

кај младите. Според податоците на производителите на алкохолни пијалоци продажбата е намалена за околу 5%.

Според податоците на Клиниката за токсикологија до 2009 година просечно на годишно ниво се регистрирале од 450-550 труења со алхохол. Во 2010 година се регистрирани 358 труења со алхохол, а во 2011 година 259 труења со алкохол. Намалувањето е во сите возрасни групи (пример кај возрасна група од 15-19 год во 2010 регистрирани се 97 лица со алхохолно труење а во 2011 год 56 лица). Овие податоци укажуваат дека мерките за забрана на алхохол во вечерните часови влијаат на намалување на алхохолните труења и други последици врз здравјето.

**Заштита од злоупотреба на алкохол**

Областа на заштита на здравјето од злоупотреба на алкохол е регулирана со Законот за здравствена заштита и Законот за трговија. Законот за трговија воведува забрана за продажба на алкохол на малолетници, општа забрана за продажба во периодот од 19:00-06:00, регистар и лиценцирање на малопродажбата на алкохол и др. мерки.
Пазарната инспекција и јавно здравствените институции работат во областа, при што последните имаат обврска за водење на здравствената евиденција, промотивните и превентивните активности.
Подготовена е анализа базирана на статистички показатели за влијанието на законските мерки за забрана на продажба на алкохол во вечерните часови врз потрошувачката на алкохол, алкохолните труења и други последици врз здравјето предизвикани од алкохолот. Податоците укажуваат дека е намалено консумирањето на алкохол - според податоците на производителите на алкохолни пијалоци продажбата е намалена за околу 5%. Според податоците на Клиниката за токсикологија намален е и бројот на алкохолни труења: од 450-550 алкохолни труења годишно во 2009, 358 во 2010 до 259 во 2011. Намалувањето се однесува на сите возрасни групи (пример- кај возрасна група од 15-19 год во 2010 регистрирани се 97 лица со алкохолно труења, а во 2011 год 56 лица).

**Заштита од злоупотреба на опојни droги**

Законот за дроги ја уредува областа, заедно со законодавството од областа на правдата и царината, при што здравствениот сектор ги уредува правилата за легална употреба на лекови и треман на зависностите. Националната стратегијата за дроги се бави со прашањата за координација и организација на различните сектори кои се вклучени во областа, и утврдува мерки и активности за намалување на потрошувачката и побарувачката на дроги. Формирана е Државна меѓуресорска комисија за борба против дроги, а Бирото за лекови ја врши функцијата на Центар за следење на дрога и зависности од дрога, како и контакт точка за соработка со Европскиот центар за мониторинг на дрога и зависности (EMCDDA). Во 2011 година Република Македонија се приклучи кон Помпиду групата (Совет на Европа).

Третманот на лицата зависни од дроги е расположлив во рамките на националната мрежа на јавни здравствени услуги, со што јавниот сектор е водечкиот актер во медицински потпомогнатиот третман на болести поврзани со дроги, кон кој

неодамна се приклучија и неколку приватни психијатриски ординации. Лекувањето за корисниците на droги е расположливо во целата земја, преку Службите за превенција и третман од злоупотреба на дроги и тоа во Тетово, Охрид, Битола, Гевгелија, Струмица, Кавадарци, Куманово, Штип и Велес. Лицата зависни од дроги на ниво на град Скопје се хоспитално третирани во Психијатриската болница Скопје – Скопје, додека дневно-болнички третман се спроведува во Центарот за превенција и лекување на злоупотреба на дроги и други психоактивни супстанции во Кисела Вода - Скопје (кој претставува одделение на Психијатриска болница Скопје) и Службата сместена во кругот на поранешниот Клинички центар Скопје, а во надлежност на Центарот за превенција и лекување на злоупотреба на дроги и други психоактивни супстанции во Кисела Вода – Скопје. Со супституциона метадонска терапија се опфатени и лица од КПУ Идризово - Скопје.
Системот на лекување вклучува дневно-болнички третман, болничко лекување, детоксификација и третман со супституција. Најголемиот дел од корисниците на дроги кои се лекуваат се на дневно-болнички третман, каде се нуди третман со супституција, психо-социјални интервенции, индивидуално или групно советување и социјална и психотерапија. Болничкото лекување од дроги се состои од фармаколошки потпомогнати психосоцијални интервенции, во смисла на лекување на симптомите на откажување.
Во моментот во РМ функционираат 10 центри за лекување на болести на зависност, а средствата за обезбедување на супстициона терапија (метадон и бупренорфин) се обезбедуваат преку Годишната програма за лекување на болести на зависност. Со супституционен третман во овие центри во 2008 година биле опфатени 1099 лица, во 2009 година 1055 лице, во 2010- 1354, а во 2011 година- 1594 лица. Во КПУ Идризово супстиоционен третман е обезбеден за околу 200 зависници кои издржуваат казна затвор.
Активности за едукација на ризичните групи, учениците и генералното население континурано се одвиваат преку превентивните јавно здравствени активности на Институтот за јавно здравје и центрите за јавно здравје, како и преку активностите на НВО сектор вклучен во Програмата за ХИВ/СИДА финансирана од ГФ.

## IV ЕПИДЕМИОЛОШКО СЛЕДЕЊЕ

Согласно програмските активности за контрола на малите сипаници и превенција на нивното епидемиско јавување, врз основа на целите поставени во Програмата за јавно здравје во изминатите години, а во согласност со препораките на СЗО, предложена е “Програма за елиминација на мали сипаници, рубеола и превенција на конгенитална рубеола инфекција во Република Македонија 2010-2015”. Програмата е усвоена од страна на Комисијата за заразни болести при МЗ во ноември 2010, со периодот на имплементација на предвидените активности 2010 -2015.

ИЈЗ во соработка со Центрите за јавно здравје(ЦЈЗ) и Министерството за зравство како и со Комисијата за зарзани болести при МЗ перманентно изготвува стратегии и оперативни планови за ново појавените заразни болести и нивната закана по задравјето на населението кои предвидуваат координирани активности на сите

нивоа на здравствена заштита како и вклучување на локалната самоуправа, образованието и други институции.

За појавата и ширењето на заразните болести кои можат да имаат влијание во меѓународни рамки, а кои се регистрираат во Р. Македонија, Националниот координатор за Меѓународниот здравствен правилник навремено гиинформира СЗО и ЕЦДЦ.

АЛЕРТ- системот за надзор над заразните заболувања со цел за брз одговор при појава на епидемија, кој започна да функционира во 2006 година во три пилот заводи, во 2008 го прошири своето функционирање на територијата на целата држава, а од 2009 година АЛЕРТ системот продолжува да функционира, како законски регулиран систем, спроведуван од страна на ПЗЗ (матичните доктори), подржан од МЗ и контролиран од страна на ДСЗИ и ЦЈЗ. Непосреден епидемиолошки надзор на терен, изготвување на извештаи, информации и одговорност за негово оперативно функционирање спроведува ИЈЗ. Системот дава можност за брзо алармирање и брзо откривање на епидемии.
Истовремено, во Република Македонија постои систем на законски регулирано задолжително известување во случај на итност (телефон, факс, мобилни телефони), согласно кој се организираат епидемиолошки екипи за работа на терен и се преземаат итни мерки и активности, согласно најдените состојби и законската регулатива.

## V ИМУНИЗАЦИЈА

Вакцинацијата во РМ е задолжителна и бесплатна за сите деца од 0-18 години. Исто така се спроведува и вакцинација по епидемиолошки и медицински индикации. Задолжителна вакцинација се спроведува против туберкулоза, жолтица тип Б, парализа, дифтерија, тетанус, голема кашлица, мали сипаници, рубеола, заушки.
Од септември 2008 се започна со вакцинација против заболувања причинети од хемофилус инфлуенца тип Б, а во октомври 2009 како континуирана задолжителна вакцинација се воведе вакцината против заболувања предизвикани од хуманите папилома вируси (ХПВ).

Податоците за опфатот со поедини вакцини при рутинската вакцинација на деца кои подлежат на задолжителна имунизација во Република Македонија во 2008-2011, а со кои располага ИЈЗ се агрегирани податоци по вид на вакцина/ревакцина, по здравствени региони и вкупно за Македонија

Во следната табела е даден преглед на опфатот со примарна вакцинација против одредени заболувања (хепатит Б, Хемофилус инфлуенца тип Б, дифтерија, тетанус, голема кашлица, мали сипаници, рубеола, заразни заушки, детска парализа и ХПВ-инфекции) на ниво на цела Република, за периодот 2008-2011 година.

| Опфат со рутинска вакцинација во Република Македонија од 2008-2011 | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вакци-на** | **Хепатит Б** | | **ХиБ** | | **Ди Те Пер** | | **ОПВ** | | **МРП** | | **ХПВ** | |
| **година** | Број на вакци-нирани | % | Број на вакци-нирани | % | Број на вакци-нирани | % | Број на вакци-нирани | % | Број на вакци-нирани | % | Број вакци-нирани | % |
| **2008** | 22059 | 97,1 | / | 48,9 | 22228 | 95,3 | 22193 | 95,6 | 22618 | 97,8 | | / |
| **2009** | 21468 | 94,5 | 20580 | 81,5 | 22445 | 95,9 | 22462 | 96,4 | 21779 | 95,8 | | / |
| **2010** | 21460 | 90,4 | 20809 | 88,8 | 23412 | 95,4 | 23351 | 94,8 | 41084 | 98,1 | 4293 | 36,5 |
| **2011** | 22540 | 95,6 | 21286 | 96,1 | 22997 | 95,9 | 23386 | 97 | 16930 | 96,8 | 6055 | 54,6 |

Извор: Институт за јавно здравје на Р. Македонија

## V ЗАШТИТА ОД НЕСРЕЌИ И ПОВРЕДИ

Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) развива и капацитет на центар за едукација во јавното здравје и координатор на активностите за брз одговор во кризни состојби во здравството, а Одделението за контрола и превенција на повреди и насилство, претставува водечка институција во РМ во континуирано унапредување на човечките ресурси во јавното здравје (повреди, насилство, семејно насилство итн.) преку одржување на работилници низ РМ за едукација на различни профили на здравствени работници, како и за населението.
ИЈЗ активно учествува во развојот на Стратегијата за размена на податоци за повреди 2010-2015 на Европската Комисија, во подготовка на методологија за собирање податоци за насилство врз жените (во соработка со УНИФЕМ), како и во подготовка на методологија за собирање податоци за семејно насилство (во соработка со СЗО и УНФПА).
Во октомври 2011г. Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) како регионален развоен центар за јавно здравствени услуги и системи на Здравствената мрежа на Југоисточна Европа организираше TAIEX Меѓународна работилница за евиденции во областа на здравството, на која 58 технички експерти од Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Албанија, Бугарија, Романија, Молдавија, Македонија, Словенија, Италија, Финска, Данска, Холандија и Германија разменија искуства и добри практики за унапредување на евиденциите во областа на здравството, со посебен осврт на евиденциите за повреди и насилство. Сите наведени држави се или држави-членки на ЕУ, или имаат кандидатски статус или некаков друг договор со ЕУ.

Во 2009г. донесен е нов Закон за евиденции во здравството. Во 2011г. развиена е методологија за имплементација на Законот за евиденции во здравството, и тоа за сообраќајна траума, несреќа-повреда на работа, повреди во домот и насилство.

Изготвен е предлог за развивање софтверска апликација за регистар за сообраќајна траума, согласно постоечката национална легислатива, а во контекст на препораките на Светската здравствена организација и Препораката на Европскиот Совет за превенција на повреди и промоција на безбедноста (2007/Ц 164/01). Регистарот ќе биде вклучен во рамките на интегралниот здравствен информационен систем.
Изготвен е: индивидуален образец за насилство, Упатство за примена на индивидуалниот образец за пријавување, изготвен веб ориентиран софтвер за евиденција на насилство и спроведени се 2 акредитирани едукативни работилници за евиденции и примена на софтверот за семејно насилство, за обука на 20 здравствени професионалци – одржани во јули 2011г.

Во извештајниот период континуирано се имплементираше Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011, преку имплементација на годишни Акциони Планови (во сегментот јавно здравје) преку едукација на здравствени и други професионалци за препознавање, евидентирање, пријавување и поддршка на жртви на семјно насилство, преку воспоставување систем за следење на семејно насилство, како и преку примена на протоколот за третман на жртви од семејно насилство во секторот здравство. Задолжени за имплементација на Стратегијата се членовите на Националното координативно тело составено од претставници од ИЈЗ и МЗ, како и претставници од други релевантни владини и не-владини организации.
Исто така, подготвен е и Протокол за третман на жртви на семејно насилство во здравството, во соработка со другите релевантни министерства и НВО, со цел да се спречи секундарната виктимизација на жртвите на семејно насилство. Протоколот е усвоен од Националното координативно тело во 2011г. Изготвена е методологија за изготвување Упатства за протоколи за третман на жртви на семејно насилство, за сите релевантни министерства. Изготвено е Упатство за протоколот за третман на жртви од семејно насилство во секторот здравство, општо и конкретно за одделни видови насилство и ранливи групи. и упатства за примена на протоколите за третман на жртви на семејно насилство во другите сектори.како и Упатство за упатување на жртвите на семејно насилство во различни сектори. Протоколот е отпечатен и дистрибуиран на релевантните институции.
Постигнат е значителен напредок во едукација на студенти, здравствени и други професионалци за превенција на повреди и насилство и промоција на безбедност: повреди и насилство внесени се во курикулумот за додипломски студии на Медицински факултет (за сите студиски програми) и Стоматолошки факултет, како и во курикулум на постдипломски и докторски студии по јавно здравство.

Континуирано се имплементира Националната стратегија за млади од 2005 годиназа цел 4: превенција на повреди во сообраќајот.
Во областа на безбедноста во сообраќајот (од јавно-здравствен аспект) постигнат е голем напредок. Во 2009г. формирано е Национално координативно тело и работна група за имплементација на Националната Стратегија на РМ за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014 (усвоена во 2008г.). Изготвен е Национален акционен план за имплементација на Стратегијата со конкретни акциони планови за секој сектор. Во текот на 2010 и 2011г. реализирани се

активностите предвидени со Акциониот план за секторот здравство, за сегментот јавно здравје, преку изготвување промотивни материјали, едукативни материјали според Светската здравствена организаицја TEACHVIP модулот за безбедност во сообраќајот, како и промоција на Светскиот ден на жртви на сообраќајни несреќи.и Декадата за акција за безбедност на патиштата 2010-2020.

Континуирано се спроведуваат планираните активности во рамки на двегодишниот договор помеѓу Светска здравствена организација (СЗО) и Владата на РМ, во периодот 2010-2011, релевантни за безбедноста во сообраќајот; подобрување на здравствените услуги во услови на итности, подобрување на безбедноста и намалување на ризиците од животната средина и имплементација на Children Environment and Health Action Plan (CEHAP) за безбедноста на децата во сообраќајот.
Во соработка и со финансиска поддршка на СЗО реализирани се одредени активности за Декадата за акција за безбедност на патиштата 2011-2020, односно Одделението за контрола на повреди и насилство од Институтот за јавно здравје, изготви промотивен материјал на македонски и албански јазик: 1 брошура (3000 примероци на македонски и 1000 на албански јазик) и 6 постери (голем формат по 10 примероци од секој постер), за најчестите причини за сообраќајни несреќи и повреди и препораки за нивно спречување и превенција: Брошура – "Декада за акција за безбедност на патиштата 2011-2020' и постери: генерален постер – банер за билборд – "ДЕКАДА ЗА АКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПАТИШТАТА 2011-2020", "ПРЕМНОГУ ДОЦНА ДА ПРЕСТАНЕШ ДА ПИЕШ", "ПРЕМНОГУ ДОЦНА ДА ГО УПОТРЕБИШ СИГУРНОСНИОТ ПОЈАС", "ПРЕМНОГУ ДОЦНА ДА ТЕ ВИДАТ", "ПРЕМНОГУ ДОЦНА ДА ГО СТАВИШ ЗАШТИТНИОТ ШЛЕМ", "ПРЕМНОГУ ДОЦНА ДА УСПОРИШ".
Извршена е промоција на Декадата за акција на безбедност на патиштата 2011-2020 и одбележување на Светскиот ден за сеќавање на жртвите во сообраќајот на 20 ноември 2011 во организација на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот. Прес конференции (07.11. и 20.11.2011)
Во 2009г.соработка и со поддршка на СЗО спроведено е истражување на повреди во заедницата, со посебен осврт на повреди кај децата и младите, а во тек е истражување за оптовареност со сообраќајни повреди.

**ЧЛЕН 12 – Право на социјална сигурност**

**Член 12§1**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на социјална сигурност, страните договорнички се обврзуваат да воспостават или да одржуваат систем на социјална сигурност.

Како што беше наведено во претходниот извештај на Република Македонија од 2008 година, системот на социјална сигурност во Република Македонија ги опфаќа системите на социјално осигурување, социјална заштита и заштитата на децата (family benefits).
Воспоставениот систем на социјална сигурност ги покрива сите традиционални ризици на кои е изложен граѓанинот, семејството или одредена група на население/ранлива група, во текот на животот. Системот на социјалната сигурност во Република Македонија обезбедува спречување или надминување на ризиците по здравјето на граѓаните (болест, повреда, инвалидност), ризиците на старост и преживување, ризиците на мајчинство и семејство, ризиците од невработеност и професионална неадаптираност, социјална исклученост и материјална необезбеденост (need).

Социјалното осигурување во Република Македонија опфаќа три основни системи на осигурување и тоа здравствено осигурување, пензиско и инвалидско осигурување и осигурување во случај на невработеност.

**ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Со **Законот за здравствено осигурување** се уредува здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спороведување на здравственото осигурување. Со Законот се определуваат два вида здравствено осигурување: задолжително и доброволно. Доброволното здравствено осигурување може да се воспостави само како дополнително за лица за кои претходно е воспоставено задолжително здравствено осигурување. Осигурителните компании во Република Македонија можат да нудат здравствено осигурување но, само за покривање на трошоците за здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување.

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Комитетот за социјални права[6], известуваме дека со измените на Законот од 2009 година сите државјани на Република Македонија кои претходно немаа основ за задолжително здравствено осигурување се вклучени во системот на здравственото осигурување на товар на

[6] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр.15

средствата на Буџетот на Република Македонија, односно секоја календарска година, преку посебна Програма се обезбедуваат буџетски средства за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на овие државјани на Република Македонија. Министерството за здравство како обврзник за пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување на месечна основа го плаќа придонесот. Согласно тоа, овие лица имаат редовно уплатен придонес и непречено користење на здравствените услуги односно здравствената заштита.

Законот како категории на осигуреници ги дефинира:

1. работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице кое врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје;
2. државјанин на Република Македонија кој на територијата на Република Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор поинаку не е определено;
3. самовработено лице;
4. индивидуален земјоделец;
5. верско службено лице и припадник на верски редови, освен припадник на монаштво и сестринство;
6. привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност;
7. државјанин на Република Македонија вработен во странство, ако за тоа време не е задолжително осигуран кај странски носител на осигурување според законот на земјата во која е вработен, или според меѓународна спогодба, а имал живеалиште на територијата на Република Македонија непосредно пред засновањето на работниот однос во странство – за членовите на семејството кои живеат во Република Македонија;
8. корисник на пензија и надоместок на плата според прописите на пензиското и инвалидското сигурување;
9. државјанин на Република Македонија кој прима пензија или инвалиднина од странски носител на осигурување додека престојува на територијата на Републиката;
10. лице корисник на постојана парична помош, лице сместено во згрижувачко семејство и во установа за социјална заштита, корисник на паричен надоместок за помош и нега и парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, согласно со прописите од социјалната заштита, ако не може да се осигура по друга основа;

11. странец кој на територијата на Република Македонија е во работен однос или служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва ако со меѓународен договор поинаку не е определено;
12. странец кој се наоѓа на школување или стручно усовршување во Републиката ако со меѓународен договор поинаку не е определено;
13. лице на издржување на казна затвор, лице кое се наоѓа во притвор (ако не е осигурено по друга основа) и малолетно лице кое се наоѓа на извршување на воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом, односно установа;
14. учесник во НОВ и учесник во Народноослободителното движење во Егејскиот дел на Македонија, воен инвалид и членовите на семејствата на паднатите борци и умрените учесници во НОВ, како и цивилните инвалиди од Втората светска војна, лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на Македонија и нејзината државност, на кои тоа својство им е утврдено со посебни прописи и членовите на семејството и родителите на лицата граѓани на Република Македонија, загинати во војните при распадот на СФРЈ; и
15. државјанин на Република Македонија кој не е задолжително осигуран по една од точките од 1 до 14 на овој член.

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Комитетот за социјални права во врска со обликот на учество на осигурениците во плаќањето на здрвствената заштита[7], известуваме дека согласно Законот за здравственото осигурување, осигурените лица учествуваат со лични средства при користењето на здравствените услуги и лековите до 20% од просечниот износ на вкупните трошоци на здравствената услуга, односно лековите. Фондот за здравствено осигурување ја утврдува висината на учеството во фиксен износ но, обратнопропорционално од цените на услугите. Учеството на осигурените лица е воведено како коректив од непотребното користење на здравствените услуги од една страна, како и дополнителен извор на средства на Фондот, кои сепак здравствените установи ќе ги имаат секојдневно за да ги задоволуваат дневните потреби за материјални трошоци, од друга страна.

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Комитетот за социјални права "дали странците и лицата без државјанство мора да бидат подоложени на задолжително здравствено осигурување или дали тие можат да изберат да бидат опфатени на друг начин"[8] информираме дека покрај државјаните на РМ во задолжително здравствено осигурување се опфатени и странските државјани и лица без државјанство вработени во странски форми кои привремено изведуваат работи

[7] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 16

[8] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 15

на територијата на РМ, за време на школување или стручно усовршување или кои се во служба на меѓународни опрганизации, странски конзуларни и други преставништва или во лична служба на странски државјани со дипломатски имунитет, ако со меѓународен договор поинаку не е определено, и ако тоа го побараат. Ако тоа не го побараат тие ќе можат да користат здравствена заштита според прописите на земјата од која доаѓаат.

Согласно член 5 став 2 од Законот за здравствено осигурување, граѓаните кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување, според став 1 на овој член можат да пристапат кон задолжителното здравствено осигурување заради користење на право на здравствени услуги од член 9 на овој закон.

## ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Како што во претходниот извештај е наведено, во Република Македонија уредувањето на пензиското и инвалидскотото осигурување е опфатено со повеќе закони,и тоа:

- *Закон за пензиско и инвалидско осигурување* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2012, 80/93, 3/94, 14/95, 71,96, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 84/05, 101/05, 70/06, 153/07, 152/08, 161/08, 81/09, 156/09, 83/10, 156/10, 24/11, 51/11 и 11/12);
- *Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување* („Службен весник на РМ" бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10 ,36/11 и 98/2012);
- *Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување* ("Службен весник на РМ" 7/08, 124/10 и 71/11 );
- Закон за исплата на пензии и пензиски надоместоци од *финансирано пензиско осигурување* ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/2012).

Новиот Закон за пензиското и инвалидското осигурување започна да се применува од 8 август 2012 година и претставува еден вид на пречистен текст на претходниот закон. Претходниот Закон за пензиското и инвалидското осигурување беше донесен во декември 1993 година и имаше 22 измени и дополнувања и повеќе Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија со коишто се поништуваа или укинуваа законски одредби, така што во праксата се јавуваа нејасности и потешкотии во неговата примена. Имајќи во предвид дека реформираниот пензиски систем, како важен сегмент од социјалната политика во Република Македонија, започна да се имплементира од 1 јануари 2006 година и со оглед на тоа што Законот за пензиското и инвалидското осигурување во овој процес на реформа беше предмет на повеќе измени и дополнувања, а од друга страна имплементацијата на вториот пензиски столб исто така доведе до измени во соодветните закони за вториот и третиот пензиски столб, се наметна потребата од донесување на нов Закон за пензиското и

инвалидското осигурување, во којшто ќе бидат јасно дефинирани правата од првиот и вториот пензиски столб.

Во новиот закон содржани се одредби со кои се зајакнуваат критериумите за остварување право на инвалидска пензија и воспоставување на процент на инвалидност кај осигуреникот. За разлика од досегашното решение каде што инвалидноста се дефинираше како општа или професионална неспособност за работа, со предложениот член 38 инвалидноста се утврдува и според процент на инвалидност. Покрај оваа дефиниција инвалидноста се утврдува според две категории и тоа прва категорија кога работната способност на осигуреникот е намалена за повеќе од 80% и втора категорија кога работната способност на осигуреникот е намалена за повеќе од 50% а најмногу до 80%. Преку воведувањето на категориите на инвалидност ќе се овозможи поголема објективност во оцената на работната способност и поконкретна состојба во статусот на инвалидноста кај осигуреникот.

Исто така, воспоставен е интегриран систем на законско уредување на податоците за пензиски стаж и плата, поради што се оцени за потребно во овој закон да се содржат и одредби од Законот за матичната евиденција за осигуреници и корисници на права од пензиското и инвалидското осигурување. Со тоа, престанува важењето на овој закон и матичната евиденција се уреди во посебна глава од донесениот Закон за пензиското и инвалидското осигурување.
Истовремено извршено е усогласување со постојните законски решенија поврзани со вториот пензиски столб и усогласување на процентот од којшто се определува пензијата, со висината на стапката на придонес.

Во новиот текст на Законот има промена на формулата за намалување на старосната граница на работниците кои работат на работни места кои се изведуваат под земја, односно во рудници со подземно ископување.
Се фиксира стапката на придонес во вториот пензиски столб на 6%, наместо досегашното решение дека стапката на придонес ќе изнесува 35% од вкупната стапка за пензиско и инвалидско осигурување. На овој начин се постигнува пред сè поголема транспаретност, како и озбебедување на сигурност на придонесот во вториот пензиски столб, којшто нема да се намалува кога ќе се врши намалувањето на придонес.

Значајно е да се истакне дека извршена е промена во составот на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија како во однос на бројот на членовите така и особено во квалификациите и претставниците од каде се именувани членовите. Управниот одбор сега има седум члена кои ги именува Владата на РМ од кои задолжително: еден претставник од репрезентативниот синдикат - член на Економско социјалниот совет, еден претставник од репрезентативните здруженијата на работодавачите - член на Економско социјалниот совет и еден претставник од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Останатите членови ќе се именуваат на предлог на Владата на Република Македонија.

Преку ваквата структурна поставеност на Управниот одбор на Фондот ќе бидат опфатени и претставени интересите и на осигурениците и на пензионерите кои се опфатени со системот на пензиско и инвалидско осигурување. Истовремено, се обезбедува вклучување на невладиниот сектор и синдикатите во процесот на управување со работата на Фондот на ПИОМ.

Во делот на плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување од 1 јануари 2009 година се применува ингерираниот систем на наплата на сите социјални придонеси (пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност). Имено, со Законот за придонеси од задожително социјално осигурување, пресметката, плаќањето и присилната наплата на сите придонеси ги врши Управата за јавни приходи и истите потоа ги распределува до надлежните институции.
Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување во 2009 година изнесува 19% а од 2010 година до 2014 година изнесува 18% од бруто плата.

Со воведувањето на вториот столб на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување од 2006 година, придонесот за осигурениците кои се вклучени во вториот столб се одвојува и тоа 13.72% за првиот столб и 7.48% за вториот столб, од вкупно 21.2%. Во 2009 година од придонесот за пензиско и инвалидско осигурување утврден на 19% за осигурениците кои се вклучени во вториот столб се одвојува 12.35% за првиот столб и 6.65 % за вториот столб. Во 2010 и 2011 година од придонесот за пензиско и инвалидско осигурување утврден на 18% за осигурениците кои се вклучени во вториот столб се одвојува 11.7% за првиот столб и 6.3% за вториот столб. Минималната основица за пресметување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување изнесува 50% од просечната плата по работник во Републиката, објавена во јануари тековната година, додека за индивидуалните земјоделци не може да биде помала од 20% од просечна исплатена плата по работник за тековниот месец.

Поради имплементацијата на вториот столб постои потреба од финансирање на трошоците за пензионерите од системот на првиот столб.

Реализираните транзициони трошоци во 2008, 2009, 2010 и 2011 година се прикажани во следната табела:

| ГОДИНА | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|
| Транзициони трошоци *(во милиони денари)* | 2.490,53 | 2.932,20 | 3.172,93 | 3.482,61 |

Извор: Годишен извештај за работата на ФПИОМ за 2011 година

| Соодност осигуреници – корисници на пензија за периодот 2004-2011 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Број на вработени** | **Број на корисници на пензија** | **Број на корисници на пензија на 1,000 вработени** | **Број на вработени на 1 корисник на пензија** |
| 2004 | 348,212 | 260,075 | 747 | 1.3 |
| 2005 | 348,500 | 265,152 | 761 | 1.3 |
| 2006 | 377,763 | 269,681 | 714 | 1.4 |
| 2007 | 424,338 | 272,386 | 642 | 1.6 |
| 2008 | 451.491 | 273.281 | 654 | 1.65 |
| 2009 | 475.780 | 273.977 | 576 | 1.74 |
| 2010 | 466.280 | 273.751 | 587 | 1.70 |
| **2011** | **489.608** | **280.891** | **573** | **1,74** |

Извор: Годишен извештај за работата на ФПИОМ за 2011 година

| Број на корисници на пензија за периодот 2004--2011 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Старосни пензии** | **Инвалидски пензии** | **Семејни пензии** | **Вкупно** |
| 2004 | 137,840 | 51,589 | 70,646 | 260,075 |
| 2005 | 142,827 | 50,180 | 72,145 | 265,152 |
| 2006 | 146,852 | 49,364 | 73,465 | 269,681 |
| 2007 | 150,075 | 48,054 | 74,257 | 272,386 |
| 2008 | 149.682 | 48.562 | 75.037 | 273.281 |
| 2009 | 150.092 | 47.947 | 75.937 | 273.976 |
| 2010 | 151.894 | 46.118 | 75.739 | 273.751 |
| 2011 | 156.016 | 46.895 | 76.530 | 277.441 |

Извор: Годишен извештај за работата на ФПИОМ за 2011 година

Во зависност од годината во која е остварено правото, системот на задолжително пензиско и инвалидско осигурување разликува три групи на најнизок износ на пензија и тоа:

**Најнизок износ на пензија**

| | 2008 | | 2009 | | 2010 | | 2011 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број на корисници | износ на пензија (во денари) | број на корисници | износ на пензија (во денари) | број на корисници | износ на пензија (во денари) | број на корисници | износ на пензија (во денари) |
| **Прва група** | | | | | | | | |
| Пензии остварени до 31.12.1996 | 7.567 | 7.512,50 | 6.568 | 7.932,50 | 6.051 | 8.044,00 | 2.825 | 8.274,50 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 1.216 | 6.189,50 | 1.107 | 6.535,50 | 1.037 | 6.627,00 | 960 | 6.816,50 |
| Пензии остварени по 2001 | 2.929 | 6.635,00 | 3.125 | 7.005,50 | 3.372 | 7.104,00 | 4.886 | 7.308,00 |
| ***Вкупно прва група*** | **11.712** | | **10.800** | | **10.460** | | **8.671** | |
| | | | | | | | | |
| **Втора група** | | | | | | | | |
| Пензии остварени до 31.12.1996 | 10.768 | 7.311,00 | 9.791 | 7.720,00 | 8.924 | 7.828,00 | 7.974 | 8.052,00 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 2.538 | 5.727,00 | 2.362 | 6.047,00 | 2.230 | 6.131,50 | 2.096 | 6.307,00 |
| Пензии остварени по 2001 | 4.234 | 6.149,50 | 4.743 | 6.493,00 | 5.164 | 6.584,00 | 7.690 | 6.773,00 |
| ***Вкупно втора група*** | **17.540** | | **16.896** | | **16.318** | | **17.760** | |
| | | | | | | | | |
| **Трета група** | | | | | | | | |
| Пензии остварени до 31.12.1996 | 27.927 | 7.051,50 | 25.686 | 7.446,00 | 23.419 | 7.550,50 | 20.289 | 7.766,50 |
| Пензии остварени од 1997-2001 | 10.150 | 5.262,00 | 9.506 | 5.556,00 | 8.849 | 5.634,00 | 12.979 | 5.795,50 |
| Пензии остварени по 2001 | 14.781 | 5.663,50 | 16.382 | 5.980,00 | 17.497 | 6.064,00 | 18.007 | 6.238,00 |
| ***Вкупно трета група*** | **52.858** | | **51.574** | | **49.765** | | **51.275** | |
| | | | | | | | | |
| ***СЕ ВКУПНО*** | ***82.110*** | | ***79.270*** | | ***76.543*** | | ***77.706*** | |

Извор: Годишен извештај за работата на ФПИОМ за 2011 година

Во извештајниот период во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување (втор столб) направени се неколку измени во законската регулатива, пред сè заради подобрување на системот и заштита на интересите на членовите на вториот пензиски столб. Од 2007 година започна намалувањето на надоместоците во вториот пензиски столб кои ги наплатуваат пензиските друштва со што директно се влијае на висината на средствата кои се акумулираат на индивидуалната сметка на секој член поединечно и оттаму на неговата идна пензија,

Имено во 2006 година надоместокот од секој уплатен придонес во вториот пензиски столб изнесуваше 8,5% и истиот од 2007 година постапно се намали до 4% во 2012 година, што е максимална висина на надоместок уредена со закон. Истовремено, со намалувањето на овој надоместок се намали и надоместокто кој го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) од 1,5% на 0,8% од секој уплатен придонес во вториот пензиски столб.

Во крајот на 2010 година со донесувањето на измените на Законот за задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување ("Сл. Весник на РМ" бр.171/2010) воспоставена е буџетска независност на МАПАС, а во 2012 година воспоставена е и институтционална независност на ова регулаторно тело („Сл. весник на РМ" бр.98/2012, односно нејзиниот статус, одговорноста за работењето, самостојност и независност, како и надзорот над работењето на ова регулаторно тело, од надлежност на извршната власт т.е Владата на Република Македонија и ресорното Министерство за труд и социјална политика се пренесоа во надлежност на законодавната власт т.е Собранието на Република Македонија.

Во однос на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување во 2008 година беше донесена законската рамка за воведување на третиот пензиски столб со донесување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, а од 2009 година започнаа со работа пензиските друштва кои сервисираат услуги од третиот пензиски столб. Со регулирање на доброволно пензиско осигурување се воспоставува и законска рамка за организирање професионални пензиски шеми и усогласување со европските текови. Со тоа се прифаќаат и причините на Директивата на Европскиот Парламент од оваа област во која се наведува дека бидејќи системите за социјално осигурување се под притисок кој постојано се зголемува, професионалните пензии во иднина сè повеќе и повеќе ќе имаат улога на дополнување.

Со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување кој се донесе во јануари 2012 година се регулираат видовите на исплати на пензии од вториот столб, односно видовите на пензиски надоместоци од трет столб, иснтитуциите кои ќе бидат вклучени во исплатата на пензиите, односно пензиските надоместоци, постапката на исплата, и друго. Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување е заснован на истите принципи на кои се базира вториот и третиот пензиски столб, односно обезбедување на пензија преку капитализација на средства на индивидуална сметка , транспарентност, можност за личен избор на вид на пензија и институција која ќе ја исплаќа пензијата, заштита на интересите на корисниците на пензија од втор и трет столб и др.

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Комитетот за социјални права за тоа колкав дел активното население дава придонес во инвалидското осигурување[9], информираме дека придонесот за пензиско и инвалидско осигурување

---

[9] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 15

е утврден во единствен процент од бруто плата, односно не постои поделба на овој придонес на два засебни дела.

Во извештајот се информира дека даночниот обврзник е должен да го пресмета и плати неговиот/нејзиниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување врз основа на неговата/нејзината месечната плата. За секој ден на доцнење со плаќање на придонесите, ФПИОМ наплаќа камата во висина од 0,03%.

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Комитетот за социјални права во врска со активностите на Владата за да се справи со доцнењето на исплатата на пензии од страна на ФПИОМ[10], информираме дека придонесите од задолжително социјално осигурување се плаќаат до 15-ти во месецот за претходниот месец. За секое доцнење се плаќа камата од 0,03%.

До 2007 година пензиите се исплатуваа во три групи и тоа на 15-ти во месецот за претходниот месец. Од 2008 година исплатата на пензиите се врши на почетокот на секоја седмица од месецот за претходниот месец и тоа за сите групи на пензии истовремено. Не постои никаво задоцнување во исплатата на пензиите во Република Македонија, а исто така ниту во исплатата на пензиите од Република Македонија во друга држава.

## ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Со Законот за здравственото осигурување се утврдуваат категориите на лица кои се задолжително здравствено осигурени, додека со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Сл. Весник на РМ“ бр.142/08, 64/09, 156/09, 166/10 и 53/11) се уредени прашањата во врска со видовите на придонеси за задолжително социјално осигурување, обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонесите, стапките, начинот на пресметка и роковите на плаќање на придонеси, контрола на пресметување и уплата на придонеси, како и други прашања кои се значајни за утврдувањето и плаќањето придонеси.

Согласно одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Сл. Весник на РМ“ бр.64/09) и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување („Сл. Весник на РМ“ бр.67/09), почнувајќи од 1-ви јуни 2009 година, привремено невработеното лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност задолжително е здравствено осигурено. Обврзник за пресметка и уплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување за корисниците на паричен надоместок е Агенцијата за вработување на Република Македонија. Правото

[10] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), (“Република Македонија”, членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 17

на здравствено осигурување, корисниците на паричен надоместок го користат од денот на остварувањето на правото до денот на неговото престанување.

Со измените и дополнувањата на Законот за здравствено осигурување од 14 април 2011 година се брише основот на задолжително здравствено осигурување за невработеното лице и ова лице во иднина здравствено ќе биде осигурено како граѓанин кој нема друг основ на задолжително здравствено осигурување по основите на Законот, и како лице кое неможе да добие статус на осигуреник како член на најтесното семејство согласно одредбите на член 6 од ЗЗО.

Согласно член 10-а став 1 од Законот за задолжително социјално осигурување е уредено дека граѓанин кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес по една од основите од член 10 став 1 точките од 1 до 14, правата од здравствено осигурување ги остварува како граѓанин на Република Македонија, согласно условите утврдени со закон. Според тоа, лицето кое нема друг основ на здравствено осигурување, истото го остварува во Фондот за здравствено осигурување на Македонија и не е должно да се евидентира како невработено лице во Агенцијата за вработување на Република Македонија. Ова лице правото на здравствено осигурување го остварува како граѓанин на Република Македонија, такашто повеќе не постои категорија на невработено лице корисник на здравствено осигурување.
Со пренесувањето на здравственото осигурување во надлежност на ФЗОМ, Агенцијата за вработување на Република Македонија се растерети од огромната техничка работа, поврзана со остварувањето на правото на здравствено осигурување на невработените лица и постепено се постигнува основната цел на Агенцијата, конечно вистински да се трансформира во агенција која дава помош и услуги на невработените лица кои активно бараат работа да најдат работа, односно истата да посредува при вработување во насока на зголемување и подобрување на активните мерки за вработување.

Право на пензиско и инвалидско осигурување во согласност со прописите за пензиското и инвалидското осигурување остварува невработеното лице корисник на паричен надоместок на кое му недостасуваат најмногу до 18 месеци пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, а кое нема 15 години стаж на осигурување, до остварување на 15 години стаж на осигурување (член 64 став 1 точка 4 од Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност).
Ако корисникот на паричниот надоместок нема наполнето 15 години стаж на осигурување и му недостасуваат најмногу до 18 месеци пред исполнување на услови за стекнување на право на старосна пензија, односно кое има над 60 години и 6 месеци возраст (жена) или 62 години и 6 месеци (маж) ќе оствари и право на пензиско и инвалидско осигурување за времето додека го користи паричниот надоместок, но до моментот на навршување 15 години стаж на осигурување.

Корисник на паричен надоместок во траење од осум, девет, десет, единаесет и дванаесет месеци не може да оствари и право на пензиско и инвалидско осигурување без разлика на возраста, од причина што има над 15 години стаж на осигурување, односно истиот ќе користи само паричен надоместок.

Корисник на кој паричен надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок, не остварува и право на пензиско и инвалидско осигурување бидејќи услов за стекнување на трајно право на користење на паричен надоместок е да има над 15 години стаж на осигурување и му недостасуваат најмногу до 18 месеци пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија.

| **Преглед на евидентирани невработени лица – корисници на паричен надоместок** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Година | Невработени лица – корисници на паричен надоместок | | | |
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
| Просечен број на корисници на ПН | 23934 | 24554 | 24362 | 24213 |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

Со Законот за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Сл. Весник на РМ" бр.88/10), членот 70 се менува и гласи: „паричниот надоместок се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година за корисниците на паричен надоместок над 12 месеци".

Во однос на барањето на Комитетот во овој Извештај да се обезбедат информации за минималното ниво на помош за време на невработеност[11], Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност не предвидува минимална загарантирана долна најниска граница на износ на паричниот надоместок, туку само утврдува негова горна граница која согласно член 68 став 2 не може да изнесува повеќе од 80% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена за последниот месец. Поради ваквиот начин на пресметување на висината на паричниот надоместок, не е можно да се дадат точни информации за минималното ниво на висината на паричниот надоместок. Имено, паричниот надоместок се исплатува како 50% од просечната месечна нето плата на работникот која е остварена за последните 24 месеци за лице кое ова право го користи до 12 месеци, а за лице кое ова право го користи подолго од 12 месеци се исплатува за првите 12 месеци 50%, а за останатите месеци 40%.

Во врска со барањето на Комитетот да се даде појаснување на "неправедно сукцесивно отсуство од работното место од 3 до 5 дена"[12] содржано во претходниот

[11] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 17

[12] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 17

Извештај на Република Македонија, го информираме Комитетот дека со членот 67 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност се уредуваат случаевите во кои правото на паричен надоместок не може да го оствари невработеното лице. Еден од таквите случаеви е кога работниот однос на невработеното лице му престанал доколку неоправдано изостане од работа последователно 3 работни дена или 5 работни дена во текот на една година. Во ваков случај согласно член 82 став 1 алинеа 1 од Законот за работните односи, на работникот поради кршење на работниот ред и дисциплина му се изрекува дисциплинска мерка престанок на работниот однос без отказен рок и му се откажува договорот за вработување.

Исплатата на паричниот надоместок, како едно од правата на невработените лица во Република Македонија, зависи од временскиот период за кое невработеното лице било вклучено во системот на социјално осигурување, односно било во работен однос.
Имајќи ја во предвид неповолната состојба во земјата во однос на невработеноста, во изминатиот период, во соработка со повеќе меѓународни институции и организации, меѓу кои и Светската банка, правени се анализи и оценки и добиени се одредени препораки за преземање на мерки со кои ќе се подобри состојбата и истовремено ќе се овозможи и да се дестимулираат невработените лица да остануваат подолг временски период на евиденција во службите за вработување. Покрај утврдувањето на потребата од значително префрлање на фокусот од пасивните кон активните мерки на пазарот на труд, по што се отпочна со подготовка и имплементација на годишни Оперативни планови за активни политики на пазарот на трудот, предмет на анализа и дискусија, исто така, беше и редизајнирањето на системот на исплата на паричниот надоместок.
Така, со законските измени од април 2006 година, се извршија промени во однос на временскиот период на користење на паричниот надоместок во случај на невработеност, при што минималниот период на користење на правото на надоместок беше утврдено на еден месец за лица кои биле во работен однос 9 последователни месеци или 12 месеци со прекини во период од последните 18 месеци (*9 consecutive months or 12 months with interruptions during the last 18 months)*.
При дефинирањето на временскиот период на користење на ова право, се водеше сметка за воспоставување на пропорционален однос помеѓу минималниот и максималниот период на користење на правото на надоместокот.
Се смета дека ваквата мерка ќе биде стимулативна и заедно со другите постоечки активни мерки на пазарот на труд ќе придонесе кон тоа невработените лица поинтензивно да бараат работа и да најдат вработување.
Би сакале уште да напомeнеме дека, согласно податоците добиени од Агенцијата за вработување на Република Македонија, бројот на лица кои користат паричен надоместок во случај на невработеност со минималното времетраење од еден месец е релативно мал, во однос на вкупниот број на корисници на ова право.
Според податоците за 2009 година, бројот на овие лица кои користат надоместок во времетраење од 1 месец, се движи од 0.3% до 1.9% во однос на вкупниот број корисници во текот на месецот (во просек: 0.7%), односно во апсолутни бројки, просечниот број на овие корисници изнесува 172.

| Број на корисници кои оствариле право на паричен надоместок во случај на невработеност во текот на 2009 година | | | |
|---|---|---|---|
| **2009 месец** | **Вкупен број на корисници на паричен надоместок во случај на невработеност** | **Број на корисници на паричен надоместок во времетраење од 1 месец** | **%** |
| Јануари | 23458 | 456 | 1.9% |
| Февруари | 24515 | 339 | 1.4% |
| Март | 25380 | 132 | 0.5% |
| Април | 24279 | 162 | 0.7% |
| Мај | 24625 | 95 | 0.4% |
| Јуни | 24936 | 82 | 0.3% |
| Јули | 23659 | 135 | 0.6% |
| Август | 23956 | 126 | 0.5% |
| Септември | 25081 | 225 | 0.9% |
| Октомври | 25253 | 147 | 0.6% |
| Ноември | 24854 | 76 | 0.3% |
| Декември | 24648 | 92 | 0.4% |
| **ВКУПНО** | **24554** | **172** | **0.7%** |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

| 2010 месец | Вкупен број на корисници на паричен надоместок во случај на невработеност | Број на корисници на паричен надоместок во времетраење од 1 месец | % |
|---|---|---|---|
| Јануари | 24666 | 114 | 0.5 |
| Февруари | 25335 | 47 | 0.2 |
| Март | 24560 | 38 | 0.2 |
| Април | 24561 | 66 | 0.3 |
| Мај | 24784 | 50 | 0.2 |
| Јуни | 24114 | 41 | 0.2 |
| Јули | 24073 | 96 | 0.4 |
| Август | 24107 | 66 | 0.3 |
| Септември | 23580 | 56 | 0.2 |
| Октомври | 24275 | 32 | 0.1 |
| Ноември | 24020 | 31 | 0.1 |
| Декември | 24263 | 30 | 0.1 |
| **ВКУПНО** | **24666** | **114** | **0.5** |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

| 2011 месец | Вкупен број на корисници на паричен надоместок во случај на невработеност | Број на корисници на паричен надоместок во времетраење од 1 месец | % |
|---|---|---|---|
| Јануари | 24023 | 27 | 0.1 |
| Февруари | 24759 | 44 | 0.2 |
| Март | 24437 | 20 | 0.1 |
| Април | 24302 | 17 | 0.1 |
| Мај | 23836 | 26 | 0.1 |
| Јуни | 23779 | 24 | 0.1 |
| Јули | 23725 | 40 | 0.2 |
| Август | 24182 | 22 | 0.1 |
| Септември | 23678 | 21 | 0.1 |
| Октомври | 24079 | 51 | 0.2 |
| Ноември | 24265 | 89 | 0.4 |
| Декември | 25486 | 19 | 0.1 |
| **ВКУПНО** | **24023** | **27** | **0.1** |

Извор: Агенција за вработување на Република Македонија

Во однос на забелешките и утврдената неусогласеност на состојбата во РМ со одредбите од Европската Социјална Повелба, во делот на премногу краткиот временски период од еден месец, во претстојниот период ќе се направат дополнителни истражувања и анализи во однос на влијанието на ваквата мерка врз состојбата со невработеноста, како и соодветните финансиски ефекти, по што ќе се предложат и превземат и соодветни решенија.

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Европскиот комитет за социјални права за мерките на Владата на Република Македонија во **борбата против непријавено работење**[13], согласно приоритетите на Владата на РМ, во извештајниот период превземени се поголем број на активности од страна на државата за стумулирање на пријавување на работниците, како што се промена на законската регулатива, имплементација на различни видови на проекти, зајакнување на инспекциски надзори и сл . Ова може да се потврди и со зголемувањето на бројот на вработени за време на економската криза што е резултат и на следните мерки: подобрување на бизнис амбиентот, усогласување на трудовото законодавство со законодавството на ЕУ, воведување на рамен данок, намалувањето на сивата економија, активните програми и мерки за вработување и сл. Истото, делумно е и

[13] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), (“Република Македонија”, членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр.15

резултат на воведувањето на концептот на договарање, пресметка и исплата на бруто плата, што придонесе за намалување на даночното оптоварување по вработен, по што во одредена мера стана неисплатливо за работодавачите непријавувањето на вработените. Исто така, преку воведувањето на интегрирана наплата на социјалните придонеси и персоналниот данок на доход од плати и хармонизирање на базите на податоци, се намалија можностите за манипулација, односно избегнување на регистрацијата на вработените.
Во 2008 година направени се измени и дополнувања на Законот за работните односи (“Службен весник на Република Македонија” бр. 106/2008), кои измени се и во насока на поголема флексибилност. Имено, со измените дадена е можност работодавачите електронски да пријавуваат и одјавуваат работници, електронска размена на податоци помеѓу АВРМ и институциите за социјално осигурување, избришани се одредби согласно кои при отпуштање на работниците од деловни причини ги обврзуваа работодавачите да не можат да најмат работник на исто работно место една година и кои му даваа предност при вработување на претходно отпуштениот работник. Дел од промените во Законот во наведениот период се и во казнените одредби со кои се извши промена на прекршочни санкции за работодавач или правно лице ако не склучи договор за вработување и ако работникот не е пријавен во задолжително социјлно осигурување.

Во насока на поттикнување на пријавување на работници, а со тоа и поголема флексибилност и сигурност на вработените, се и решенијата во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” бр. 142/2008), со кои се дава можност за плаќање на придонеси во зависност од часовите на работа, кое влијае на поголема флексибилност на работодавачите за вработување на работници во зависност од потребата.

Воведувањето на Интегрираната наплата на придонесите за задолжително социјално осигурување и персоналниот данок, усогласувањето на минималната основа за плаќање на придонеси, како и сукцесивното намалување на стапките на придонесите и тоа збирно од 32% во 2008 година на 27,9% во 2009 година на 26,5% во 2010 и 2011 година придонесе за зголемување на социјалната сигурност на вработените и намалување на административниот товар и трошоците за работодавачите (според Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” бр. 142/2008)).

Имплементацијата на активните политики за вработување, исто така, имаа влијание на пријавување на работниците, односно поттикнување за вршење на формална дејност. Така од 2008 гоина, Владата на Република Македонија секоја година согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување обезбедува финансиска поддршка со неповратни средства за формализација на бизниси. Финансиката поддршка од 2008 до 2011 година изнесува 188.000,00 денари од кои 185.000,00 денари се во вид на директна поддршка за набавка на опрема и репроматеријали, а останатите за регистрација на дејност.

**Инспекциски надзор врз непријавената работа**

Законот за работните односи до 2008 година предвидуваше, ако инспекторот на трудот на работа кај работодавачот затекне лице со кое не е заснован работен однос согласно законот, да донесе решение со кое се забранува работата на работодавачот до отстранување на утврдените неправилности, односно до засновањето работен однос согласно законот со затеченото лице. Во овој период инспекторите на трудот годишно откриваа по околу 20.000 непријавени работници, меѓутоа по донесените решенија за забрана на работата, работодавачите веднаш ги пријавуваа во работен однос затечените работници и забраната за работа престануваше да важи. За сторениот прекршок инспекторите поднесуваа барање за поведување на прекршочна постапка до судовите за прекршоци. Поголемиот број од поднесените барања судовите не ги решаваа на време и ја запираа постапката поради настанување на застареност. По останатите барања на сторителите им беа изрекувани прекршочни опомени или ниски парични казни. Овие мерки не придонесуваа за решавање на проблемот со непријавените работници, туку работодавачите се охрабруваа и понатаму да го кршат законот. Затечените непријавени работници по известување од инспекцијата на трудот, беа бришани од евиденцијата на Агенцијата за вработување и им се ускратуваа правата по основ на невработеност и социјална заштита. Поради тоа овие лица го отежнуваа инспекцискиот надзор со криење при контролата, одбегнување да се идентификуваат или со давање неточни податоци.

Со цел да се надмине негативната состојба со непријавените работници во декември 2008 година извршени се измени и дополнувања на Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" бр. 161/2008) со кои значително се заоструваат казнените и управни мерки. Според овие измени, ако инспекторот на трудот затекне на работа лице со кое не е заснован работен однос согласно законот, донесува решение за забрана на работата на работодавачот од 30 дена. За сторениот прекршок беше пропишана глоба во висина од 15.000 евра во денарска противвредност за правното лице и 7.000 евра во денарска противвредност за одговорното лице. Новина во измените на Законот од 2008 е и тоа што прекршочната постапка од судот премина во надлежност на прекршочна комисија во состав на Министерството за труд и социјална политика.

Првите месеци од 2009 година инспекторите делуваа информативно и едукативно, со цел работодавачите да се запознаат со измените на законот и предвидените мерки. За таа цел инспекторатот изготви брошури со измените и дополнувањата на законот кои беа дистрибуирани до сите регистрирани работодавачи. Исто така, изготвени се и контролни листи за правата и обврските од областа на работните односи, дистрибуирани до сите работодавачи, од кои секој работодавач може да изврши самоконтролирање на своето работење, што е предмет на надзор на инспекцијата на трудот.

Интензивните инспекциски надзори и преземањето мерки согласно законот во текот на 2009 и 2010 година придонесоа за намалувањето на бројот на непријавените работници.

Овие мерки колкку и да беа ефикасни имаа свои негативни страни:

- забраната за работа од 30 дена не предвидуваше пријавување на затечените лица во работен однос, односно нивни вработување;
- во тие 30 дена од забраната за работа и пријавените работници не остваруваа право од работен однос;
- поради забраната за работа и неможноста да ја платат високата казна некои работодавачи престануваа со работа;
- непријавените лица беа бришани од евиденцијата на невработени во Агенцијата за вработување, поради што ги одбегнуваа инспекциските надзори.

Поради тоа во септември 2010 година беа извршени измени на Законот за работните односи кои предвидуваат, ако инспекторот затекне на работа кај работодавачот лице со кое не е заснован работен однос согласно законот, со решение ќе му нареди во рок од 15 дена да заснова работен однос со затеченото или друго лице на неопределено време и да му исплати надомест во висина од три просечни исплатени бруто плати во Репуликата. Ако работодавачот не постапи по решението, инспекторот ќе ја забрани работата на работодавачот, до исполнување на наредбата од решението.
Со овие измени на законот намалена е и висината на глобите, така за овој вид на прекршок предвидена е глоба во износ од 6.000 до 7.000 евра во денарска противвредност за правното лице и 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за одговорното лице.

| **Инспекциски надзор за непријавено работење и превземени мерки** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Редовни надзори** | **Најдени непријавени работници** | **Поднесени прекршочни пријави** | **Пријавени работници откако биле извршени инспекциски надзори и биле превемени мерки** |
| 2008 | 33917 | 15626 | 4731 | 12773 |
| 2009 | 30810 | 3405 | 596 | 3405 |
| 2010 | 31571 | 2918 | 841 | 2918 |
| 2011 | 28748 | 1269 | 996 | 1269 |

Извор: Државен инспекторат за труд

**Инспекциски надзор во врска со исплата на плата и надоместоци**

Според Законот за работните односи, работникот има право на плата согласно со закон, колективен договор и договор за вработување. Платата се исплатува за период кој не смее да биде подолг од еден месец, најдоцна до 15 дена по изминување на месецот за кој се исплатува.

Голем број од барања до инспекторатот се однесуваат на ненавремена исплата или неисплатување на договорената плата, како и на неисплатување на додатоци за ноќна работа, прекувремена работа, работа на празник и надоместоците предвидени со закон. Во ваквите случаи инспекторот со решение му наредуваат на работодавачот да ги исплати неисплатените плати, додатоци и надоместоци.
Голем проблем претставуваат работодавачите кои не исплатиле плата подолг период поради блокирани сметки и не се во можност да постапат по решението на инспекторот.

Непостапувањето по решението на инспекторот претставува прекршок и против работодавачот се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка, а работникот се упатува правата да ги остварува во судска постапка.
Од јануари 2012 година во примена е Законот за минимална плата, со кој за прв пат во Република Македонија е утврден најнискиот месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време и исполнет нормален учинок.

До сега нема пријави до инспекторатот за исплатена пониска плата од минималната и во редовните инспекциски надзори не се констатирани повреди на Законот. Ако инспекторот при надзорот за прв пат утврди дека е исплатена плата пониска од минималната, на работодавачот му дава укажување истата да ја исплати во рок од 8 дена и спроведува едукација на работодавачот. Доколку работодавачот не постапи по укажувањето ќе се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

| **Инспекциски надзори за неисплатени плати и надоместоци** | | |
|---|---|---|
| **Година** | **Донесени решенија со кои им се наложува на работодавачите да исплатат плати и надоместоци** | **Поднесени барања за поведување на прекршочна постапка за непостапување во решенија** |
| 2008 | 523 | 97 |
| 2009 | 411 | 108 |
| 2010 | 1060 | 84 |
| 2011 | 1128 | 106 |

Извор: Државен инспекторат за труд

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Европскиот комитет за социјални права за превземените мерки во полза на самохраните родители[14], информираме дека со Програмата за формализација на постојни бизниси на годишно ниво од 2009 до 2011 година, својот бизнис го формализираа по 250

[14] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 18

невработени лица со исклучок на 2008 година кога регистрираа фирми 113 невработени лица. Во активните програми и мерки за вработување вклучени се невработени лица од различни цели групи, односно истите покрај економска комопнента содржат и социјална компонета вклучувајќи ги и самохраните родители. Така во 2008 и 2009 година година со Програмата за субвенционирање се подржани 80 односно 67 самохрани родители. Во 2010 година поддржани се 8 самохрани родители со Програмата субвенционирање за вработување и 20 лица со Програмата за самовработување. Во 2011 година поддржани се 13 лица со Програмата субвенционирање за вработување, 13 лица со Програмата за самовработување и 1 лице со Програмата за обука за побарувани занимања.

## ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА (FAMILY BENEFITS)

Во измените на Законот за заштита на децата донесени на 30 јуни 2009 година, а објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр.83/2009, се вградија одредби со кои правото на детски додаток се обезбедува на дете, државјанин на Република Македонија, на редовно школување во Република Македонија, додека правото на детски додаток како право на детето може да го оствари еден од родителите на детето, старател или лице на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него. Со ова решение се изоставува досегашниот облик на таксативно набројување на тоа кој сѐ може да го оствари ова право. Се тргнува од позицијата дека секој граѓанин, односно секое дете има право на детски додаток како форма на заштита што се обезбедува од државата, под услови и на начин утврдени со овој закон. Ваквиот пристап значи голем напредок во однос на почитување на препораките од Комитетот за правата на децата од Женева, а на кои инсистира и Народниот правобранител на Република Македонија. Измените се значителни и во поглед на потребниот обем на средства кои се неопходни за остварување на ова право, и истите се со одложно дејство, односно ќе се применуваат по влегувањето на Република Македонија во ЕУ.
Сите овие измени имаат карактер на своевидна реформа со која правата по основ на заштита на децата стануваат универзални и униформни за сите граѓани во државата, а пред сé се насочени кон сиромашниот слој на граѓаните на кого му е неопходна ваква заштита.

Една од новините во системот на заштита на децата, е воведувањето на ново право - **родителски додаток за дете**, па така според Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ 98/2000, 17/2003, 65/2004, 113/2005, 98/2008, 107/2008, 83/2009, 156/2009, 51/2011 и 157/2011) права за заштита на децата се:

- детски додаток;
- посебен додаток;
- еднократна парична помош за новороденче;
- партиципација;
- родителски додаток за дете.

Како резултат на донесената Одлука од страна на Уставниот суд на Република Македонија која се однесува на новововеденото право на родителски додаток за дете како мерка за демографски развој на Републиката, кое право започна да се имплементира од 1 јануари 2009 година, за да може со истото да се опфатат новородените деца за целата територија на Републиката, се направија одредени измени во законот. Имено, со донесените измени на Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр 83/09) правото на родителски додаток за дете се обезбедува за третото дете по ред на раѓање на мајката доколку се исполнат и одредени услови при тоа, а заради правичен пристап во обезбедување на правото на родителски додаток за дете, предвиден е и преоден период од 9 месеци од денот на влегување во сила на законот. Во овој преоден период за децата родени како второ, трето или четврто дете ќе може да се оствари правото на родителски додаток за дете (за деца родени заклучно со 11 април 2010).
Со донесените измени на Законот, правото на еднократна парична помош за новороденче ќе се остварува само за прво живородено дете на мајката.

Во 2009 година со донесените измени на Законот за заштита на децата, објавени во Службен весник на Република Македонија бр.156/2009, воведен е нов начин на пресметка на висините на правата за заштита на децата (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток за дете) и истите се утврдени во апсолутни износи.

<u>Детски додаток</u>
Детскиот додаток претставува паричен надоместок за покривање на дел од трошоците во подигањето и развојот на детето. Право на детски додаток има еден од родителите на детето кое е државјанин на Република Македонија и кое е на редовно школување.
Детскиот додаток се остварува во зависност од возраста на детето и од материјалната состојба на семејството.
Право на детски додаток има:

- еден од родителите за дете до наполнување на 18 години живот, доколку е на редовно школување;
- еден од родителите на детето доколку е вработен, пензионер, неваботено лице кое прима паричен надоместок преку Агенцијата за вработување, корисник на постојана парична помош, согласно со Законот за социјална заштита, воен инвалид и корисник на семејна инвалиднина, земјоделец-даночен обврзник;
- дете кое е без родителста грижа, а е сместено во дом-семејство.

Граничниот износ на просечните месечни примања по член на семејство за остварување на детски додаток од 1 јануари 2010 година изнесува 2490 денари, а за самохран родител 4980 денари и истиот од 2010 година се усогласува со порастот на тршоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.
Висината на детскиот додаток, кој се обезбедува на месечна основа, од 1јануари.2010 година изнесува:

- за дете до 15 години, односно додека е редовен ученик во основно училиште 716 денари;
- за дете од 15 до 18 години, односно додека е редовен ученик во средно училиште 1136 денари.

Вкупниот месечен износ на детски додаток за децата за кои родителот го остварил правото изнесува најмногу 1,800.00 денари.

Посебен додаток

Посебниот додаток претставува паричен надоместок за дете со специфични потреби кое има пречки во телесниот и интелектуалниот развој или комбинирани пречки во развојот.

Посебниот додаток се обезбедува до 26 години живот на детето.

Од 1 јануари 2010 година месечниот износ на посебен додаток изнесува 4.202 денари и истиот се усогласува со порастот на тршоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Еднократна помош за новороденче

Од 1 јануари 2006 до 31.12.2008 година, висината на правото за Помош за опрема на новороденче, кое од 1 јануари 2009 година се трансформира како Еднократна помош за новороденче, во зависност од оствареният просечен месечен приход на семејството, варираше од 176.55 до 4,060.65 денари. Сега висината на еднократната помош за новороденче изнесува 4.829 денари и истата се усогласува со порастот на тршоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Партиципација

Во поглед на конкретното прашање од страна на Европскиот Комитет за социјални права за границата за да се бенифицира од ваквата помош[15], информираме дека родителот не ја плаќа економската цена за престој во градинка на детето, односно за одмор и рекреација, туку плаќа за престој на децата во градинка, за трошоци за исхрана на детето и дел на материјални трошоци. Поблиските услови за остварување на ова право, дополнително ќе се уреди со подзаконски акт.

Родителски додаток за дете

Висината на родителскиот додаток за трето дете изнесува 8.048 денари и истата од 1 јануари 2010 година се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Од 1 јануари 2010 година висината на правото на родителски додаток за дете (второ, трето и четврто) кое се остварува согласно со членовите 98 и 99 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ број 83/2009) изнесува за второ дете 4.829 денари, за трето дете 8.048 денари и за четврто дете 11.267 денари, а единствениот родителски додаток

[15] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), (“Република Македонија”, членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 18

за дете, во случај мајката да роди четврто дете додека го остварува родителскиот додаток за трето дете, изнесува 16.096 денари.

Усогласувањето на висините на правото на родителски додаток за дете од 2010 година ќе се врши со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Во следната табела е прикажан преглед на бројот на корисници на парични надоместоци за заштита на децата во периодот 2008-2011 година.

| **Година** | **Детски додаток** | | **Посебен додаток** | | **Помош за опремување на новороденче** ***(број на корисници)/ еднократна парична помош за новороденче од 1.01.2009г.*** | **Родителски додаток** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Бр. на кори-сници** | **Бр. на деца** | **Бр. на кори-сници** | **Бр. на деца** | | **Бр. на кори-сници** | **Бр.на деца** |
| 2008 | 19235 | 35774 | 5417 | 5597 | 6102 | / | / |
| 2009 | 18748 | 34423 | 5708 | 5903 | 12910 * | 8.520 * | / |
| 2010 | 13866 | 26588 | 6117 | 6350 | 8986 | 6.151 | 6.157 |
| 2011 | 11450 | 22626 | 6286 | 6504 | 8778 | 9.148 | 9.162 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија
* Податоци од Министерство за труд и социјална политика, одделение за анализа и евалуација на политики

Во продолжение се прикажани расположливите податоци за износот на средствата одвоени од Буџетот на Република Македонија за правата за заштита на децата во периодот 2004-2006 година.

| **Година** | **Детски додаток (износ во денари)** | **Посебен додаток (износ во денари)** | **„беби - пакет“ / еднократна парична помош за новороденче (износ во денари)** | **Родителски додаток за дете (износ во денари)** |
|---|---|---|---|---|
| **2008** | 279.282.000 | 252.851.000 | 22.922.000 | - |
| **2009** | 260.724.000 | 280.503.000 | 76.607.341 * | 314.324.311 * |
| **2010** | 214.423.000 | 300.854.000 | 43.303.000 | 678.621.776 * |
| **2011** | 178.350.000 | 295.146.000 | 43.356.000 | 799.146.852 * |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.
* Податоци од Министерство за труд и социјална политика, одделение за анализа и евалуација на политики

Во поглед на конкретното прашање од страна на Европскиот комитет за социјални права за **бенефициите за домување**[16], информираме дека Владата на Република Македонија во 2011 година подготви проект "Купи куќа, купи стан" чија цел е овозможување на физичките лица да се стекнат со свој дом под поповолни услови. Затоа, Собранието на Република Македонија во ноември 2011 година донесе Закон за субвенционирање на станбен кредит ("Службен весник на Република Македонија" бр.158/2011) со кој се уредуваат условите, начинот и постапката за субвенционирање на станбени кредити кои физичките лица ги земаат од деловните банки со цел купување на стан или изградба на куќа за решавање на сопственото станбено прашање. Согласно овој закон физичките лица можат да добијат финансиски средства од Република Македонија за дел од учество во банкарскиот станбен кредит или за дел од ануитетот за отплата на станбен кредит.

Ваквото субвенционирање е предвидено да се одвива на 2 начини од кои физичките лица треба да изберат еден, и тоа:

1. Модел "Половина рата", според кој е предвидено Владата да плаќа половина од месечната рата (главница и камата) во првите 5 години од отплатата на кредитот, при што каматата на станбениот кредит е субвенционирана и изнесува 4,99% за првите три години и 5,5% за четвртата и за петтата година од отплатата;
2. Модел "Половина учество", според кој е предвидено Владата да плаќа 50% од учеството за кредит за купување стан или за изградба на куќа, или најмногу до 6250 евра за кредит од 50000 евра, при што каматата на станбениот кредит е субвенционирана и изнесува ЕУРИБОР + 4,5 процентни поени во текот на целиот период на отплата.

Граѓаните, кои сакаат да аплицираат за субвенциониран кредит, треба да ги исполнуваат следните услови:

- Вкупните месечни приходи на поединецот или на брачните партнери да бидат најмногу до 900 евра;
- Да нема во негова сопственост, во заедничка сопственост со брачниот другар или во сопственост на брачниот другар, стан, односно куќа, или во сопственост да има само еден стан или една куќа, кои ги продава заради купување поголем стан, односно куќа за потребите на сопственото домување;
- Лицето или неговиот брачен другар да немаат подигнато друг станбен кредит;
- Субвенционираниот износ на кредитот е до 50.000 евра. Граѓаните може да земат и поголем кредит од 50.000 евра, при што субвенционирањето ќе се однесува на износот до 50.000 евра.

Станот што се купува, односно куќата што се гради, треба:

[16] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 18

- Да е новоградба со сета потребна документација (имотен лист, дозволи и одобренија за градба);
- Цената на станбениот објект да биде до 900 евра за метар квадратен;
- Да се купи директно од инвеститорот или од изведувачот на станбениот објект;
- Градежно-техничката документација за изградба на куќа да гласи на име на барателот.

Барање за користење субвенциониран кредит се поднесува до деловната банка, која ја проценува и одлучува за кредитната способност на барателот, а при склучувањето на договор, посебно ќе се предвиди:

- Забрана за давање на недвижноста под закуп (кирија);
- Забрана за дополнително оптоварување на недвижноста со хипотека;
- Забрана за корисникот на кредитот да ја отуѓи недвижноста во период од првите 5 години од започнување со исплата на кредитот;
- Обврска за поднесување пријава за промена на местото на живеење на адреса на новиот стан или куќа до надлежен орган во рок од 60 дена од денот на воведување во владение на барателот на субвенционираниот кредит во станот, односно куќата;
- Доколку станбениот кредит предвремено се отплати (целосно или делумно), корисникот е должен субвенционираните средства да ги врати веднаш на Министерството за финансии преку деловната банка.
- Право на деловната банка, во случај кога корисникот на кредитот ќе доцни најмалку 90 дена во намирување на обврските, односно обврска на деловната банка, во случај кога корисникот на кредитот ќе доцни најмалку 180 дена во намирување на обврските, е да го раскине договорот за кредит и да преземе дејствија за присилна наплата на побарувањето по основ на станбениот кредит и субвенцијата.
- Доколку средствата одобрени за субвенциониран станбен кредит не се користат во согласност со Законот за субвенционирање на станбен кредит, или фактите врз кои се заснова одлуката за одобрување на субвенциониран станбен кредит биле невистинити, треба да се пристапи кон присилна наплата на станбениот кредит и субвенцијата.

Со проектот на Владата на Република Македонија „Купи куќа, купи стан“ граѓаните ќе може да аплицираат за субвенционирани станбени кредити, од 25 јануари до 31 декември 2012 година.

Што се однесува до мерките за **социјално домување**, информациите се содржани во Член 13&1.

**Член 12§2**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на социјална сигурност, страните договорнички се обврзуваат да го одржуваат системот на социјална сигурност на задоволително ниво кое ќе биде еднакво на нивото потребно за ратификување на Меѓународната конвенција за труд (бр. 102) во врска со Минималните стандарди на социјална сигурност.

Како што е наведено во Заклучоците на Европскиот комитет за социјални права, Република Македонија, како членка на Меѓународната организација на трудот (МОТ), имаше повеќе-годишен застој во подготвувањето и поднесувањето на извештаи за примената на ратификуваните конвенции. Меѓутоа, заклучно со 2010 година, Владата на Република Македонија ги достави првите извештаи за сите поединечни конвенции и оттогаш воспоставена е потребната динамика и веќе нема никакво заостанување и доцнење во однос на обврската за известување, согласно Уставот на МОТ.

За Конвенцијата за социјално осигурување (минимални стандарди) (C 102), освен првичниот извештај, а согласно утврдената динамика на известување од страна на МОТ, веќе наредната 2011 година е испратен и вториот извештај. Извештаите што секоја влада на земјите членки ги доставува до МОТ се предмет на разгледување и анализа на Комитетот на експерти за примената на конвенциите и препораките. Комитетот ги разгледа поднесените извештаи, по што до Владата на Република Македонија ги достави своите коментари заедно со неколку дополнителни прашања, во облик на Директно барање (Direct request). На овие неколку дополнителни прашања, Владата ќе даде одговор при изготвувањето на следниот извештај за оваа Конвенција.

**<u>Старосна пензија</u>**

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РМ„ бр.161/2008) исклучена е можноста корисник на пензија да работи и да користи дел од пензијата. Имено, од 2009 година на корисник на пензија додека работи или врши дејност му мирува исплатата на пензијата. По престанокот на работењето или вршењето на дејноста му се воспоставува нов износ на пензија според дополнителниот пензиски стаж и остварени плати.

Со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија„ 153/2007), усогласувањето се врши според движењето на индексот на трошоците на живот во висина од 50% и движењето на просечно исплатената нето плата на сите вработени

во Република Македонија во висина од 50%. Усогласувањето се врши два пати годишно од 1 јануари и од 1 јули секоја година. Процентот на усогласување се добива од збирот на процентот на движењето на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие и процентот на просечно исплатената нето плата на сите вработени во Република Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи.

| Усогласување на пензии | | | |
|---|---|---|---|
| **Година** | **Пораст на плати** | **Пораст на трошоци** | **Вкупно** |
| 2008 | 13,00% | 7,65% | 21,66% |
| 2009 | 3.50% | 2,02% | 5,59% |
| 2010 | 0,30% | 1,10% | 1,40% |
| 2011 | 0,75% | 2,10% | 2,86% |

*Извор: Годишен извештај за работата на ФПИОМ за 2011 година*

Усогласувањето на пензиите во 2008 година се изврши согласно членот 37 од измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување ("Сл. весник на РМ" број 153/2007 година) и тоа: за 50% од движењето на просечно нето исплатената плата на сите вработени во Републиката и за 50% од движењето на индексот на трошоците на живот. Пензиите се усогласија од 1 јануари и 1 јули 2008 година според процентот кој се добива како збир на движењето на индексот на трошоците на животот во претходното полугодие и процентот на движењето на просечно исплатената нето плата на сите вработени во Република Македонија во претходното полугодие во однос на полугодието кое му претходи.

Согласно важечките прописи усогласувањето на пензиите од 1 јануари 2008 година изнесуваше 4,45% и од 1 јули 2008 година 5,10%, односно вкупното усогласување во 2008 година изнесува 9,78%.

Покрај законското усогласување на пензиите, пензиите во 2008 година со Одлука на Владата на Република Македонија се усогласија со повисок процент од процентот на усогласување на пензиите утврден во член 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Зголемување на пензиите со Одлука на Владата на РМ се изврши со различен процент во зависност од висината на пензијата, но во просек пензиите од 1 јануари 2008 година се усогласија за 8,3%, а од 1 јули 2008 година за 2,36%, односно вкупното усогласување изнесува 10,8%.

Вкупното зголемување на пензиите по двата основи изнесува 21,66% и е највисоко зголемување на пензиите од 2001 година.

Пензијата, до 2015 година, не може да биде повеќе од 80% од просечната плата остварена во Република Македонија во претходната година зголемена за 2,7 пати, а по 2015 година - не повеќе од процентите утврдени во член 65 став 1 на Законот, од

просечната плата во Република Македонија во претходната година зголемена за 2,7 пати.

Процентите од член 65 став 1 од Законот се :

| Година | Процент |
|---|---|
| 2016 | 79.68 |
| 2017 | 79.36 |
| 2018 | 79.04 |
| 2019 | 78.72 |
| 2020 | 78.40 |
| 2021 | 78.08 |
| 2022 | 77.76 |
| 2023 | 77.44 |
| 2024 | 77.12 |
| 2025 | 76.80 |
| 2026 | 76.48 |
| 2027 | 76.16 |
| 2028 | 75.84 |
| 2029 | 75.52 |
| 2030 | 75.20 |
| 2031 | 74.88 |
| 2032 | 74.56 |
| 2033 | 74.24 |
| 2034 | 73.92 |
| 2035 | 73.60 |
| 2036 | 73.28 |
| 2037 | 72.96 |
| 2038 | 72.64 |
| 2039 | 72.32 |
| 2040 | 72.00 |

Извор: Закон за пензиското и инвалидското осигурување

**<u>Семејна пензија</u>**

Со измени и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија„ бр. 156/2010) отстранети се различните услови во однос на возраста за стекнување право на семејна пензија за вдовица/вдовец, а заради постигнување на начелото на еднаквост на граѓаните по основ на пол определено во член 9 од Уставот на Република Македонија, како и правната сигурност на граѓаните утврдени во членовите 8, 34 и 35 од Уставот на Република Македонија.

Според одредбите од овој закон, вдовицата/вдовецот остваруваат право на семејна пензија ако до смртта на брачниот другар наполниле 50 години живот.

Доколку на денот на смртта немаат навршено 45 години, правото на пензија ќе го остварат кога ќе наполнат 50 години живот – или ако во тие години станале неспособни за работа. Исто така, се изедначуваат годините на живот за родителите кои остваруваат право на семејна пензија по основ на починато дете-осигуреник и тоа со 55 години на живот.
Условот за стекнување на право на семејна пензија за вдовец/вдовица - бракот со починатиот осигуреник, односно корисник на пензија да траел најмалку пет години пред смртта на осигуреникот односно корисникот на пензија е укинат во 2006 година од страна на Уставниот суд на Република Македонија.

Имајќи предвид дека Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија одлучува за права од пензиско и инвалидско осигурување, а притоа собира и располага со голем број на податоци релевантни за остварувањето на правата, од 2011 година започна да се имплементира софтверот за електронско решавање на барањата и исплата на пензиите
За секое поединечно барање за пензија се формира електронско досие во архивата, кое понатаму по електронски пат се комплетира со податоци за навршен стаж и плати во матичната евиденција, се донесува решение кое електронски се контролира и се воспоставува исплата на пензијата.
Целокупниот тек на процесот на донесување на решение и исплата на пензијата се врши преку електронски систем без движење на хартиена документација преку електронско досие

**Член 12§3**

Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на социјална сигурност, страните договорнички се обврзуваат да настојуваат да се подига системот на социјална сигурност постепено на повисоко ниво.

Реформираниот пензиски систем во Република Македонија е составен од пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност и капитално финансирано пензиско осигурување, со што им се овозможува на граѓаните на Република Македонија обезбедување материјална и социјална сигурност.
Структурата на повеќеслојниот пензиски систем се темели врз три вида (столба) на осигурување и тоа:

1. задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност (прв столб);
2. задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (втор столб);
3. доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (трет столб).

1. Задолжителното пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност (прв столб) е осигурување организирано според принципот на тековно финансирање (pay-as-you-go), што значи дека сегашните осигуреници плаќаат за сегашните пензионери. За ова осигурување се грижи Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Првиот столб продолжува да функционира на ист начин како и до сега - на принципот на генерациска солидарност. Овој столб обезбедува дефинирани пензии според однапред утврдена формула, а останатиот дел од пензијата се обезбедува од капитално финансираното пензиско осигурување. Преку овој столб се обезбедува остварување на права од пензиско и инвалидско осигурување во случај на старост, инвалидност и смрт, што значи дека се исплаќа дел од старосната пензија, инвалидска пензија, семејна пензија, како и најнизок износ на пензија.

2. Задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување (втор столб) е осигурување врз основа на капитализација на средствата, на принцип на дефинирани придонеси, при што постои тесна поврзаност и зависност помеѓу обемот на вложените средства - придонесите и идните пензиски надоместоци што ги остварува секое лице засновани на пазарните законитости. Имено, овој начин на осигурување е заснован врз принцип на собирање на средства преку плаќање на придонеси на индивидуални сметки чии средства понатаму се инвестираат и добивката намалена за трошоците на работењето на системот се додава (акумулира) на средствата на индивидуалните сметки. Ова осигурување вклучува приватни задолжителни пензиски фондови и пензиски друштва кои управуваат со нив. Преку овој столб се обезбедува остварување право на пензиско осигурување во случај на старост, односно се исплаќа старосна пензија (дополнително на пензијата од првиот столб).

Секој осигуреник може да избере само еден задолжителен пензиски фонд. Вложените средства се инвестираат според строго утврдени законски прописи, со што се обезбедува највисока заштита на интересите на членовите и на нивните средства. Во приватните задолжителни пензиски фондови секој член има своја индивидуална сметка на која се чуваат средствата од придонесите кои секој член ги издвојува од својата плата. Средствата издвоени од плата, заедно со приносот од нивното инвестирање му припаѓаат на членот и влегуваат во формирањето на износот на пензијата. Членовите редовно се информираат за сопствените средства одвоени за пензиските денови.
За членовите на двостолбниот пензиски систем, 35% од придонесите за пензиско и инвалидско осигурување се пренесуваат во приватниот задолжителен пензиски фонд (втор столб), додека 65% од придонесите остануваат во Фондот на ПИОМ (прв столб)
Во вториот столб на пензискиот систем задолжително членуваат сите оние лица кои се прв пат вработени од 1 јануари 2003 година, додека сите оние кои се вработени пред 1 јануари 2003 година имаат право да избираат дали ќе се зачленуват во вториот столб. Задолжителните членови имаат право да избираат пензиски фонд во кој ќе членуваат.

3. Од 2008 година се воспостави доброволното капитално финансирано пензиско осигурување (трет пензиски столб).
Примарна цел на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување во Република Македонија е:

- обезбедување повисок приход по пензионирањето за осигурениците кои се веќе осигурани во едностолбниот или двостолбниот пензиски систем (задолжително пензиско и инвалидско осигурување), а кои сакаат и се во можност да издвојат дополнителни средства заради поголема материјална сигурност или одржување на повисок стандард на живеење по пензионирањето;
- обезбедување пензија на лицата кои не се опфатени со задолжителното пензиско осигурување лично за себе или од други лица. Тука спаѓаат брачните другари кои не се вработени, долгорочно невработените, вработените на проекти или во странски мисии, брачните другари кои не се вработени, и други лица без оглед дали се во работен однос или се невработени итн;
- обезбедување предуслови за воспоставување на професионални пензиски шеми во процесот на усогласување на системот на социјално осигурување во Македонија со системот во Европската унија.

Доброволното пензиско осигурување овозможува опфат на голема група лица од населението на Македонија, како и на лица кои не се државјани на Република Македонија. Тоа овозможува дополнително штедење за старост, со што се зголемува материјалната сигурност во старост. Со ова осигурување се опфатени лица кои не се опфатени во задолжителното пензиско осигурување, но и се постигнува повисок степен на приходи по пензионирање за лицата кои се веќе осигурени во задолжителното пензиско осигурување. Исто така, доброволното пензиско

осигурување претставува можност за воспоставување професионални пензиски шеми и усогласување со Директивите на Европската унија. Со тоа се прифаќаат и причините на директивата на Европскиот парламент од оваа област во која се наведува дека, бидејќи системите за социјално осигурување се под притисок, кој постојано се зголемува, професионалните пензии во иднина сè повеќе и повеќе ќе имаат улога на дополнување. Од тие причини треба да се развијат професионалните пензии без да се поставува прашањето за важноста на пензиските системи за социјално осигурување во смисла на сигурно, трајно и ефикасно социјално осигурување, кое треба да гарантира пристоен животен стандард во старост и затоа треба да биде во самата суштина на целта за зајакнување на европскиот социјален модел. Клучна Директива на Европскиот парламент за пензиски фондови е *Directive on the activities and supervision of institutions for occupational retirement provision 2003/41/EC.* Директивата 2003/41ЕЗ на Европскиот парламент и Совет ги уредува активностите и супервизијата на институциите за обезбедување на пензии преку професионални пензиски шеми. Со оглед на тоа што еден дел од третиот столб ќе вклучува и обезбедување на пензии преку професионални шеми, со доборoволното капитално финансирано пензиско осигурување се врши усогласување со оваа Директива.

Со имплементацијата на вториот пензиски столб и операционализацијата на третиот пензиски стол, се заокружи целиот процес на реформата, преку донесување на Законот за исплатата на пензиите и пензиските надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување.(„Сл.весник на РМ“бр.11/2012)
Преку вториот пензиски столб се обезбедува дел од старосната пензија, од средствата кои се акумулирале на индивидуалната сметка на секој член на пензиски фонд. Третиот столб обезбедува пензиски надоместоци како дополнителен приход од акумулираните средства на доброволната индивидуална сметка и од професионалната сметка на секој член на пензиски фонд.
Со овој закон се регулираат видовите на исплати на пензии од вториот столб, односно видовите на пензиски надоместоци од трет столб, исnтитуциите кои ќе бидат вклучени во исплатата на пензиите, односно пензиските надоместоци, постапката на исплата и друго. Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување е заснован на истите принципи на кои се базира вториот и третиот пензиски столб, односно обезбедување на пензија преку капитализација на средства на индивидуална сметка, транспарентност, можност за личен избор на вид на пензија и институција која ќе ја исплаќа пензијата, заштита на интересите на корисниците на пензија од втор и трет столб и др.
Особено значајно е што овој закон ги зема во предвид специфичностите на вториот столб од аспект на неговата поврзаност со првиот столб, поради фактот што процесот на остварување право на старосна пензија треба да се гледа интегрирано, како право од задолжителниот пензиски систем.
Имајќи предвид дека се работи за задолжително пензиско осигурување видовите на исплати на пензија од вториот столб кои се дозволени се доживотни програмирани повлекувања, доживотен ануитет и комбинација од двете. Од аспект на институционална организација, пензиските друштва ќе обезбедуваат исплата на

програмирани повлекувања како вид на исплата на пензии и пензиски надоместоци, а друштвата за осигурување да вршат исплата на ануитети како производи од осигурителниот пазар. Со тоа, не се доведува во прашање исплатата на пензиите затоа што двете друштва се веќе специјализирани за производи кои ги нудат на пазарот. Изборот на видот на исплата на пензија и друштво кое ќе ја исплаќа е одлука на членот на пензискиот фонд.
Заради транспарентен пристап на идниот корисник на пензија од втор и трет столб до потенцијалните видови на исплати на пензија и друштва кои ќе исплатуваат, во Законот е уредено основање на Центар за електронска котација. Преку овој центар објективно и транспаретно ќе се собираат и објавуваат понуди за вид на исплата на пензија, односно пензиски надоместок од втор и трет столб.
Законот има посебен дел за пензиите од втор столб и пензиски надоместоци од трет столб. Овие два дела се слични, но имаат значајни разлики. Главните аспекти во кои овие два дела се разликуваат се: поголема флексибилност во третиот столб во врска со видовите исплати на пензиски надоместоци кои се дозволени и користење на централизираниот систем за котација за трет столб на доброволна основа.

Зачленувањето на членовите во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување продолжи на редовна основа во текот на 2011 година и бројот на членовите достигна бројка од околу 297.000 членови. Тековно се вршеше инвестирање на средствата на задолжителните пензиски фондови, чиј износ достигна висина од околу 16 милијарди денари (или околу 260 милиони евра). Инвестициското портфолио на задолжителните пензиски фондови се состои од домашни инвестиции кои вклучуваат државни хартии од вредност, депозити и акции, како и инвестиции во странство кои вклучуваат акции и удели на инвестиционите фондови. Во текот на 2011 година се зголемија инвестициите во странство и во обврзници издадени од домашни издавачи, а се намали учеството на инвестициите во депозити во домашни банки. На крајот на 2011 година, како резултат од работењето на задолжителните пензиски фондови во периодот од претходните три години (2009-2011) беше остварен просечен пондиран износ од околу 7,69% сведен на годишно ниво.
До крајот на 2011 година во доброволниот капитално финансирано пензиско осигурување се зачленија околу 12.000 членови (како индивидуални членови или како учесници во професионалните пензиски шеми (74%). Инвестициско портфолио на доброволните пензиски фондови се состои во домашни инвестиции кои вклучуваат државни хартии од вредност, депозити и акции, како и инвестиции од странство. На крајот на 2011 година средствата на доброволните пензиски фондови изнесуваат приближно 112 милиони денари (или околу 1,8 милиони евра). На крајот на 2011 година како резултат на работењето на доброволните пензиски фондови за претходните години (2010-2011) беше остварен принос на доброволните пензиски фондови во опсег од 4,65 % до 6,05% сведен на годишно ниво.

**Член 12§4**

1. Со цел да се обезбеди ефективна примена на правото на социјална сигурност, страните договорнички се обврзуваат да преземаат мерки, преку склучување на соодветни билатерални и мултилатерални спогодби или на друг начин, а под услови предвидени со тие спогодби, за да се обезбеди:

   а. еднаков третман меѓу сопствените државјани и државјаните на другите страни договорнички во однос на правата на социјално осигурување, вклучувајќи и задржување на бенефициите кое произлегува од законите кои го уредуваат социјалната сигурност, без оглед на тоа на која територија на страните договорнички престојуваат наведените лица;

   б. стекнувањето, одржувањето и продолжување на правата за социјална сигурност преку собирањето на периодите на осигурување или вработување остварени според законодавството на страните договорнички.”

**Анекс кон Член 12§4**

Зборовите ”а под услови предвидени со тие спогодби” во воведот на овој став, подразбираат меѓу другото дека со оглед на бенефициите кои се независно достапни за било каков придонес за осигурување, страната може да побара завршување на пропишаниот период на престој пред да им дозволи бенефиции на државјаните на другите страни.

Република Македонија по осамостојувањето ги склучи и во примена се договорите за социјално осигурување со следните држави:

1. Договор со Република Хрватска, влезен во сила на 1.11.1997 година;
2. Конвенција со Австрија, влезена во сила на 01.04.1998 година;
3. Договор со Турција, влезен во сила на 01.07.2000 година;
4. Договор со Република Словенија, влезен во сила на 01.04. 2001 година;
5. Конвенција со Швајцарската конфедерација, влезена во сила на 01.01.2002 година;
6. Договор со СР Југославија, влезен во сила на 01.04.2002 година;
7. Договор со Република Бугарија, влезен во сила на 01.08.2003 година;
8. Договор со СР Германија, влезен во сила на 01.01.2005 година;
9. Договор со Босна и Херцеговина, влезен во сила на 01.4.2006 година;
10. Договор со Република Чешка, влезен во сила на 01.01.2007 година;
11. Договор со Кралството Холандија, влеува во сила на 01.04.2007 година;
12. Договор со Република Полска, влезен во сила на 01.07.2007 година;
13. Договор со Република Романија, влезен во сила на 01.03.2008 година;

14. Договор со Големото Војводство Луксембург влезен во сила на 01.04.2009 година;
15. Договорот со Кралството Белгија влезен во сила на 01.06.2009 година;
16. Договор со Австралија, влезен во сила на 01.04.2011 година;
17. Договор со Република Црна Гора, влезен во сила на 01.08.2011 година;
18. Договор со Канада, влезен во сила на 01.11.2011 година.

Договори за социјално осигурување, потпишани и ратификувани од Собранието на Република Македонија и се чека ратификација од странските парламенти:

- Договор со Кралството Данска.

Договори кои се парафирани, а се чека нивно потпишување:

- Договор со Република Унгарија;
- Договор со Република Италија.

Покренати постапки за склучување на договори во 2012 година со :

- Франција;
- Словачка;
- Косово.

Држави со кои се водат преговори за склучување на договори за социјално осигурување:

До склучување нови договори за социјално осигурување Република Македонија ги применува договорите преземени од поранешна СФРЈ и тоа:

- поранешна Чехословачка (во однос на Словачката Република);
- Англија и Северна Ирска;
- Франција;
- Италија;
- Норвешка;
- Шведска.

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Комитетот за социјални права по однос на плановите на Република Македонија за склучување на нови договори за социјално осигурување[17], информираме дека како самостојна држава Република Македонија има склучено Договори за социјално осигурување со 18 држави и тоа: Австрија, Швајцарија, Германија, Чешка, Полска, Луксембург, Холандија, Белгија, Романија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија,

[17] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 21

Бугарија, Турција,Црна Гора, Австралија и Канада а во постапка на ратификација е Договорот за социјално осигурување со Кралството Данска.
Со Француската Република покренета е иницијатива за склучување на Договор за социјално осигурување, а со Унгарија преговорите се во завршна фаза и претстои потпишување на Договорот. Но, граѓаните правата од социјално осигурување со овие држави може непречено да ги остваруваат, бидејќи со овие три држави се применуваат конвенциите за социјално осигурување од поранешна СФРЈ кои се преземени со Уставниот законик на Република Македонија во 1993 година.

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Комитетот за социјални права во врска со тоа дали и како им се гарантира еднаков третман на државјаните од други земји кои легално престојуваат или работат во Република Македонија, а не се опфатени со билатералните договори[18], информираме дека во Законот за пензиското и инвалидското осигурување во посебна глава (Глава II Осигуреници) се дефинирани лицата кои се опфатени со задолжително пензиско и инвалидско осигурување и покрај останатите (државјани на Република Македонија), задолжително се опфатени и граѓаните од други држави кои работат или се самовработени во Република Македонија а потекнуваат од држави со кои нема договор за социјално осигурување.

По однос на барањето на Комитетот да се наведат бенефициите кои се опфатени со договорите[19], информираме дека со Договорите за социјално осигурување со Република Хрватска, Турција, Република Словенија, Швајцарската конфедерација, СР Југославија (Србија), Република Бугарија, Босна и Херцеговина, Република Чешка, Кралството Холандија, Република Полска, Република Романија, Големото Војводство Луксембург, Црна Горна и Кралството Белгија опфатени се правата од пензиското и инвалидското осигурување (права по основ на ризик од старост, смрт и инвалидност), здравственото осигурување и здравствената заштита и мајчинство, права по основ на несреќа на работа и професионална болест, привремена невработеност и семејство.

Со Договорите за социјално осигурување со Австрија и СР Германија опфатени се наведените права, со исклучок на семејните бенефиции.

Со прекуокенаските држави Австралија и Канада опфатени се права од пензиското и инвалидското осигурување.

По однос на конкретните прашања поврзани со односите со Турција, Албанија, Ерменија и Грузија[20], информираме дека Договорот за социјално осигурување со Турција содржи одредби за право на семејни бенефиции (детски додаток). Во однос на Албанија, во 2011 година започнати се преговорите за склучување на Договор за

---

[18] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), (“Република Македонија”, членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 22

[19] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), (“Република Македонија”, членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 22

[20] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), (“Република Македонија”, членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр..22

социјално осигурување со којшто се предвидува и опфат на семејни бенефии. Се вршат напори за започнување на преговори со Руската Федерација, а се разгледуваат состојбите и можностите за започнување на преговори со Ерменија и Грузија.

Бенефиците се акумулираат според видот, а остварувањето и исплатата на истите се врши кога ќе се исполнат условите во секоја од државата договорничка.

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Комитетот во врска со тоа дали граѓаните на земјите потписнички коишто не се врзани со билатерални договори, исто така смеат да ги задржат акумулираните социјални бенефиции[21], информираме дека со билатералните договори предвидени се одредби за определување сразмерен дел на давање (про рата) и акумилираните бенефиции навршени во едната држава договорничка се задржуваат.

[21] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 22

**ЧЛЕН 13 – Право на социјална и здравствена помош**

**Член 13§1**
Со цел обезбедување ефективна примена на правото на социјална и здравствена помош, страните се обврзуваат да обезбедат секое лице кое не располага со соодветни извори на приходи и кое не е способно само да ги обезбеди тие приходи било преку сопствени средства, било од други извори, а особено преку бенефиции во рамките на системот за социјална сигурност, да може да оствари соодветна помош и, во случаи на болест, да добие нега која е неопходна заради неговата здравствена состојба.

Социјалната заштита, како област од посебен јавен интерес во Република Македонија, континуирано се следи, прилагодува и адаптира во согласност со потребите на лицата кои се наоѓаат во положба на потреба од социјална заштита, така и кон реалните можности на системот и на државата да ги оствари овие политики, со почитување на меѓународните норми и стандарди. Реформата на системот на социјалната заштита е во насока на подготовка на Република Македонија за отворениот метод на координација со земјите членки на Европската унија во процесот на добивање статус на земја членка, подобрување на системот на социјална заштита, негово редизајнирање и хармонизирање со европската легислатива и практика во оваа област.

Со новиот Закон за социјалната заштита, донесен во јуни 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), социјалната заштита се обезбедува преку систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот, за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Под социјален ризик во смисла на овој закон се подразбира:

- ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност);
- ризици на старост и стареење;
- ризици на еднородителско семејство;
- ризици од невработеност, губење на приход за издржување по основа на работа и слично;
- ризици од сиромаштија; и
- ризици од друг вид на социјална исклученост.

Новиот Закон за социјалната заштита има за цел унапредување на системот на социјалната заштита преку подобрување и стандардизација на условите, начинот и постапката за остварување на правата од социјалната заштита, подобрено утврдување на корисниците на правата на социјалната заштита, утврдување на ефективни мерки и активности на активна социјална политика, надградување на принципите на социјално вклучување на социјално исклучените лица,

децентрализација, деинституционализација и плурализација во обезбедување на услуги од социјалната заштита. Исто така, со овој закон се обезбедува непосредна примена на членовите 34 и 35 од Уставот на Република Македонија.
Со Законот за социјална заштита, се унапредува системот и организацијата на социјалната заштита што го сочинуваат: установите, институциите, мерките, формите и облиците кои што се остваруваат во рамките на реализирање на правата на граѓаните од доменот на социјалната заштита.
Со овој пропис се врши подобро нормирање на условите, начинот и постапката за остварување на паричните права од социјална заштита и се подобри стандардизацијата на условите, начинот и постапката за остварување на права на парични надоместоци по основа на потреба од помош на граѓаните кои се нашле во положба на социјална загрозеност. Се воведува воедначен пристап за пресметување на правата на материјално обезбедување и ист начин на утврдување на материјалната и имотната состојба за сите корисници. Основицата за пресметување на паричната помош од социјална заштита е утврдена во номинален износ за секое право, кој се усогласува еднаш годишно во месец јануари со порастот на трошоците за живот, објавени од Државниот завод за статистика. На овој начин се обезбедува поголема социјална сигурност за граѓаните, со тоа што износите на правата на парична помош од социјална заштита се корегираат со порастот на животните трошоци.
Со Законот за социјалната заштита се регулираат правата на парична помош од социјална заштита и тоа:

- социјална парична помош за лице способно за работа и материјално необезбедено;
- постојана парична помош;
- парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа;
- парична помош на мајка која родила четврто дете;
- паричен надоместок за помош и нега од друго лице;
- еднократна парична помош или помош во натура;
- надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот;
- парична помош за социјално домување; и
- право на здравствена заштита.

Социјалната сигурност на граѓаните во системот на социјалната заштита се остварува преку остварување на право на парична помош од социјална заштита, како и остварување на институционална или вонинституционална услуга од социјална заштита.
Во насока на реализација на воспоставениот систем на утврден номинален износ како основица за пресметување на висината на правата на парична помош од социјална заштита, во јануари 2011 година основицата се усогласи со порастот на

трошоците на живот, во согласност со објавените податоци од Државниот завод за статистика.

Системот на социјалната заштита дозволува едно лице или семејство да користи повеќе права. Во оваа насока, согласно со Правилникот за начинот на остварување и користење на правото на социјална парична помош, примањата по основ на постојана парична помош (кое право се остварува по основ на работна неспособност и материјално необезбеденост), не се засметуваат како приход на домаќинство кое поднесува барање или остварува право на социјална парична помош.

Правото на социјална парична помош се обезбедува на работно-способни лица, кои се материјално необезбедени, односно не поседуваат приходи и имот, од кој може да се издржуваат. Согласно со начелото на солидарност и социјална правда, овие лица користат право на социјална парична помош под услови утврдени со Законот за социјалната заштита, а со цел да се овозможи нивна социјална интеграција. Како услови за остварување и користење на ова право, утврдени се и обврски за корисниците за вклучување во пазарот на трудот, во активните мерки за вработување (согласно нивното образование и стручна спрема), како и во јавни и сезонски работи.

Во поглед на прашањето на Европскиот Комитет за социјални права за тоа каква е природата на јавната работа[22], информираме дека јавната работа е облик на организирање на работи во локална заедница во интерес на сите граѓани, од каде што произлегува обврската за секој граѓанин да партиципира согласно своите знаења и капацитети, а во насока на примена на начелото на солидарност. Од таму и за корисниците на социјална парична помош, ова право се наметнува како граѓанско право, односно обврска.

Законот за социјалната заштита утврдува обврска за корисниците на социјална парична помош за вклучување во јавни работи до пет дена во месецот, како и за извршување на сезонски работи и други повремени работи. Јавните работи може да се организирани од градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, од јавните претпријатија и јавните установи.

Имајќи ја во предвид целта за вклучување на работно способните граѓани во јавни работи, законот предвидува дека ваква обврска немаат: пензионер, жена за време на бременоста и мајки до 9 месеци на породилно отсуство, лице неспособно за работа поради старост, инвалидност или болест, лице во работен однос, ученик и студент.

На корисниците на социјална парична помош, кои се работно ангажирани до пет дена во месецот, правото на социјална парична помош не им престанува, а во случај на ангажирање за извршување на сезонски работи, правото на социјална парична помош мирува за времето на работното ангажирање, а по престанувањето на работното ангажирање користењето на правото продолжува. За време на работното ангажирање, корисниците мора да бидат осигурани од организаторот на работата по основа на инвалидност и телесно оштетување, за повреда на работа или професионална болест.

---

[22] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 25

Организаторот на јавната работа, на корисниците на социјална парична помош им обезбедува надоместок за покривање на трошоците за храна и превоз до и од местото на вршење на работата, до износ од 15% од просечната плата исплатена во Република Македонија за претходната година, а за ангажирање над пет дена и надоместок за ангажирањето, по потреба и во зависност од работното ангажирање.

Обврската за учество во јавни работи во локалната заедница не е предвидена за другите категории на парична помош, вклучувакќи ги и старите лица.

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Европскиот Комитет за социјални права за околностите на повлекување на паричната помош[23], информираме дека во случај кога корисникот на социјална парична помош нема да ја исполни законската обврска (вклучување во пазарот на трудот и активните мерки за вработување, како и вршење на јавни и сезонски работи), се исклучува само лицето кое одбило вклучување во некоја обврска и истото може повторно да го користи по истекот на рокот или исполнување на условите, утврдени со законот. Другите членови на домаќинството го остваруваат правото на социјалната парична помош, согласно околностите и исполнување на условите утврдени со законот.

Постапката за остварување на правото на парична помош од социјална заштита е во согласност со уставното начело на **право на жалба и судска заштита**.

Уставот на Република Македонија го гарантира правото на жалба против поединечните правни акти, донесени во постапка во прв степен пред суд, управен орган или организација или други институции што вршат јавни овластувања. Во делот на уредување на постапката по жалба, Законот за општата управна постапка го уредил и постапувањето на првостепениот орган. Во оваа насока, Центарот за социјална работа како првостепен орган, покрај испитувањето на жалбата по однос на тоа дали е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице, ги разгледува и наводите на жалитетот. Во случај кога Центарот ќе оцени дека жалбата е оправдана, може да ја корегира претходната одлука со ново решение, против кое странката има право на жалба.

Против секое првостепено решение донесено од страна на Центарот за социјална работа, дозволена е жалба до Министерството за труд и социјална политика. Во втор степен, жалбата се испитува од страна на стручни лица во Секторот за социјална заштита, во рамките на Министерството за труд и социјална политика, по што се носи второстепено решение, со правна поука дека странката може да бара судска заштита, односно да поведе управен спор со тужба до специјализираниот Управен суд на РМ (во согласност со Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.38/2005, 110/2008, 51/2011).

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Европскиот Комитет за социјални права за тоа дали правото на жалба е придружено со правото на правна помош[24], информираме дека стручните работници во установите за социјална

[23] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 25

[24] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 27

заштита се должни да го разгледаат секој поединечен предмет, со цел да го воочат проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, да ѝ укажат на странката за можните решенија, услугите и средствата за целосна заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање на услуги. Оваа обврска произлегува од членот 27 на Законот за социјалната заштита, со која одредба е предвидено правото на прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита.

Воедно, со цел обезбедување на соодветна стручна помош во сите судски и управни постапки за најзагрозените граѓани, донесен е **Закон за бесплатна правна помош** ("Службен весник на РМ, бр. 161 од 30.12.2009 година"). Со овој пропис е утврдено дека бесплатната правна помош се остварува како претходна правна помош и правна помош, а се обезбедува од здруженија на граѓани или адвокати, согласно посебниот регистар кој се води во Министерството за правда.

Право на бесплатна правна помош (член 12) имаат лицата, кои со оглед на својата материјална положба, не би можеле да ги остварат со Устав и закон загарантираните права, без да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство.

Право на бесплатна правна помош, согласно со овој закон, имаат државјаните на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија, и тоа:

- лица корисници на социјална помош;
- корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности;
- корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него; и
- семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток.

Право на бесплатна правна помош, согласно со овој закон, имаат и:

- лице на кое му е признаено правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое на територијата на Република Македонија има престојувалиште;
- странски државјанин, кој во согласност со меѓународните договори, без оглед дали на територијата на Република Македонија има престојувалиште или живеалиште, остварува негово право за кое е надлежен државен орган на Република Македонија;
- лице без државјанство, кое законски престојува во Република Македонија;
- државјанин на земја членка на Европската унија под услови и на начин утврден со овој закон.

Законот за бесплатна правна помош определува дека се испитува материјалната и имотната состојба на лицата кои го бараат ова право, така што за материјално загрозени лица се сметаат лицата, како и членовите на нивното домаќинство кои имаат приходи пониски од 50% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија, остварени во претходниот месец, од месецот во кој е поднесено барањето за бесплатна правна помош.

По однос на конретно поставеното прашање од страна на Европскиот комитетот за социјални права, а по однос на условите за **доделување на дозволи за постојан престој на странците** со цел подобност за добивање на права од социјална заштита[25], информираме дека дозволата за постојан престој, согласно Законот за странците (член 87) е условена со минимум пет години непрекинато престојување на територијата на Република Македонија врз основа на дозвола за привремен престој. Условот за 5 години престој во РМ дозволува шест месеци непрекинато странецот да престојува надвор од државата или максимум 9 месеци во период од пет години. Само лицата кои имале дозвола за привремен престој по основ на вработување, работа или семејно обединување, во изминатиот период можат да се стекнат со дозвола за постојан престој.
Лицата кои имале дозвола за привремен престој заради: школување или студирање, учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти, заради специјализација, стручно усовршување или практично оспособување, заради научно истражување, заради лекување, поради хуманитарни причини, поради привремена заштита, како признаен бегалец или кој поднел барање за признавање право на азил, а за чие барање во постапка определена со закон не е донесена конечна одлука и врз основа на законски статус регулиран со Виенската конвенција за дипломатски односи од 1961 година, Виенската конвенција за конзуларни односи од 1963 година или Виенската конвенција за претставување на државите во нивните односи со меѓународните организации од универзален карактер, на нив периодот на важноста на дозволата за привремен престој не им е вкалкулиран во периодот потребен за добивање на право на постојан престој.

## ПРАВА НА ПАРИЧНА ПОМОШ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### <u>Социјална парична помош</u>

Право на социјална парична помош има лице способно за работа и домаќинство, материјално необезбедено и кое според други прописи не може да обезбеди средства за егзистенција. Како домаќинство се подразбира заедница на членови на семејството и други роднини меѓу кои не постои законска обврска за меѓусебно издржување, а кои заеднички придонесуваат, стопанисуваат и трошат.
Висината на Правото на социјална парична помош, заклучно со јули 2009 година се утврдуваше во процентуален износ на просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија остварена во претходната година:

- лице 13,50%;
- семејство и домаќинство со два члена 17,46%;
- семејство и домаќинство со три члена 22,23%;
- семејство и домаќинство со четири члена 28,58%;
- семејство и домаќинство со пет и повеќе члена 33,34%.

Висината на социјална парична помош зависи од периодот на користење на правото и тоа:

---

[25] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 27

- во првите две години, правото се остварува во полн износ;
- во текот на третата, четвртата и петтата година се исплатува 70% од утврденото ниво;
- по истекот на петтата година се исплатува 50% од утврденото ниво.

| | Висина на социјална парична помош за 2008 год. | | | Висина на социјална парична помош за 2009 год. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 100% | 70% | 50% | 100% | 70% | 50% |
| **Лице** | 1.825,00 ден. | 1.277,50 ден. | 912,50 ден. | 2.173,00 ден. | 1.521,00 ден. | 1.086,50 ден. |
| **Семејство и домаќинство со два члена** | 2.360,00 ден. | 1.652,00 ден. | 1.180,00 ден. | 2.810,50 ден. | 1.967,00 ден. | 1.405,00 ден. |
| **Семејство и домаќинство со три члена** | 3.005,00 ден. | 2.103,50 ден. | 1.502,50 ден. | 3.578,00 ден. | 2.505,50 ден. | 1.789,00 ден. |
| **Семејство и домаќинство со четири члена** | 3.863,00 ден. | 2.704,00 ден. | 1.931,50 ден. | 4.600,00 ден. | 3.220,00 ден. | 2.300,50 ден. |
| **Семејство и домаќинство со пет и повеќе члена** | 4.506,00 ден. | 3.154,50 ден. | 2.253,00 ден. | 5.366,50 ден. | 3.756,50 ден. | 2.683,00 ден. |

Извор: МТСП

Со донесувањето на новиот Закон за социјалната заштита висината на социјалната парична помош за носителот на правото изнесува 2.140 денари. За секој следен член на домаќинството основицата се зголемува за коефициент 0,37, а најмногу до пет члена.

Висината на социјалната парична помош секоја година се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година

| | Висина на социјална парична помош за 2010 | | Висина на социјална парична помош за 2011 | | Висина на социјална парична помош за 2012 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 100% | 50% | 100% | 50% | 100% | 50% |
| **Лице** | 2.140,00 ден. | 1.070,00 ден. | 2.174,00 ден. | 1.087,00 ден. | 2.223,00 ден. | 1.111, 00 ден. |
| **Семејство и домаќинство со два члена** | 2.932,00 ден. | 1.466,00 ден. | 2.979,00 ден. | 1.489,00 ден. | 3.046,00 ден. | 1.523,00 ден. |
| **Семејство и домаќинство со три члена** | 3.724,00 ден. | 1.862,00 ден. | 3.784,00 ден. | 1.892,00 ден. | 3.869,00 ден. | 1.934,00 ден. |
| **Семејство и домаќинство со четири члена** | 4.516,00 ден. | 2.258,00 ден. | 4.588,00 ден. | 2.294,00 ден. | 4.692,00 ден. | 2.346,00 ден. |
| **Семејство и домаќинство со пет и повеќе члена** | 5.308,00 ден. | 2.654,00 ден. | 5.393,00 ден. | 2.696,00 ден. | 5.515,00 ден. | 2.757,00 ден. |

Извор: МТСП

**<u>Постојана парична помош</u>**

Право на постојана парична помош има лице неспособно за работа и материјално необезбедено, кое не може да обезбеди средства за својата егзистенција врз основа на други прописи. За материјално необезбедено лице се смета лице кое нема приходи или чии приходи по сите основи по член на семејство се помали од 5.000 денари, усогласени со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година и не поседува имот и имотни права од кои може да се издржува.

Висината на Правото на постојана парична помош, заклучно со јули 2009 година се утврдуваше во износ на просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија остварена во претходната година:

- основната парична помош (носител-самец) 20%;
- носител со еден соуживател на правото 28%;
- носител со двајца и повеќе соуживатели на правото 40%.

| | Висина на постојана парична помош за 2008 | Висина на постојана парична помош за 2009 |
|---|---|---|
| **Основната парична помош (носител- самец)** | 2.917,00 ден. | 3.219,00 ден. |
| **Носител со со еден соуживател на правото** | 4.084,00 ден. | 4.507,00 ден. |
| **Носител со двајца и повеќе соуживатели на правото** | 5.834,00 ден. | 6.438,00 ден. |

Извор: МТСП

Со донесувањето на новиот Закон за социјалната заштита во 2009 година, висината на постојаната парична помош изнесува:

- за носителот на правото основицата утврдена во член 47 став 1 на овој закон се зголемува за коефициент 1,5;
- за еден соуживател висината на правото за носителот се зголемува за коефициент 0,40;
- за два и повеќе соуживатели висината на правото за носителот се зголемува за коефициент 1,0.

| | Висина на постојана парична помош за 2010 | Висина на постојана парична помош за 2011 | Висина на постојана парична помош за 2012 |
|---|---|---|---|
| **Основната парична помош (носител-самец)** | 3.210,00 ден. | 3.261,00 ден. | 3.335,00 ден. |
| **Носител со со еден соживател на правото** | 4.494,00 ден. | 4.566,00 ден. | 4. 669,00 ден. |
| **Носител со двајца и повеќе соуживатели на правото** | 6.420,00 ден. | 6.523,00 ден. | 6.670,00 ден. |

Извор: МТСП

**Парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа**

Право на парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа има лице кое нема приходи и имот од кој може да се издржува, до наполнување на 26 години возраст.
Висината на паричната помош на ова право изнесува 4.000 денари, односно изнесува 5.600 денари за лице кое се наоѓа на редовно школување. Висината на надоместокот се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.
Согласно Законот за социјална заштита, а со цел обезбедување на полесна интеграција на децата и младинците во општествената заедница по напуштање на установите и згрижувачките семејства, за овие лица е утврдено право на еднократна парична помош во висина од 180.000 денари.

**Парична помош на мајка која родила четврто дете**

Право на парична помош има мајка која родила четврто живородено дете од 1 јануари 2009 година. Правото го остварува мајка, која се грижела за децата до нивната 18 годишна возраст, која е невработена и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години живот. Правото не може да се оствари доколку на мајката ѝ било одземено родителското право над едно од децата.
Висината на ова право изнесува 8.000 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

**Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице (2008/2009)**

Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице има лице над 26 годишна возраст, со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги задоволува основните животни потреби, доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.
Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице заклучно со јули 2009 година се утврдува во зависност од обемот на потребата за помош и нега од друго лице.
Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице се утврдува во износ на просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија остварена во претходната година:

- За лица од прва категорија (поголем обем) 26% - за 2008 год. е 3.792,00 ден.
- За лица од втора категорија (помал обем) 23% - за 2008 год. е 3.354,00 ден.

Висината на паричен надомест за помош и нега од друго лице во зависност од остварениот просечен месечен приход на семејство изнесуваше:

**Лице кое живее во едночлено и двочлено семејство**

| | Приходи во семејството | | Висина на паричен надомест за помош и нега од друго лице за 2008 | |
|---|---|---|---|---|
| | Износ во денари | % | износ во денари | % |
| 1 | До 7.292,00ден. | До 50% | 1категорија 4.550.00<br>2 категорија 4.025,00 | 120% |
| 2 | 7.292,00-14.584,00 | Над 50%-100% | 1категорија 3.792.00<br>2 категорија 3.354,00 | 100% |
| 3 | 14.584,00-21.876,00 | Над 100%-150% | 1категорија 1.896.00<br>2 категорија 1.677,00 | 50% |
| 4 | Над 21.876,00 | Над 150% | 1категорија 190,00<br>2 категорија 168,00 | 5% |

Извор: МТСП

**Лице кое живее во трочлено семејство**

| | Приходи во семејството | | Висина на паричен надомест за помош и нега од друго лице за 2008 | |
|---|---|---|---|---|
| | Износ во денари | % | износ во денари | % |
| 1 | До 14.584,00 ден. | До 100% | 1категорија 3.792.00<br>2 категорија 3.354,00 | 100% |
| 2 | 14.584,00-21.876,00 | Над 100%-150% | 1категорија 2.654.00<br>2 категорија 2.348,00 | 70% |
| 3 | Над 21.876,00 | Над 150% | 1категорија 190,00<br>2 категорија 168,00 | 5% |

Извор: МТСП

**Лице кое живее во четири и повеќечлено семејство:**

| | Приходи во семејството | | Висина на паричен надомест за помош и нега од друго лице за 2008 | |
|---|---|---|---|---|
| | **Износ во денари** | **%** | **износ во денари** | **%** |
| 1 | До 18.895,00ден. | До 150% | 1категорија 3.792.00<br>2 категорија 3.354,00 | 100% |
| 2 | 18.895,00-25.194,00 | Над 150%-200% | 1категорија 2.654.00<br>2 категорија 2.348,00 | 70% |
| 3 | Над 25.194,00 ден | Над 200% | 1категорија 190,00<br>2 категорија 168,00 | 5% |

Извор: МТСП

**<u>Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице (2009-2011)</u>**

Правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, со донесување на новиот Закон за социјална заштита, се остварува без оглед на материјалната и имотната состојбата на подносителот и неговото семејство. Ова право зависи само од потребата од помош и нега од друго лице, утврдена со наод, оцена и мислење на надлежна комисија. Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице има лице над 26-годишна возраст, со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги задоволува основните животни потреби, доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи.

Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице во поголем обем изнесува 4.185 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година, додека висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице во помал обем изнесува 3.702 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

**Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице – 2010**

- За лица од прва категорија (поголем обем) 26% - за 2010 год. е 4.185,00 ден.
- За лица од втора категорија (помал обем) 23% - за 2010 год. е 3.702,00 ден.

**Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице - 2011**

- За лица од прва категорија (поголем обем) 26% - за 2011 год. е 4.252,00 ден.
- За лица од втора категорија (помал обем) 23% - за 2011 год. е 3.761,00 ден.

**Право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице - 2012**

- За лица од прва категорија (поголем обем) 26% - за 2012 год. е 4.348,00 ден.
- За лица од втора категорија (помал обем) 23% - за 2012 год. е 3.846,00 ден.

**Еднократна парична помош и помош во натура**

Еднократна парична помош или помош во натура се доделува на лице или семејство кое се нашле во положба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа. Правото, по исклучок во несреќни случаи, акутна болест која бара болничко лекување и слично, може да го користат и државјани на Република Македонија кои немаат постојано живеалиште, како и странци со привремен престој и регулиран влез во Република Македонија, согласно со закон.
Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 30.000 денари, и тоа:

- за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик, а која може да остави трајни последици, заради претрпена природна непогода (земјотрес, поплава, пожар), епидемија и смрт на член на семејството;
- на семејство чиј член е корисник на земјоделско земјиште на плодоуживање во сопственост на државата, во моментот на склучување на договорот за плодоуживање согласно со прописите;
- лице кое има потреба од оперативен зафат или подолго лекување во здравствена установа во странство;
- станбено необезбедено лице-корисник на постојана парична помош, како помош во обезбедување на нужно сместување.

Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 15.000 денари за потребите на членот на семејството кое е лице со пречки во менталниот развој или лице со трајна телесна попреченост, кое согласно со овој закон би можело да оствари право на сместување во установа за социјална заштита.
Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 12.000 денари за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик во случај на подолго лекување во здравствена установа.
Износот на еднократната парична помош може да изнесува до 4.500 денари за задоволување на потребите на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик кој не остава трајни последици, а е неопходно социјално и материјално обезбедување на лицето.
Износот на еднократната парична помош изнесува 180.000 денари за дете или

младинец без родители и без родителска грижа, кој по наполнување на осумнаесет годишна возраст ја напушта установата или згрижувачкото семејство, заради негово адаптирање во социјалната средина.
Висината на правото на еднократна парична помош се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

**Надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот**

Правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот и со најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работните односи, се остварува во соодветниот центар за социјална работа.
Висината на надоместокот на плата изнесува 4.800 денари, усогласена со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.
Социјалните придонеси на корисникот на ова право се пресметуваат и плаќаат согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.
Семејства кои се грижат за дете со пречки во развојот остваруваат посебен додаток, согласно за Законот за заштита на децата, кој е објаснет во информациите под Член 12&1.

**Парична помош за социјално домување**

Правото на парична помош за социјално домување, се обезбедува на социјално загрозени лица - станбено необезбедени и тоа на корисници на постојана парична помош и лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст.
Начинот на остварување на правото на парична помош за социјално домување на корисници на постојана парична помош со акт ги определува советот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје, а за лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст, со општ акт ги определува министерот за труд и социјална политика.
Средствата за остварување на правото на парична помош за социјално домување за корисници на постојана парична помош, се обезбедуваат од буџетот на општината, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје, а за лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.
Средствата за остварување на правото на парична помош за социјално домување

може да се обезбедат и преку донации, фондации, кредити и друго.

Лицата кои имале статус на дете без родители и родителска грижа, а по престанување на нивното згрижување по нивната 18-годишна возраст се станбено необезбедени, можат да остварат и право на парична помош за социјално домување. Начинот на остварување на ова право е утврден во Правилникот за начинот на остварување на правото на парична помош за социјално домување на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26 годишна возраст ("Службен весник на РМ" бр.54/10). Ова право, лицата можат да го остварат по напуштање на институцијата или згрижувачкото семејство поради нивно полнолетство, преку надлежниот Центар за социјална работа, кој им нуди неколку алтернативи:

- закупнина на индивидуален станбен објект или негов дел - да бидат сместени во стан под закуп од трето лице, а центарот за социјална работа да им исплаќа средства во висина од 4.000 денари за закупнина и 1.500 денари за комунални трошоц ;
- санација, адаптација и реконструкција на сопствен недвижен имот - доколку лицето има свој станбен простор, но кој е руиниран и неможе да се користи за живеење, центарот му помага финансиски да се извршат потребните поправки и адаптација;
- надомест на трошоци за сместување во студентски дом, за лицата кои се на редовно школување и се сместуваат во студентски дом, при што трошоците за сместувањето ги сноси центарот за социјална работа.

Податоците за остварено право на социјално домување од лицата кои имале статус на дете без родители и родителска грижа, а по престанување на нивното згрижување по нивната 18-годишна возраст се дадени табеларно:

| **Година** | **Корисници** | **Средства** |
|---|---|---|
| 2008 | 27 | 2.050.455 |
| 2009 | 28 | 2.319.812 |
| 2010 | 29 | 1.304.182 |
| 2011 | 13 | 595.972 |

Извор: МТСП

Со Законот за социјалната заштита од 2009 година, надлежни за остварување на правото на парична помош за социјално домување за корисниците на постојана парична помош се општините.

Социјалното домување за најзагрозените граѓани се обезбедува преку посебна **Програма за изградба и одржување на станови во сопственост на Република Македонија**, донесена од Владата на Република Македонија во 2009 година. Со оваа програма беше предвидена и изградба на вкупно 1.101 социјални станови, наменети за непрофитно домување на лица во социјален ризик. Во текот на 2009 година спроведена е постапка и распределени се 102 стана во Скопје и 29 во Македонска Каменица. Во текот на 2010 година се спроведе постапка за распределба на 228 станови за непрофитно домување во повеќе општини (Охрид – 71, Кичево – 32, Кочани – 29, Кавадарци - 30 и Крива Паланка - 46).

**Број и категорија на социјално загрозени корисници кои го оствариле правото на социјално домување за периодот 2008-2010 година:**

| | **Деца без родители или родителска грижа-лица над 18 години кои до својата осумнаесетта година биле згрижени во институции и други облици за згрижување за деца без родители** | **Корисни-ци на социјалн а или постојана парична помош** | **Лица погодени од елемен-тарни - природн и непогоди** | **Инвалидни лица или лица на кои им е потребна помош и грижа од друго лице и семејства со инвалидизи рани лица** | **Соци-јално загрозени лица припадни ци на Ромската етничка заедница** | **Само-храни родители со малолетни деца** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 88 | 4 | 0 | 2 | 0 | 8 | 102 |
| **Македонска Каменица** | 1 | 13 | 0 | 10 | 0 | 5 | 29 |
| **Охрид** | 10 | 17 | 0 | 12 | 1 | 31 | 71 |
| **Кичево** | 0 | 17 | 0 | 3 | 1 | 11 | 32 |
| **Кочани** | 5 | 9 | 0 | 4 | 0 | 11 | 29 |
| **Кавадарци** | 3 | 14 | 0 | 4 | 0 | 9 | 30 |
| **Крива Паланка** | 2 | 17 | 0 | 12 | 0 | 15 | 46 |

Извор: Министерство за транспорт и врски

**<u>Право на здравствена заштита</u>**

Правото на здравствена заштита, е проширено по однос на опфатот на корисниците, па така ова право може да го остварат:

- корисници на постојана парична помош;
- лица сместени во згрижувачко семејство;
- лица сместени во установа за социјална заштита (за институционална и вонинституционална заштита);
- корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице;
- лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користи социјална парична помош;
- лице-жртва на семејно насилство за кое се превзема мерка на заштита согласно Законот за семејство;
- лице опфатено со организирано самостојно живеење со поддршка.

Овие корисници остваруваат право на здравствена заштита, ако не можат да се осигураат по друга основа.

Покрај правата на парична помош од социјална заштита утврдени со законот, заради преземање на **мерки за спречување и намалување на социјалниот ризик од сиромаштија** за граѓаните, со новиот Закон за социјалната заштита е создадена основа Владата на Република Македонија да донесува програми за мерки за субвенционирање на потрошувачката на енергија и други комунални услуги, условени парични давања и други мерки за спроведување на програмите кои се носат согласно со овој закон. Со програмите подетално се утврдуваат корисниците, мерките, носителите и изворите на средствата.

Во системот на социјалната заштита, обезбедена е дополнителна помош за најзагрозените корисници на одредени права на парична помош од социјална заштита, преку **Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија**, која се носи на годишно ниво. Со усвојувањето на овие програми се обезбеди субвенционирање на потрошувачката на енергија за најранливите категории корисници на социјална заштита од 1 септември 2010 година непрекинато до 31.12.2012 година. Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија обезбедува дополнителен надоместок за намалување на енергетската сиромаштија за корисниците на социјална парична помош и постојана парична помош. Висината на субвенционирање изнесуваше 600 денари, кој износ со изменување на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија” број 83/12), е зголемен на 700 денари, сметано од 1 август 2012 година.

Во центрите за социјална работа, инсталирана е посебна софтверска програма за регистрирање на барања и исплата на субвенции со воспоставена контрола за поднесување на апликација од корисникот за одреден енергенс во текот на еден месец.

Подолу се податоците за број на исплати и корисници кои користеле постојана парична помош согласно **Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија** ("Службен весник на РМ" бр.113/10), која започна да се спроведува од 1 септември 2010 година.

| Година | Корисници | Број на исплати | Исплатен износ |
|---|---|---|---|
| 2010 | 14496 | 36550 | 20.921.972,00 денари |
| 2011 | 15743 | 99452 | 57.029.533,00 денари |

Извор: МТСП

Република Македонија успешно ја имплементира **Програмата за условен паричен надоместок за средно образование**, почнувајќи од учебната 2010/2011 и за учебната 2011/2012 година. Оваа програма има за цел подобрување на пристапот вклучување и редовна посета во образовниот процес во средно образование за децата од домаќинствата кои се корисници на социјална парична помош. Анализата направена во оваа област покажува дека и покрај напорите за зголемување на уписот и намалување на стапките на откажување од средното образование, ограничувањата на страната на побарувачката бараат финансиски охрабрувања за подобрување на исходите кај сиромашните. Висината на условениот паричен надоместок е во износ од 12.000 денари во една учебна година. Услов за добивање на надоместокот е детето да посетува најмалку 85% од редовната настава. Воспоставен е систем на соработка помеѓу центрите за социјална работа и средните училишта за проверка на присуството на децата во редовната настава.

Подолу се податоците за износите на исплатените средства и бројот на корисници кои користеле постојана парична помош согласно **Програмата за условен паричен надоместок за средно образование**, која започна да се спроведува во учебната 2010/2011 година.

| Учебна година | Број на корисници | Исплатени средства |
|---|---|---|
| 2010/2011 | 8.171 | 90.396.000,00 денари |
| 2011/2012 | 7,242 | 45.520.000,00 денари |

Извор: МТСП

За најзагрозените граѓани во Република Македонија, почнувајќи од 2007 година се спроведува **проект „ Народни кујни"**. Отворени се повеќе народни кујни во голем дел од општините (урбана и рурална средина) за обезбедување на топол оброк за

корисниците на права од социјална заштита, стари лица, самохрани родители и лица во социјален ризик од сиромаштија.

Во периодот 2007-2012 отворени се 41 народна кујна во41 општина и тоа:

| **Година** | **Општина** | **Број на корисници** |
|---|---|---|
| 2007 | 27 | 2756 |
| 2008 | 7 | 725 |
| 2009 | 2 | 95 |
| 2011 | 3 | 230 |
| 2012 | 2 | 80 |
| **Вкупно корисници во 41 народна кујна:** | | **3886** |

Извор: МТСП

## Р Е К А П И Т У Л А Р – ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА – по месеци во 2009 година

| Ред. бр. | Исплата за месец | Постојана парична помош | | Социјална помош | | Туѓа нега | | Еднократна парична помош | | Пар.помош за лица над 18 г.возраст | | Сместување во згрижувачко семејство | | Цивилна инвалиднина | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | ИЗНОС |
| 1 | 12/08 | 5,277 | 18,028,977 | 53,038 | 123,653,804 | 22,012 | 82,098,853 | 1,692 | 3,944,603 | 98 | 386,051 | 258 | 1,646,419 | 345 | 3,992,544 | 233,751,250 |
| 2 | 01/09 | 5,287 | 18,661,335 | 52,853 | 122,481,250 | 20,028 | 75,573,390 | 1,880 | 4,771,619 | 100 | 395,208 | 265 | 1,674,227 | 345 | 3,990,936 | 227,547,964 |
| 3 | 02/09 | 5,289 | 20,370,388 | 53,289 | 121,326,437 | 19,734 | 80,959,109 | 2,295 | 5,282,236 | 97 | 425,966 | 252 | 1,795,657 | 343 | 4,136,399 | 234,296,192 |
| 4 | 03/09 | 5,369 | 20,808,096 | 53,305 | 132,834,971 | 19,578 | 83,019,737 | 2,229 | 5,064,309 | 99 | 430,320 | 260 | 1,831,554 | 341 | 4,458,446 | 248,447,433 |
| 5 | 04/09 | 5,406 | 20,439,485 | 53,467 | 133,810,302 | 19,437 | 83,150,795 | 2,079 | 4,707,140 | 97 | 401,275 | 260 | 1,753,226 | 338 | 4,235,663 | 248,497,886 |
| 6 | 05/09 | 5,439 | 21,349,863 | 53,784 | 136,658,592 | 19,252 | 83,064,987 | 1,838 | 4,123,350 | 97 | 422,254 | 253 | 1,856,225 | 336 | 4,475,157 | 251,950,428 |
| 7 | 06/09 | 5,457 | 20,802,828 | 54,036 | 136,411,158 | 19,874 | 84,102,349 | 1,771 | 4,588,550 | 97 | 442,322 | 269 | 1,896,347 | 337 | 4,544,662 | 252,788,216 |
| 8 | 07/09 | 5589 | 22,312,249 | 52,465 | 132,501,632 | 20,003 | 89,029,733 | 1,626 | 4,276,250 | 102 | 442,330 | 268 | 1,901,976 | 336 | 4,492,396 | 254,956,566 |
| 9 | 08/09 | 5559 | 21,493,958 | 52,391 | 129,472,103 | 19,877 | 88,133,351 | 1,587 | 4,150,427 | 99 | 603,269 | 264 | 1,909,588 | 334 | 4,500,343 | 250,263,039 |
| 10 | 09/09 | 5565 | 21,557,510 | 52,348 | 128,608,619 | 19,902 | 86,133,549 | 1,966 | 5,112,639 | 96 | 427,054 | 269 | 1,903,680 | 331 | 4,401,310 | 248,144,361 |
| 11 | 10/09 | 5605 | 21,701,929 | 51,192 | 128,548,010 | 20,680 | 95,552,173 | 1,384 | 4,078,542 | 97 | 428,022 | 274 | 2,131,383 | 330 | 4,403,182 | 251,963,022 |
| 12 | 11/09 | 5742 | 22,154,917 | 52,420 | 127,509,503 | 20,639 | 94,107,578 | 1,954 | 5,090,128 | 100 | 433,462 | 288 | 2,138,499 | 329 | 4,226,905 | 255,660,992 |
| **ВКУПНО** | | 65,584 | 249,681,535 | 634,588 | 1,553,816,381 | 241,016 | 1,024,925,604 | 22,301 | 55,189,793 | 1,179 | 5,237,533 | 3,180 | 22,438,781 | 4,045 | 51,857,943 | 2,958,267,349 |

Извор: МТСП

**Р Е К А П И Т У Л А Р – ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА – по месеци во 2010 година**

| Ред. бр. | Исплата за месец | Постојана парична помош | | Социјална помош | | Туѓа нега | | Еднократна парична помош | | Пар.помош за лица над 18 г.возраст | | Сместување во згрижувачко семејство | | Цивилна инвалиднина | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | Бр. на кор. | износ | кор. |
| 1 | 12/09 | 5617 | 21,623,356 | 50656 | 123,085,391 | 20925 | 92,309,838 | 1520 | 3,656,080 | 104 | 451,590 | 293 | 2,235,463 | 327 | 4,457,956 | 247,819,674 |
| 2 | 01/10 | 5606 | 21,482,873 | 49840 | 121,161,360 | 21489 | 95,295,529 | 1553 | 3,928,112 | 104 | 453,811 | 368 | 2,585,536 | 326 | 7,658,194 | 252,565,415 |
| 3 | 02/10 | 5646 | 22,013,794 | 51781 | 130,414,409 | 22022 | 99,626,799 | 1788 | 4,857,999 | 101 | 441,144 | 285 | 2,196,804 | 347 | 9,524,701 | 269,075,650 |
| 4 | 03/10 | 5683 | 22,393,616 | 52266 | 128,713,150 | 22467 | 100,359,064 | 1826 | 5,478,297 | 104 | 460,491 | 288 | 2,206,689 | 337 | 8,625,737 | 268,237,044 |
| 5 | 04/10 | 5760 | 23,045,956 | 51802 | 127,192,778 | 23190 | 104,407,607 | 0 | 0 | 104 | 485,682 | 287 | 2,237,661 | 335 | 8,559,545 | 265,929,229 |
| 6 | 05/10 | 5707 | 22,450,042 | 52046 | 128,577,489 | 22852 | 96,594,521 | 58 | 223,565 | 105 | 489,563 | 286 | 2,162,677 | 322 | 8,626,570 | 259,124,427 |
| 7 | 06/10 | 5725 | 22,507,460 | 51918 | 124,780,868 | 23236 | 102,657,226 | 58 | 223,565 | 107 | 475,782 | 298 | 2,252,365 | 319 | 8,521,620 | 261,418,886 |
| 8 | 07/10 | 5643 | 22,197,988 | 51060 | 123,497,783 | 22432 | 98,731,377 | 58 | 223,565 | 109 | 482,260 | 275 | 2,105,347 | 319 | 8,544,334 | 255,782,654 |
| 9 | 08/10 | 5695 | 22,623,978 | 51606 | 124,317,949 | 22729 | 96,799,163 | 61 | 200,995 | 109 | 485,438 | 291 | 2,262,653 | 318 | 8,764,192 | 255,454,368 |
| 10 | 09/10 | 5642 | 22,040,133 | 51171 | 124,009,571 | 22436 | 94,942,125 | 56 | 226,615 | 112 | 475,740 | 296 | 2,254,128 | 319 | 8,543,237 | 252,491,549 |
| 11 | 10/10 | 5678 | 22,815,286 | 50034 | 118,541,104 | 22053 | 82,317,308 | 55 | 392,280 | 113 | 495,031 | 289 | 2,179,876 | 318 | 8,525,835 | 235,266,720 |
| 12 | 11/10 | 5726 | 23,251,368 | 46904 | 114,082,687 | 21749 | 94,917,901 | 55 | 212,280 | 107 | 472,015 | 287 | 2,209,931 | 318 | 8,527,550 | 243,673,732 |
| ВКУПНО | | 68128 | 268,445,850 | 611084 | 1,488,374,539 | 267580 | 1,158,958,458 | 7088 | 19,623,353 | 1279 | 5,668,547 | 3543 | 26,889,130 | 3905 | 98,879,471 | 3,066,839,348 |

Извор: МТСП

| Р Е К А П И Т У Л А Р – ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА – по месеци во 2011 година | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Исплата за месец** | **Постојана парична помош** | | **Социјална помош** | | **Туѓа нега** | | **Еднократна парична помош** | | **Пар.помош за лица над 18 г.возраст** | | **Сместување во згрижувачко семејство** | | **Цивилна инвалиднина** | | **ВКУПНО** |
| | | **Бр. на кор.** | **износ** | **Бр. на кор.** | **износ** | **Бр. на кор.** | **износ** | **Бр. на кор.** | **износ** | **Бр. на кор.** | **износ** | **Бр. на кор.** | **износ** | **Бр. на кор.** | **износ** | **Бр. на кор.** |
| 1 | 12/10 | 5734 | 23,570,655 | 46903 | 115,234,920 | 21760 | 99,073,070 | 57 | 752,280 | 110 | 499,862 | 290 | 2,199,573 | 319 | 8,599,779 | 249,930,139 |
| 2 | 01/11 | 5691 | 24,312,106 | 45967 | 110,090,090 | 21618 | 98,172,373 | 170 | 1,480,280 | 110 | 517,913 | 281 | 2,033,272 | 317 | 8,240,585 | 244,846,619 |
| 3 | 02/11 | 5686 | 23,281,134 | 46252 | 114,910,640 | 21859 | 104,564,492 | 581 | 2,520,983 | 110 | 490,222 | 280 | 2,188,581 | 317 | 8,608,459 | 256,564,511 |
| 4 | 03/11 | 5666 | 22,730,233 | 46789 | 115,224,716 | 21947 | 105,414,202 | 1384 | 6,401,330 | 105 | 467,728 | 285 | 2,244,824 | 315 | 8,592,591 | 261,075,624 |
| 5 | 04/11 | 5613 | 23,553,320 | 46521 | 116,432,466 | 21792 | 104,789,588 | 1044 | 3,853,180 | 109 | 488,331 | 280 | 2,174,373 | 314 | 8,459,392 | 259,750,650 |
| 6 | 05/11 | 5625 | 23,669,472 | 46546 | 117,312,984 | 23041 | 109,721,220 | 191 | 1,085,350 | 109 | 488,331 | 280 | 2,174,373 | 314 | 8,459,392 | 262,911,122 |
| 7 | 06/11 | 5680 | 22,539,500 | 47550 | 123,655,648 | 21502 | 100,216,518 | 949 | 2,655,341 | 107 | 471,937 | 280 | 2,111,293 | 313 | 8,397,544 | 260,047,781 |
| 8 | 07/11 | 5723 | 23,261,188 | 47008 | 118,914,860 | 21785 | 111,106,595 | 883 | 2,472,760 | 107 | 533,693 | 284 | 2,221,476 | 313 | 8,432,651 | 266,943,223 |
| 9 | 08/11 | 5687 | 22,898,657 | 46587 | 115,965,883 | 22319 | 117,898,601 | 489 | 1,675,162 | 105 | 474,054 | 286 | 2,219,139 | 315 | 8,388,430 | 269,519,926 |
| 10 | 09/11 | 5728 | 23,099,404 | 46117 | 114,289,958 | 22746 | 83,317,744 | 707 | 2,114,725 | 101 | 472,600 | 280 | 2,176,003 | 310 | 8,318,622 | 233,789,056 |
| 11 | 10/11 | 5746 | 23,538,108 | 45810 | 112,125,971 | 23063 | 117,795,861 | 748 | 2,841,949 | 120 | 561,053 | 282 | 2,222,193 | 308 | 8,228,963 | 267,314,098 |
| 12 | 11/11 | 5784 | 23,895,737 | 38014 | 96,343,637 | 23325 | 120,158,933 | 695 | 2,118,181 | 136 | 775,549 | 287 | 2,192,512 | | 8,286,553 | 253,771,102 |
| 13 | 12/11 | 5767 | 23,771,463 | 37048 | 89,560,583 | 23569 | 124,389,173 | 1011 | 3,305,641 | 132 | 742,143 | 276 | 2,168,459 | 301 | 8,030,923 | 251,968,385 |
| **ВКУПНО** | | 74130 | 304,120,977 | 587112 | 1,460,062,356 | 290326 | 1,396,618,370 | 8909 | 33,277,162 | 1461 | 6,983,416 | 3671 | 28,326,071 | 3756 | 109,043,884 | 3,338,432,236 |

Извор: МТСП

По однос на конкретно поставеното прашање од страна на Комитетот за социјални права, а во врска со примање на лекарска помош на лицата кои се исклучени од програмата за социјална помош[26], информираме дека се до измените на Законот за здравственото осигурување извршени во 2011 година, пристапот до здравствената заштита беше загарантиран за привремено невработените лица додека примаат паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност, корисниците на пензија и надоместок на плата според прописите на пензиското и инвалидското осигурување како и лицата корисници на постојана парична помош; лица со статус на признаен бегалец; лица под супсидијарна заштита; лица сместени во згрижувачко семејство; лица сместени во установа за социјална заштита (за институционална и вонинституционална заштита); корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице; лица кои до 18 годишна возраст имале статус на деца без родители и без родителска грижа, најмногу до 26 години, а користат социјална парична помош; лица-жртви на семејно насилство за кои се превзема мерка на заштита согласно законот за семејство и лица опфатени со организирано самостојно живеење со поддршка.

Беше предвидено да доколку овие категории лица го изгубат својот статус од различни причини, да го изгубат и основот на задолжително здравствено осигурување. Овие категории лица токму заради својот статус добиле основ за здравствено осигурување.

Исто така, согласно член 56 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, невработеното лице кое остварува право на здравствена заштита е должно лично да се јавува во Агенцијата за вработување на Република Македонија на секои 60 дена. Доколку невработеното лице нема да ја исполни оваа обврска од неоправдани причини го губи правото на здравствена заштита и се брише од евиденцијата на невработените лица во Агенцијата и може повторно да се пријави по истекот на 1 година. Со членот 57 од истиот закон е уредено дека невработеното лице кое од Агенцијата е упатено кај работодавач заради вработување и не се јави или одбие да заснова работен однос соодветен на неговата стручна подготовка или одбие обука, преквалификација или доквалификација заради вработување во рамките на степенот на неговата стручна подготовка, се брише од евиденцијата на невработените лица и може повторно да се пријави по истекот на 1 година.

Со член 54 од Законот за социјална заштита е уредено дека право на социјална парична помош не може да користи лице кое одбило понуда за вработување, обука, преквалификација или доквалификација заради вработување согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност. Од ова може да се изведе заклучок дека ова лице во овој период од 1 година го губи правото на здравствена заштита и доколку има потреба од истата, трошоците паѓаат на негов товар.

Но, со измените на Законот за здравствено осигурување во 2011 година, невработените лица кои не ги исполнуваат условите, како и сите останати граѓани кои немаат основ на осигурување, според член 5 став 1 од точка 1 до точка 15 од

[26] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 22

Законот за здравствено осигурување, согласно член 5 став 2 од овој Закон можат да пристапат доброволно во задолжително здравствено осигурување врз основа на поднесена Изјава за остварени приходи, на пропишан образец.

Лицето кое нема друг основ на здравствено осигурување, истото го остварува во Фондот за здравствено осигурување на Македонија и не е должно да се евидентира како невработено лице во Агенцијата за вработување на Република Македонија. Ова лице правото на здравствено осигурување го остварува како граѓанин на Република Македонија, такашто повеќе не постои категорија на невработено лице корисник на здравствено осигурување.

Системот на социјалната заштита подразбира **институционална заштита**, во која се опфаќа и правото на оспособување за работно-производна активност и право на сместување во установа за социјална заштита на лицата кои имаат потреба од ваков вид на заштита, **вонинституционална заштита** за дневно и привремено згрижување во дневни центри и алтернативни облици на грижа како што се згрижувачките семејства и организирано живеење со поддршка.

Новиот Закон за социјалната заштита се надоградува и го следи реформските процеси на системот на социјалната заштита во Република Македонија. Во оваа насока се обезбедува развој на социјалните услуги преку проширување на формите за вонинституционална заштита и алтернативни облици за грижа. Имено, покрај мрежата на центри за дневно и привремено прифаќање на инвалидни лица, деца на улица-улични деца, жртви на семејно насилство, лица кои употребуваат дрога и други психотропни супстанции, лица кои употребуваат алкохол, како и бездомници, се воведе ново право на организирано живеење со подршка и основање на мали групни домови. Со овие нови форми се овозможува имплементација на процесот на деинституционализација и подобрување на алтернативните облици за грижа за најзагрозените категории на корисници.
Право на живеење во мал групен дом има дете без родители или без родителска грижа, со воспитно-социјални проблеми, со пречки во менталниот или телесниот развој, лице со ментална или телесна попреченост, кое нема соодветни услови за живеење во своето семејство, кое нема семејство или од други причини му е потребно сместувањето во мал групен дом.
Право на организирано живеење со поддршка има лице со ментална или телесна попреченост, деца без родители и родителска грижа и деца со воспитно-социјални проблеми преку самостојно и организирано живеење во посебна станбена единица со постојана или повремена помош од стручни или други лица во остварување на основните животни потреби, социјални, работни, културни, рекреативни и други потреби.
Нивото на поддршката се определува во согласност со потребите, видот и степенот на попреченоста на корисникот. Поддршката за организирано живеење може да ја организира центарот, установа која сместува лица и здружение на граѓани.

Во делот на мерките кои се преземаат за **унапредување на стручната работа во**

**установите за социјалната заштита** се воведе индивидулен пристап во работата со корисникот. Стручните лица во центрите за социјална работа подготвуваат индивидуален план за работа со корисник, освен за корисниците на права на парична помош од социјална заштита.

Во Министерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална работа и Заводот за социјални дејности се воспостави база на податоци за **електронска евиденција на корисниците на социјални услуги** и на корисници на парични права од социјалната заштита. Спроведена е обука на стручните лица за користење на софтверските програми. Се одвиваат активносите за електронска размена на податоците со повеќе институции (Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Агенција за вработување на Република Македонија, Управа за јавни приходи, Катастар за недвижности, Министерство за внатрешни работи и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство). Во декември 2011 година донесен е Правилник за начинот на водење и содржина на евиденцијата за корисниците на правата од социјална заштита и документацијата за стручната работа (објавен во „Службен весник на РМ" бр.171/11), со што процесот на електронско водење на евиденција на корисниците на права и услуги од социјална заштита целосно се заокружи.

Со цел **континуирано зајакнување на капацитетите на стручните лица** во установите за социјална заштита, со новиот закон се воведе една од позначаните новини, а тоа е воспоставување на систем на лиценцирање и континуирани обуки на стручните работници во установите за социјалната заштита, согласно програма која ја донесува Заводот за социјални дејности, во рамките на своите надлежности за стручно усовршување на стручните лица во установите за социјална заштита. Во 2011 година се формираше Комисија за лиценцирање, во постапката за издавање, продолжување и одземање на лиценца за работа на стручните лица, врз основа на проверка на стручното знаење на стручните работници во установите за социјална заштита.
Донесен е Правилник за начинот и постапката за издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на стручните лица во установите за социјална заштита, висината на трошокот за издавање на лиценца, формата, содржината и образецот на лиценцата за работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/12).
Заводот за социјални дејности изготви Тренинг програма за стручните работници од Центрите за социјална работа и установите за социјална заштита, на ниво на почетна и континиурана едукација. Програмата успешно се имплементира со проверка на имплементација на знаењето на постојните стручни работници во установите за социјална заштита, како услов за стекнување на лиценца на стручните работници кои веќе работат во установите за социјална заштита. Врз основа на преземените активности на Комисијата за лиценцирање, заклучно со месец септември 2012 година, 578 стручни лица се здобија со лиценца за работа во установа за социјална заштита.

**Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита** во рамки на Министерството за труд и социјална политика, спроведува инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита, над установите за социјална заштита и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита како професионална дејност. Инспекцискиот надзор опфаќа:

- надзор над применувањето и спроведувањето на овој и друг закон, како и општите и поединечните акти донесени врз основа на истите, со кои се уредени работите од областа на социјалната заштита;
- надзор над работи од значење за статусот на вршителот на дејноста на социјална заштита;
- надзор над исполнетоста на условите кои се однесуваат на простор, опрема и стручни кадри за вршење на дејност од социјална заштита;
- надзор над остварување на правата и исполнување на обврските на корисниците, утврдени со овој закон;
- надзор над исполнетоста на потребните услови за извршување на работи на стручен или друг работник во установа за социјална заштита, правно или физичко лице кои вршат одредени работи од социјална заштита;
- подготвување на евиденција, документација и извештаи за работата на извршителите на социјалната заштита;
- надзор над спроведување на изречените мерки при предходно извршен инспекциски надзор.

Инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку редовен, контролен и вонреден инспекциски надзор. Редовниот инспекциски надзор се спроведува врз основа на годишна програма што ја донесува министерството. Вонредниот инспекциски надзор се спроведува по службена должност, иницијатива на граѓани, надлежен орган, други органи и организации и други правни лица, кога постои интерес на граѓанинот, интерес на трети лица или општ интерес. Контролниот инспекциски надзор се спроведува по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт донесен од страна на инспекторот.
При спроведување на инспекцискиот надзор инспекторот е овластен:

- со решение да забрани установата за социјална заштита и другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита да спроведуваат мерки и преземаат работи кои се во спротивност со закон;
- да поднесе кривична пријава за сторено крвивично дело, да покрене постапка за поведување на прекршочна постапка или иницијатива за покренување на дисциплинска постапка ако најде докази дека со повредата на прописите е сторено кривично дело, прекршок или потешка повреда на службената должност.

Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита, согласно со Програмата за работа за 2008 година изврши редовен и контролен инспекциски надзор во 26 центри

за социјална работа и 4 Јавни установи при што се прегледани 3310 предмети на корисници и констатирани 1312 неправилности во работењето и определени мерки и рокови за нивно отстранување. Истата година постапувано е по 23 претставки на граѓани и други правни лица и извршени се исто толку вонредни инспекциски надзори.
Како ефект на постапување на Центрите за социјална работа и Јавните установи по определените мерки и нивно одстранување, во 2008 година се изрече обврска за корисниците за враќање на 10.323.589,00 денари, како неосновано примени средства и по основа на противправно користење на права од социјална заштита. Центрите за социјална работа преземаа мерки и активности за враќање на овие средства и надомест на штета по пат на склучување спогодба со корисниците или со поднесување тужба до надлежниот суд. Во наведениот период од страна на корисниците кои неосновано примиле средства по основа на противправно користење на право од социјална заштита, спогодбено се вратени 2.860.041,00 денари.

Секторот во периодот од јануари-декември 2009 година, спроведе редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори во 30 Центри за социјална работа и 12 јавни установи за социјална заштита. Инспекторите за социјална заштита при вршење на инспекциски надзор во центрите за социјална работа и јавните установи за социјална заштита констатираа неправилности во примената на важечките прописи. За отстранување на недостатоците и неправилностите центрите за социјална работа вршеа преиспитување на предметите на сите корисници каде се утврдени недостатоци и се донесени нови решенија и врз нивна основа се водат постапки за спогодбено враќање на неосновано примени средства од корисниците или се поднесува тужба за надомест на штета од корисникот. Како резултат од ова се јавуваат ефекти во намален број за 1436 корисници по разни основи за овој период. Исто така како ефект од наведениот намален број на корисници и склучените спогодби се изврши и враќање на средства во износ од 2.622.447,00 денари. Од утврдените неправилности во примената на важечките описи, инспекторите за социјална заштита поднесоа иницијативи до директорите за покренување на дисциплинска постапка против 62 стручни работници во 12 центри за социјална работа и 1 јавна установа за социјална заштита по кои е постапено од страна на директорите и се изречени дисциплински мерки.

Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита, согласно со Програмата за работа за 2010 година изврши редовен и контролен инспекциски надзор во 29 центри за социјална работа и во 11 установи за социјална заштита. Спроведен е вонреден инспекциски надзор во 21 субјекти на надзор.
Во 2010 година при инспекцискиот надзор прегледани се вкупно 6034 предмети на корисници на право од социјална заштита, при што за утврдените неправилности во работењето определени се мерки и рокови за нивно отстранување. Поднесени се иницијативи до директорите на јавните установи за покренување на дисциплинска постапка за утврдени неправилности во работењето за 156 стручни работници и раководители на одделенија во установите.

Во текот на 2011, спроведени се редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори во 29 центри за социјална работа и 11 јавни установи за социјална заштита, со цел следење и оцена на примената и спроведувањето на Законот за социјалната заштита, Законот за семејството, кривично правните прописи и другите закони, како и подзаконските акти од оваа област. Воедно Секторот за 2011 година, спроведуваше контолен инспекциски надзор, односно надзор над спроведувањето на изречените мерки при претходно извршен надзор. Постапувајќи по определените мерки за отстранување на утврдените неправилности во примената на важечките прописи, центрите за социјална работа, спроведоа постапка за преиспитување на корисниците на правата од социјалната заштита. Како ефект на преиспитувањето на корисниците и постапувањето по определените мерки од страна на инспекторите, во 2011 година се изрече обврска за корисниците за враќање на 9.827.226,00 денари, како неосновано примени средства и по основа на противправно користење на права од социјална заштита. Центрите за социјална работа преземаа мерки и активности за враќање на овие средства и надомест на штета по пат на склучување спогодба со корисниците или со поднесување тужба до надлежниот суд. Во наведениот период од страна на корисниците кои неосновано примиле средства по основа на противправно користење на право од социјална заштита, спогодбено се вратени 1.486.806,00 денари.

Во вршењето на инспекциски надзор во мал број на случаи констатирано е и неосновано одбивање на поднесени барања за остварување на право од социјална заштита од страна на центрите за социјална работа, за што инспекторите определуваа мерки по кои центрите за социјална работа постапуваа.

Во системот на социјалната заштита, сметано од 2004 година се изгради систем на соработка и вршење на одредени јавни услуги од страна на **невладиниот сектор**. Воспоставен е регистар на невладини здруженија кои ги исполнуваат законските услови за добивање на статус на здружение кое се бави со обезбедување на услуги од социјална заштита за граѓаните. Тенденцијата за подржување и развивање на плурализацијата во обезбедувањето на социјалните услуги од различни даватели се проширува сметано од 2009 година со давање можност верските организации и религиозните групи да се вклучат во давањето на одредени социјални услуги.

Во делот на **процесот на децентрализација**, реформите се насочени кон сè поголемо зголемување на надлежностите на општините. Со оглед на тоа дека дејноста на социјалната заштита е од јавен интерес, во Законот е предвидено преземање мерки преку кои се остварува: социјална превенција, вонинституционална и институционална заштита и материјално обезбедување на корисниците на социјалната заштита. Како носители на социјалната заштита се утврдуваат Републиката, општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје, во рамките на нивните надлежности утврдени со овој закон. Како новина е утврдена можноста општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје со своја одлука, а во согласност со своите материјални можности, да утврдуваат и други права во областа на социјалната заштита, во поголем обем од обемот на правата утврдени со овој

закон и поповолни услови за нивно остварување, како и други облици на социјална заштита. Општините се должни да изготвуваат програма за социјалната заштита за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, во насока на организирање на социјалната заштита за најраливите категории на граѓани од своето подрачје, како што се лицата со телесна попреченост, децата без родители и родителска грижа, децата со телесна или ментална попреченост, децата на улица-улични деца, децата со воспитно-социјални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата изложени на социјален ризик, лицата кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци и алкохол, старите лица без семејна грижа, преку организирање на вонинстутуционални и институционални облици на социјална заштита, домување за лицата изложени на социјален ризик и подигање на свеста на населението за потребите од обезбедување на социјална заштита.
Во текот на 2011 година, направени се измени и дополнување на Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" број 36/11 и 51/11) со цел да се обезбеди поголема **социјална вклученост** на потполно слепите лица, лицата со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, коишто без помош на инвалидска количка не може да ги задоволат основните животни потреби и за лицата со 100% телесена попреченост. За овие лица се предвиде посебен паричен надоместок во висина од 7000 денари, со цел да се овозможи нивна поголема мобилност, а со тоа и достапност до услугите. За време на болничко лекување, овие лица имаат право на придружник, а трошоците за престој во јавна здравствена установа на придружникот се на товар на Министерството за труд и социјална политика.

Во насока на создавање на услови за непречен процес на редовно студирање и стручно усовршување на прв и втор циклус на студии, како и докторски студии на јавните високообразовни установи, за лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, по напуштање на установата или згрижувачкото семејство, со измените и дополнувањето на Законот за социјална заштита, утврдено е ново право на парична помош во висина соодветна за непречено завршување на образовниот процес.

Со Законот за социјалната заштита, е уредено дека со подзаконски акти ќе се пропише утврдувањето на состојбата на приходите, имотот и имотните права за остварување на правото на социјална парична помош, постојана парична помош, правото на парична помош на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа. За имплементација на ова законско решение се донесени следните акти:

- Правилник за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот, имотните права и потребната документација за остварување на правото на парична помош на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа („Службен весник на Република Македонија" бр. 122/09);

- Правилник за начинот за остварување на правото на постојана парична помош („Службен весник на Република Македонија“ 146/09, 59/2011 и 123/11 и 64/12);
- Правилник за начинот на остварување и користење на правото на социјална парична помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 146/09, 59/2011, 123/11,139/11, 35/12, 62/12 и 116/12);
- Правилник за начинот на остварување на правото на еднократна парична помош и потребната документација за остварување на ова право („Службен весник на Република Македонија “ бр.122/09);
- Правилник за начинот на остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице („Службен весник на Република Македонија“ бр.122/09 и 36/12).

За целосна имплементација на одредбите за остварување на право на парична помош од социјалната заштита, донесени се и:

- Правилник за критериумите за избор на згрижувачко семејство, видот и бројот на корисниците кои можат да се сместат во едно згрижувачко семејство и видот и обемот на услугите од социјална заштита што му се обезбедуваат на семејното лице („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2010);
- Правилник за начинот на остварување на правотот на парична помош за социјално домување за лице до 18-годишна возраст кое имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2010);
- Правилник за поблиските услови за стандардите во поглед на потребен простор, опрема и стручен кадар, нивото на поддршка, начинот и програмата за остварување на поддршката за самостојно живеење во станбена единица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/09);
- Правилник за начинот на водење и содржина на евиденцијата за корисниците на правата од социјална заштита и документацијата за стручната работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/11);
- Правилник за начинот и постапката за издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на стручните лица во установите за социјална заштита, висината на трошокот за издавање на лиценца, формата, содржината и образецот на лиценцата за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/12);
- Правилник за начинот, видот и бројот на стручните лица за давање на грижа за сместените лица, просторните услови и опремата за живеење во мал групен дом.

Развојот на социјалните служби во заедницата, како алтернатива за институциите за долгорочен престој е од суштинско значење за постигнување вистинска социјална вклученост на лицата со попреченост во менталниот развој на локално ниво. Промовирањето на социјалната вклученост и почитувањето на човековите права се една од основните компоненти за членството во Европската унија.

Тргнувајки од овие принципи, како и од досегашните позитивни резултати од вонинституционалните форми на заштита, Министерството за труд и социјална политика ја утврди потребата од донесување и развивање на стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита. Во таа насока Владата на РМ донесе **Национална стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита (2008-2018)**.

Основната цел на оваа стратегија е подигање на квалитетот на услугите од социјална заштита и создавање услови за приближување на услугите до корисниците на локално ниво. Оваа цел ќе се постигне преку развој на постојните и воспоставување на нови вонинституционални форми на заштита и преку трансформација на постојниот систем на институционална заштита.

Во Република Македонија, процесот на **деинституционализација** се спроведува преку воспоставени форми на вонинституционална заштита, дневни центри и развивање на сервисни услуги, подобрување на згрижувањето на лица во згрижувачки семејства и пристапност на услугите во местото на живеење на корисниците. Процесот на деинституционализација на лицата со попреченост во менталниот развој е отпочнат во 2008 година со поддршка на Иницијативата за здравство на Институтот Отворено општество од Будимпешта, Унгарија (MHI Open Society Mental Health Initiative Budapest). Услугата од вонинституционалната форма на заштита-организирано живеење со поддршка ја спроведува НВО Центар за помош на лица со ментален хендикеп „Порака Неготино„ од Неготино. Заклучно со 2011 година отворени се две Служби за поддршка на домувањето во заедницата (Скопје и Неготино/Демир Капија), односно отворени се 16 станбени единици во кои се сместени 64 корисници.

| **Служба за подршка на домувањето во заедницата** | **Година** | **Број на станбени единици** | **Број на корисници** |
|---|---|---|---|
| Неготино-Демир Капија | 2008 | 1 | 4 |
| | 2009 | 7 | 29 |
| | 2010 | - | - |
| | 2011 | - | - |
| Скопје | 2008 | - | - |
| | 2009 | - | - |
| | 2010 | 6 | 24 |
| | 2011 | 2 | 7 |

Извор: МТСП

Со цел поефикасно спроведување на процесот и олеснување на интеграцијата на корисниците сместени во станбени единици, Одделението за деинституционализација при Министерството за труд и социјална политика спроведе Програма за психо-социјална поддршка на лицата со попреченост во менталниот развој во периодот 2010/2011 година.

Владата на Република Македонија на 13.07.2010 год. усвои **Национална стратегија за стари лица 2010-2020 година** чија мисија е да создаде една интегрална и координирана политика за заштита на старите лица насочена кон подобрување на квалитетот на нивниот живот, нивниот социјален и економски статус, зајакнување на општествената кохезија, поттикнување и оддржување на нивната независност, спречување на нивната маргинализација и развивање и зајакнување на системот на социјална и здравствена заштита. Исполнувањето на мисијата ќе биде остварено преку имплементција на Оперативниот план за реализација на мерките предвидени во текстот на Стратегијата од страна на сите субјекти вклучени во реализација на истата. Оперативниот план за спроведување на Стратегијата претставува сѐопфатен документ за имплементирање на истата и истиот ќе се донесува на годишно ниво, односно секоја година со јасно дефинирани конкретни активности и мерки за постигнување на предвидените цели и насоки и тоа: ОП за 2012 година; ОП за 2013 година; ОП за 2014 година; ОП за 2015 година, итн. Ресорните министерства подготвија Оперативни планови за 2012 година за реализација на мерките предвидени во Стратегијата и истите Министерството за труд и социјална политика ги инкорпорираше во еден интегрален Оперативен план за 2012 година за спроведување на Стратегијата. Исто така, за успешно спроведување на Националната стратегија за стари лица од страна на Владата на Република Македонија формирано е Национално координативно тело за следење и евалуација на имплементацијата на Стратегијата. Во Коодинативно тело членуваат претставници на сите релевантни министерства и институции. Спроведувањето на Стратегијата бара целосна соработка меѓу министерствата и институциите во системот, соработка на државните институции и соработка меѓу државната и локалната власт. Координативното тело по потреба може да вклучи членови од други министерства, институции, организации и здруженија.

Последните години, исто така, интезивно се работи и на развивање на вонституционални форми за грижа и помош за **старите лица** и тоа во законски предвидените форми: услуги за дневно и привремено згрижување за старите лица, домашна нега, обезбедување финансиска помош за стари лица постари од 65 години кои се неспособни за работа, материјално необезбедени, немаат имот и имотно право од кое можат да обезбедат приход и не можат да обезбедат издршка врз основа на Законот за семејство, согласно Законот за социјална заштита, можат да остварат право на постојана парична помош. По однос на конкретното барање на Комитетот за социјални права да се наведе износот на помошта која е исплатена на старите лица[27], информираме дека од вкупниот број на стари лица над 65 годишна возраст, 8,22% остваруват право на постојана парична помош во рамките на системот за социјална заштита. Со ова право во 2009 година биле опфатени 2010 стари лица. Висината на постојаната парична помош е иста за сите корисници на ова право. Исто така, старите лица можат да го остварат и правото на Еднократна парична помош и Помош во натура. Ова право се обезбедува за лица кои се нашле во состојба на социјален ризик. Во оваа категорија корисници има и стари лица. Оваа помош се обезбедува за лице/семејство кое се нашло во ризик кој предизвикува трајни

[27] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 25

последици (земјотрес, поплава, пожар, потреба од оперативен зафат или подолго лекување, помош при нужно сместување). Висината на оваа помош се движи од 4.500 денари до 30.000 денари, во зависност од социјалниот ризик во кој ќе се најде корисникот.

Во последните години Министерството за труд и социјална политика и Заводот за социјални дејности работеа на развивање на вонинституционални форми за социјална заштита на старите лица. Покрај дневниот центар за стари лица во Чашка, кој е организациона единица на Центарот за социјална работа Велес, во последните три години Министерството и Заводот работеа на отварање на уште 3 нови дневни центри и тоа: во Богомила општина Чашка каде што околу 250 корисници секојдневно го минуваат своето слободното време преку организиран начин на живеење, додека за триесетина изнемоштени лица обезбеден е по еден топол оброк во текот на денот; во Самоков општина Македонски Брод и во Бучин општина Крушево.

Министерството за труд и социјална политика дава отворена поддршка на сите НВО и општини кои се подготвени да го развиваат овој домен на вонинституционална заштита на стари лица. Врз основа на оваа поддршка на министерството, во соработка со Градот Скопје и Црвениот крст на Градот Скопје на 10.06.2012 година беа отворени Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови во Скопје во општина Центар и општина Чаир коишто преставуваат значајна појдовна точка за развивање на стабилни вонинституционални капацитети за заштита на стари лица на локално ниво. На тој начин се настојува да се зголеми достапноста на ресурсите и услугите до старите лица, онаму каде што тие живеат. Корисници на услугите на Дневниот центар за стари лица и Центарот за давање помош во домашни услови, ќе бидат старите лица кои живеат на подрачјето на општините Центар, Кисела Вода, Шуто Оризари, Чаир и Бутел.

До крајот на 2012 година се предвидува отварање на уште еден дневен центар за стари лица во општина Вевчани.

Во изминатиот период направени се големи напори за проширување на националните институционални и вонинституционални форми на грижа за старите лица. Министерството за труд и социјална политика, ги повика сите домови за стари лица, кои претходно работеа како трговски друштва да се лиценцираат како установи за социјална заштита на стари лица, бидејќи тоа е единствената законска основа за нивно постоење. Со тоа покрај четирите домови за институционално сместување на стари лица, националните капацитети во моментот се зголемија за уште 13 приватни лиценцирани установи за социјална заштита на стари лица. Со овој чекор на Министерството за труд и социјална политика, се зголемија националните капацитети за 375 легла за сместување на стари лица, а истовремено се започна со гарантирање на минимум стандарди во институционалните капацитети за сместување на стари лица. Новолиценцираните приватни установи за социјална заштита се со помали капацитети отколку постоечките масовни институции, со што е добиен поголем степен на хуманизација на условите за живот на старите лица.

Постоечките 4 државни домови, преку сопствени иницијативи како и со помош и поддршка од надлежните институции ги подобруваат условите за сместување во своите установи, преку реконструкција на објектите, проширување на сместувачките

капацитети, набавка на нова опрема за работа и.т.н. согласно „Правилникот за нормативите и стандардите за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита за стари лица" ("Сл. Весник на РМ" бр. 10/2005).
Заводот за социјални дејности, како јавна установа настојува да ги подигне капацитетите на стручните работници во институциите за социјална заштита на стари лица, со цел да ја унапреди стручната работа со корисниците, преку надзорот и обуки за користење нови техники и методи во работата со стари лица.
На почетокот на 2012 година се изгради нов објект на Домот за стари лица "Сју Рајдер"во Битола. Во домот моментно претстојуваат над 140 стари лица, а со изграбата на новиот старски дом, капацитетот ќе се зголеми на 190 легла. Новиот старски дом во Битола ќе биде изграден по најмодерни европски стандарди и ќе ги има сите услови за пристоен живот.
Подобрени се условите во Домот за стари лица во Куманово, исто така зголемени се сместувачките капацитети за уште десет легла и сега тој изнесува 175 легла. Исто така, подобрени се условите и во Домот за стари во Прилеп: при што е извршена комплетна реконструкција на канализационата и водоводната мрежа, поставување на нови плочки и санитарии.

Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, ја прошири **мрежата на дневни центри за деца на улица** во Република Македонија преку отварање на Дневен центар за деца на улица во Битола (септември 2010) и транзитен центар за деца на улица во Охрид. Исто така, во рамките на овој Проект развиена е Програма за континуирана обука на вработените кои работат во Дневните центри за деца на улица и зајакнати се капацитетите на 30 стручни работници од ЦСР од општините Битола, Прилеп, Скопје, Куманово и Охрид.
Во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија реализиран е проектот "Тематски состаноци на Локалните совети за превенција за безбедносните прашања на Ромите", каде во фокусот на Проектот се ставени децата на улица, кои се потенцијални жртви на трговија со луѓе, жртви на различни видови злоупотреба (физичка, психичка, сексуална) и истите се многу често изложени на ризик од злоупотреба на droги и други психотропни супстанци. Со Проектот, одржани се средби во 17 општини во Република Македонија, каде проблемот со децата на улица е најголем. На сите состаноци беа присутни Градоначалниците на Општините, претставниците на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за правда - Управа за водење на матичната евиденција, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното обвинителство, претставници на Здруженија на граѓани и верски организации. Сите претставници го анализираат проблемот од својот домен и даваат предлози за надминување на истиот, со што ќе се подобри заштита на децата од улица.
Во насока на подобра социјална заштита на децата од улица се реализираше проект, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија, насловен како "Деца на улица и борба против трговија со луѓе". Со проектот подготвена е Програма за патролна социјална работа (како нова форма на работа). Истата прачктично е тестирана на терен и зајакнати се капацитетите на 60 стручни работници од 30

центри за социјална работа за имплементација на истата. Програмата во моментот се спроведува во три пилот општини во Скопје.
Заради обезбедување на изводи од матичната книга на родени, за оние деца кои не се запишани во неа, формирана е оперативна работна група, во која членуваат претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда -Управа за водење на матичната евиденција, на која се разгледуваат доставените списоци со деца од страна на центрите за социјална работа, и се прават напори за идентификација на овие деца и нивно евидентирање во матичната книга на родени.

Со цел воспоставување на координиран систем за помош и поддршка на лицата – жртви на **семејно насилство**, Владата на Република Макединија донесе Национална стратегија за семејно насилство 2008-2011 година. За следење на имплементацијата на активностите и мерките од овој документ, формирано е интерсекторско Национално тело. Голем дел од активностите од Стратегијата се спроведоа во соработка со УН агенциите согласно Заедничкиот проект „Јакнење на националните капацитети за заштита од семејно насилство.
Со цел зајакнување на капацитетите на стручните лица, реализирани се следните обуки во 2010 година и тоа:

- Обука за професионалните структури, со цел претставување на моделот Марак од Велика Британија, односно програма за јакнење на капацитетите на Министерството за внатрешни работи и локалната власт во 6 општини. Учесници: центри за социјална работа, здравствени установи, воспитно-образовни установи, локалната самоуправа и граѓански организации. Обучени: 159 професионалци;
- Психо-социјална обука за професионалните структури за работа со жртви на семејно насилство од 25 центри за социјална работа (ЦСР) и Агенцијата за вработување на Република Македонија. Обучени:76 професионалци;
- Тренинг за тренери за психосоцијална поддршка на жртви на семејно насилство. Учесници: професионални структури од ЦСР Скопје, Завод за социјални дејности и Завод за ментално здравје. Обучени:17 професионалци;
- Обука „Психо – социјална поддршка на жртвите на семејно насилство„. Истата се организираше во 25 ЦСР. Учесници: пријавени жртви на семејно насилство во ЦСР. Обучени:101 жртва на семејно насилство;
- Обука „Работа во советувалиште за деца и мајки жртви на семејно насилство „Учесници: професионалци од ЦСР, Завод за социјални дејности и Завод за ментално здравје. Обучени: 15 професионалци;
- Обука за стандардите на Центрите за социјална работа во постапувањето со жртви на семејно насилство и обезбедување правна помош, со цел да се унапреди примената на тие стандарди и да се даде можност да се разменат искуства и практични примери во давањето правна помош на оваа категорија на корисници. Учесници: професионалци од ЦСР. Обучени: 30 професионалци;
- Обука „Работа со сторители на семејно насилство” Учесници: членови на Националното координативно тело, професионалци од ЦСР, полиција, здравствени установи;

- Обука „Мониторинг и евалуација на Националната стратегија за заштита од семејно насилство базирана на родовиот концепт„ за членовите на Националното координативно тело за заштита од семејно насилство.

Во соработка со УНИЦЕФ отворено е Советувалиште за родители и деца, жртви на семејно насилство во ОУ Коле Неделковски. За потребите на советувалиштето подготвена е Програма за работа на советувалиштето и Стандари за работа на советувалиштето од страна на меѓународен експерт. Ова советувалиште претставува Организациона единица на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје.
Од страна на Националното координативно тело усвоен е Заеднички Протокол за постапување во случај на семејно насилство.
Во 2010 година се реализираше кампања за подигнување на јавната свест за семејно насилство под мотото: "Јас имам храброст и сила да му кажам не на насилството. Можеш и ти!". Концептот на кампањата беше пренесување на порака до жртвите на семејно насилство од страна на успешни жени. Беше изготвен спот кој се емитуваше на сите национални ТВ и радио станици и беа подготвени брошури, флаери и билборди на македонски јазик, албански, турски и ромски јазик. Беа испечатени 100.000 брошури и 7.000 постери.

Во октомври 2010 година беше усвоена **Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020**, документ во кој се предвидени мерки и активности за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку подобро користење на расположливите човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот и работа на граѓаните, системско и институционално содејство во функција на побрз развој, повисок стандард и поквалитетно живеење. Подготовката на Стратегијата е резултат на еден широк процес на консултации меѓу релевантните институции на национално и локално ниво, невладиниот сектор, социјалните партнери, академски професори и експерти од областа, како и ранливите социјални категории на население. Во рамките на овој процес формирана е Македонската Платформа против сиромаштија (МППС), како сојуз во кој моментално членуваат 35 граѓански организации. Оваа платформа активно беше вклучена и во одбележувањето на Европската 2010 година за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост. Во тек е Ревидирање на Националната Стратегија за борба против сиромаштија и социјална исклученост 2010-2020 година согласно препораките ЕУ2020 по што ќе следи изработка на Оперативниот план за 2013 година. Кон крајот на 2010 година отпочната е јавна кампања под наслов „Наместо сиромаштија – Имаштија" за борба против сиромаштијата и социјалната исклученост, организирана од страна на Македонската платформа и Министерството за труд и социјална политика, како партнер во активностите за подигнување на свеста кај сите актери за постоење на проблемите и изнаоѓање на решенија за искоренување на сиромаштијата.
Исто така, реализиран е проектот "Социјално вклучување и човекови права во Република Македонија", финансиски поддржан од Австриската развојна агенција, кој има за цел да ги поддржи процесите на социјалната инклузија вклучувајќи и

имплементација на предвидени мерки и активности во Националната стратегија за намалување на сиромаштијата. Преку овој проект се реализираат активности за пилотирање на микропроекти од областа на социјалното вклучување во 8 избрани партнер општини. Преку овој проект во 8-те избрани партнер општини: Студеничани, Чашка, Липково, Неготино, Берово, Пехчево, Радовиш и Конче, се подготвија и се усвоија Локални стратегии за социјална инклузија, социјална заштита и намалување сиромаштија. Дел од активностите на проектот се финансирање на пилот микропроекти во партнер општините, од областа на социјалното вклучување, кои таргетираат приоритети од Локалните стратегии.

Во рамките на активностите на проектот се формираше Македонската платформа против сиромаштија, која претставува мрежа на невладини организации и здруженија кои дејствуваат на полето на социјалната инклузија. Во моментов, во неа членуваат 69 организации. Во реализацијата на проектот ко-финансираат и Министерството за труд и социјална политика, како и селектираните партнер – општини.

Со цел за зајакнување на Националниот механизам за следење на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020, во 2012 година е формиран **Совет за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост** во кој членуваат ресорни министри, како и Национална Оперативна Група за намалување на сиромаштија и социјална исклученост во која учествуваат лица кои директно работат на програми од областа на социјалното вклучување.

Република Македонија стратешки го планира реформирањето на социјалната заштита, со донесување на **Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021** година во септември 2009 година од страна на Владата на Република Македонија. Основна цел на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој треба да обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги дизајнирани според потребите на корисниците на локално ниво. Во таа насока, предвидени се мерки и активности за унапредување на системот на социјална заштита во неколку клучни области:

- редизајнирање и зајакнување на структурата на системот на социјална заштита со цел за воспоставување на поефикасен систем на заштита и вмрежување со другите релевантни системи (пазар на труд, образование, здравство) во остварување на социјалната заштита;
- подобрување на организацијата на работата во установите за социјална заштита и зајакнување на капацитетите на установите за социјална заштита, преку подобрување на пристапите, формите, интервенциите и техниките за стручна работа во установите за социјална заштита, како и спроведување на континуирано професионално образование на стручните кадри во установите за социјална заштита;
- продолжување на процесот на децентрализација и јакнење на социјалните функции на општините;
- зајакнување и развивање на мерките, активностите и формите на социјалните услуги кои ги обезбедува државата;

- воведување на јавно-приватно партнерство во креирање и имплементација на политики од областа на социјалната заштита.

Согласно оваа Програма, плуралната социјална заштита треба да се развива преку примена на различни облици на мрежна соработка и почитување на принципите на доброто управување, со почитување на начелата на:

- владеење на правото;
- транспарентност;
- одговорност и отчетност;
- предвидливост и одржливост;
- континуираност;
- ефективност;
- ефикасност;
- пристапност и достапност;
- партиципација;
- еднаков третман; и
- недискриминација.

Министерството за труд и социјална политика како главен носител на реформата започна со реализација на активности за воспоставување на структуирани и оперативни партнерски односи со релевантните актери за реализација на Програмата. Во таа насока во министерството се воспоставија механизми за координација на стратешките активности, договарање и соработка. Имено, во почетокот на 2011 година беше формирано Координативно тело за следење и евалуација на имплементацијата на Програмата, во кое членуваат претставници од: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, Министерството за финансии, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Установите за социјална заштита, Заводот за социјални дејности, Институтот за социјална работа и социјална политика и невладини организации.

Заради успешна реализација на целите предвидени со Програмата, Координативното тело за следење на имплементацијата на Програмата, донесе **Оперативен план за 2011 година**, во кој се утврдени мерките, рокови за нивна имплементација, надлежните институции како и потребните средства за имплементација на истите. Оперативниот план за 2011 година се насочи кон спроведување на мерки и активности, пред сè во делот за остварување на целта за унапредување на капацитетите на центрите за социјална работа, развојот на социјалната заштита, зајакнување на надзорот во системот на социјалната заштита, зајакнување на превенцијата, развивање на советувалишна и советодавна работа, зајакнување на мрежната соработка меѓу релевантните институции на локално ниво и развивање на формите на институционална и вонинституционална заштита.

Координативно тело за следење и евалуација на имплементацијата на Програмата, усвои ивештај за спроведувањето на Оперативниот план за 2011 година и истиот го достави до Владата на Република Македонија.

Во текот на 2012 година, во рамките на активностите за спроведување на Оперативниот план за ова година, се спроведува длабинска анализа на состојбите и капацитетите на локално ниво и зајакнување на општинските капацитети за вршења на социјални услуги за граѓаните од своето подрачје, во четири пилот општини.

**Член 13§2**
Со цел обезбедување ефективна примена на правото на социјална и медицинска помош, страните се обврзуваат да обезбедат, лицата кои користат таква помош, да не им бидат од таа причина намалени политичките или социјалните права.

Согласно извршената анализа и утврдените потреби, а имајќи го во предвид и фактот дека во Република Македонија не постоеше една заокружена легислативна рамка која би обезбедила заштита на правата на граѓаните од дискриминација по разни основи и со кој би биле регулирани најбитните аспекти во оваа област, во текот на 2008 година отпочнаа активностите околу изготвувањето на предлог текст на еден посебен рамковен Закон за превенција и заштита од дискриминација. За таа цел беше формирана и посебна работна група составена од претставници од релевантните институции, како и од невладиниот сектор.
Резултатот од горенаведените активности беше донесувањето на **Законот за спречување и заштита од дискриминација** од страна на Собранието на Република Македонија на 8 април 2010 година (објавен во „Службен весник на РМ“, бр.50/2010 од 13.04.2010).
Со донесувањето на овој Закон се обезбеди усогласување со законодавството на Европската унија и другите меѓународни прописи кои ги уредуваат прашањата во врска со спречувањето и заштита од дискриминација. Концептот и содржината на Законот се базирани на меѓународните норми и стандарди содржани во повеќето меѓународни документи усвоени од страна на ООН, Европската унија, Советот на Европа, како и на Уставот на Република Македонија, коишто се основа за дефинирање на обезбедување на механизам на мерки и активности за правна заштита во случај на појава на дискриминација.
При подготовката на Законот користени се и искуствата од компаративниот преглед на регулативата од другите земји во кои се донесени и во кои се во сила вакви закони.
Овој Закон обезбедува спречување и заштита од дискриминација во остварувањето на правата загарантирани со Уставот, со закон и со ратификуваните меѓународни договори. Тој забранува секаква директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или било која друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор
Овој закон се применува во областа на работата и работните односи; образованието, науката и спортот; социјалната сигурност, вклучувајќи го тука и подрачјето на социјална заштита, пензиското и инвалидско осигурување, здравствено осигурување

и здравствена заштита; потоа во областа на правосудството и управата; домувањето; јавното информирање и медиумите; пристапот до добра и услуги; културата; членувањето и дејствувањето во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство и во други области определени со закон.
Во Законот се дефинирани поимот на дискриминација и поимот на лице, при што дефиницијата на поимите произлегува од Директивите на ЕУ 2000/43//ЕЗ и 2000/78//ЕЗ. Законот ги утврдува облиците на дискриминација притоа конкретизирајќи ги одредбите кои се однесуваат на директна и индиректна дискриминација, вознемирување, дискриминација на лица со ментална и телесна попреченост и потешки облици на дискриминација, како и исклучоците од дискриминација.

Земајќи ги во предвид искуствата од другите земји каде што се донесени антидискриминаторски закони, кои укажуваат на потребата од постоење на самостоен и независен орган што ќе ја обезбедува правната заштита на жртвите на дискриминација, Законот за спречување и заштита од дискриминација утврдува посебен самостоен и независен орган - Комисија за заштита од дискриминација, со својство на правно лице, составена од 7 членови што ги именува Собранието на Република Македонија.
Согласно Законот, Комисијата постапува по претставки поднесени од физички и правни лица, дава препораки и мислења за конкретни случаи на дискриминација, ги информира подносителите на претставките за нивните права и можности за покренување на судска или друга постапка за заштита, покренува иницијатива за поведување на постапка пред надлежните органи поради сторени повреди, го следи спроведувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, дава препораки на државните органи за преземање на мерки за остварување на еднаквоста, дава мислења по предлози на закони релевантни за заштитата од дискриминација, ја информира јавноста и превзема активности за промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминација.

Во Законот за спречување и заштита од дискриминација, постои посебна глава со која се забранува дискриминацијата на лица со ментална и телесна попреченост, каде под дискриминација на лица со ментална и телесна попреченост се подразбира намерно оневозможување или отежнат пристап до здравствена заштита, односно ускратување на правата на здравствена заштита, редовен медицински третман и лекови, рехабилитациони средства и мерки во согласност со нивните потреби, ускратување на правото на брак и создавање на семејство и други права од областа на бракот и семејните односи, ускратување на правото на образование, на работа и правата од работниот однос. Пропишано е дека дискриминација на лица со ментална и телесна попреченост постои и тогаш кога нема да се преземат мерки за отстранување на ограничувањата, односно прилагодување на инфраструктурата и просторот, користење на јавно достапни ресурси, или учество во јавниот и општествениот живот

Исто така, Законот образложува дека дискриминацијата во обезбедување на добра и услуги ќе значи оневозможување или ограничување на користењето на добра и услуги на лице или група на лица.

Законот предвидува и случаи кои нема да се сметаат за дискриминаторски:

- мерките кои се предвидуваат со закон, за поттикнување на вработувањето;
- различниот третман на лицата со инвалидитет во остварувањето на обука и добивањето образование, со цел задоволување на посебните образовни потреби заради изедначување на шансите;
- посебните мерки од кои имаат корист лицата или групите кои се во понеповолна положба настаната врз која било дискриминациска основа, со цел за изедначување на нивните можности, сé додека тие мерки се потребни;
- посебна заштита, предвидена со закон, на деца без родители, малолетници, самохрани родители и лица со инвалидитет, и друго.

Согласно Законот, секое лице кое смета дека претрпело дискриминација поднесува претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, писмено или усно на записник, без обврска за плаќање на такса и друг надоместок. Со претставката лицето поднесува докази и факти од кои може да се утврди актот или дејствието на дискриминација. Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од три месеци од денот кога била сторена повредата или најдоцна една година од дознавањето за актот на дискриминација, но Комисијата може да поведе постапка и по истекот на рокот доколку оцени дека се работи за случај од таква важност за кој би било неопходно и целисходно да се води постапката. Комисијата претставката ја доставува до лицето против кого е поднесена во рок од 15 дена од денот на приемот.
Комисијата постапува по претставката, освен доколку постапката пред судот за истата работа не е веќе поведена или правосилно завршена.
Комисијата дава мислење за наводната дискриминација во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на претставката и за тоа го известува поднесувачот и лицето против кое е поднесена претставката. Со писменото мислење, а по утврдената дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредите на правото. Лицето на кое препораката е упатена, е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката, како и за тоа да ја извести Комисијата. Ако лицето на кое препораката е упатена не постапи по препораката, односно не ја отстрани повредата на правото, Комисијата може да покрене иницијатива за поведување на постапка пред надлежен орган (суд) за утврдување на неговата одговорност.

Лицето кое смета дека поради дискриминација му е повредено некое право е овластено да поднесе тужба пред надлежен суд. Во постапката соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната, а самата постапка се смета за итна. Ако странката во судска постапка тврди дека согласно со одредбите на овој закон ѝ е повредено нејзиното право на еднакво постапување е должна да ги изнесе

сите факти и докази кои го оправдуваат нејзиното тврдење. Докажувањето дека немало дискриминација паѓа на товар на спротивната странка, но ваквите одредби не се применуваат доколку се работи за прекршочна и казнена постапка.

Законот за спречување и заштита од дискриминација содржи и прекршочни одредби, во кои меѓудругото се одредени и глоби во висина од 400 до 1000 евра во денарска противвредност.

Со **Законот за социјалната заштита** е пропишана забрана за директна или индиректна дискриминација по основа на пол, раса, боја на кожата, национална, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, онеспособеност и потекло во остварување на правата од социјалната заштита утврдени со овој закон. Се утврдуваат субјектите кои можат да направат повреда по основа на дискриминација, се уредува правото на барање заштита и надоместот на штета во случај на дискриминација, висината на оштетното побарување и товарот на докажување во случај на заведен спор.
Директна дискриминација, во смисла на законот, е секое постапување со кое барател или корисник на социјална заштита бил ставен во неповолна положба од другите корисници во споредбени случаи.
Индиректна дискриминација, постои кога определена навидум неутрална одредба, критериум или пракса го става барателот или корисникот на социјална заштита поради пол, раса, боја на кожата, национална, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, онеспособеност и потекло во неповолна положба во однос на другите корисници на права од социјалната заштита утврдени со законот, освен доколку се утврдени критериуми или практики кои се објективно оправдани со легитимна цел и средствата за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни.

Во случаите на дискриминација, барателот или корисникот на социјална заштита има право да бара заштита од надлежен орган.
Доколку во судска постапка се утврди дека со барателот или корисникот на социјална заштита е постапувано на дискриминирачки начин, барателот или корисникот на социјална заштита има право да бара надомест на штета од сторителот на дискриминацијата.
Ако барателот или корисникот на социјална заштита, во случај на спор изнесе факти дека е постапено на дискриминирачки начин, во тој случај обврската на докажувањето и произнесување по тие факти и наоди е на јавната установа за социјална заштита основана од Владата на Република Македонија, од соодветната општина, Градот Скопје и општините во градот Скопје, на приватната установа за социјална заштита основана од правно или физичко лице и на здружението на граѓани и физичкото лице кои вршат одредени работи од областа на социјалната заштита.

Со цел спроведување на одредбите од Законот за социјална заштита, Министерството за труд и социјална политика во септември 2011 година подготви

**Стратегија за интензивирање на социјалната инклузија на Ромите во системот на социјалната заштита во Репубика Македонија за период 2012-2014.**
Изготвувањето на оваа стратегија се базира на спроведена анализа за проблемите со кои се соочува ромската популација, како една од најранливите етнички заедници во Република Македонија, по основа на изложеност на социјални ризици. Анализата ги потенцираше проблемите на граѓаните од ромската заедница, особено следните:

- значителен дел од ромската заедница не ги познава правата и поради тоа не е во можностда ги користи правата од системот за социјална заштита;
- децата Роми претставуваат мнозинство од вкупниот број на деца на улица;
- постои голем број на малолетнички бракови кај ромската заедница;
- значителен број на граѓани Роми не поседуваат соодветна лична документација што го ограничува нивното вклучување во системот на социјалната заштита;
- постои недоволен капацитет на единиците за локална самоуправа за подготовка и имплементација на локални програми во областа на социјалната заштита.

Со Стратегијата за интензивирање на социјалната инклузија на Ромите во системот на социјалната заштита се поставени следните цели за подобрување на нивниот социо-економскиот статус и тоа преку:

- интензивна промоција и примена на превентивни мерки за намалување на бројот на граѓани Роми кои се вклучени долгорочно во системот на социјална заштита;
- развој на капацитети и програми за нудење на социјални услуги на ромската заедница на локално ниво;
- јакнење на процесот на вонинституционална заштита, развој на постојните и изнаоѓање на нови форми на вон институционална заштита;
- подобрување на квалитетот на услугите на институциите за Ромската заедница во рамките на институционалната заштита.

**Член 13§3**
Со цел обезбедување ефективна примена на правото на социјална и медицинска помош, страните се обврзуваат да обезбедат секое лице да може да добие совети од таков вид и лична помош, од соодветните јавни или приватни служби, кои би можеле да бидат неопходни за спречување, отстранување или намалување на личната или семејната потреба од помош.

Во системот на социјална заштита се поддржуваат активностите за подобрување на социјалната превенција и јакнење на капацитетите на стручните лица за обезбедување на советодавни услуги и лична помош. Во оваа насока се имплементираат мерките од Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021. Почнувајќи од 2010 година, континуирано се спроведува Програма за основна обука на стручните лица во установите за социјална заштита, во рамките на која особено се посветува внимание на обезбедување на стручна работа од советодавен карактер и пружање на лична помош на корисникот.

Во поглед на конкретното прашање од страна на Европскиот комитет за социјални права за уживање на еднаков третман на пристапот до услуги опфатени со овој став од страна на државјаните на другите земји потписнички кои што се законски жители или редовно работат во РМ[28], информираме дека правата од социјална заштита, вклучително и услугите наведени под овој став, се достапни и на странците со регулиран престој (привремен и постојан), кое прашање е уредено со член 15 од Законот за социјална заштита, како корисници на правата од овој закон.

Во Република Македонија се појави јасна потреба за специјализирани услуги со кои ќе се одговори на потребите на жените и децата кои биле изложени на насилство во нивните семејства. Овие услуги се дизајнирани со цел да се одговори на нивните потреби преку обезбедување на услуги на начин на кој тие ќе бидат најпристапни и најмалку наметливи за семејствата. Услугите ќе ги задоволуваат моменталните потреби на семејствата кои се соочуваат со одредени проблеми поврзани со семејното насилство, вклучително кризи, бездомништво и трауми. Доживеаното семејно насилство кај децата може да резултира во низа на социјални, емоционални и бихејвиорални предизвици и се смета дека влијанието од доживеаното насилство и трауми во животот на децата може понекогаш да резултира во постоење на сериозни проблеми во поведението.

Поради тоа, Министерството за труд и социјална политика во 2011 година отвори Советувалиште за родители и деца, со посебно внимание на специфичните потреби на децата кои се соочуваат со семејно насилство. Целта на овие услуги е, во прв ред,

[28] Европски комитет за социјални права, Заклучоци XIX-2 (2009), ("Република Македонија", членови 11, 12 и 13 од Повелбата, (Совет на Европа, јануари 2010), стр. 30

